**М-р Александар Атанасовски**

# ПИЈАНЕЦ ВО XIII И XIV ВЕК

М–р Александар Атанасовски
ПИЈАНЕЦ ВО XIII И XIV ВЕК

Издавач:
"Македонска ризница" – Куманово
Директор, Митко Станојковски

Рецензенти:
Проф. д–р Бранко Панов
Д–р Лидија Славеска

Техничко уредување, лектура и коректура:
Јован С. Стојановски

Компјутерска подготовка:
"Вест" – Скопје

Печати:
"Македонска ризница" – Куманово

Тираж:
500 примероци

М-р АЛЕКСАНДАР АТАНАСОВСКИ

# ПИЈАНЕЦ ВО XIII И XIV ВЕК

ИЗДАВА ПЕЧАТИ
МАКЕДОНСКА РИЗНИЦА

Куманово, 1996

CIP - Каталогизација во публикација
народна и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

949.717 Пијанец "12/13"

АТАНАСОВСКИ, Александар
Пијанец во XIII и XIV век / Александар Атанасовски. - Куманово : Македонска ризница, 1996 (Куманово : Македонска ризница). - 198 стр. ; 21 см

Тираж 500. - Фусноти кон текстот. -
Библиографија : стр 184 - 198.

ISBN 9989-50-000-6

Пијанец - Историја - 13-14в.

- Министерството за наука на Република Македонија.

# ВОВЕД

Во историски поглед, Пијанец досега не бил предмет на целосно проучување. Досегашните истражувачи (странски и македонски) историјата на овој македонски крај само бегло и попатно ја проучувале врз база на скудните извори. Притоа не биле вршени теренски истражувања потребни за дополнување на пишаните извори.

Константин Иречек е еден од првите истражувачи на Пијанец кој вршел теренски истражувања во овој крај во 1883 година. Своите значајни резултати ги изнел во делото "Княжевство България. Пѫтувания по България", објавено во Пловдив 1899 година. Од особено значење се неговите белешки за местоположбата на средновековните цркви и градишта во северниот дел на Пијанец. Недостатокот на неговото истражување е тоа што К. Иречек ги опфатил само селата на Пијанец што тогаш припаѓале на Кнежевството Бугарија. Тој се занимавал и со политичката историја на Пијанец, почнувајќи од неговото потпаѓање под српска власт 1282, до крајот на Ќустендилското кнежевство на Константин Дејанов 1395 година. Оваа политичка историја К. Иречек ја изнел во своите дела: "История на Българитѣ", објавено во Софија 1929 година и "Историја Срба" објавено во Белград 1952 год., во превод на Ј. Радониќ.

Во 1902 година во Белград излегла од печат докторската дисертација на Јован Хаџи-Васиљевиќ под наслов "Драгаш и Константин Дејановиќ и њихова држава". Во овој труд Хаџи-Васиљевиќ за прв пат специјално и опстојно ја проучил историјата на Пијанец во рамките на државата на браќата Јован Драгаш и Константин Дејанови.

Јордан Иванов, во капиталното дело "Сѣверна Македония" издадено во Софија 1906 година, опстојно се осврнал и на историјата на Пијанец во XIII и XIV век, при

што дал забележителни резултати за потеклото на името Пијанец, како и за историјата на овој македонски крај во периодот пред и за време на владеењето на браќата Дејанови. Кај овој сестран истражувач, посебно е ценето тоа што своите научни резултати ги базира не само врз расположливите словенски и турски извори, туку и врз народното творештво и теренските истражувања. Од особено значење се резултатите од теренските истражувања на северниот дел на Пијанец, што ги направил Јордан Захариев. Тој неколку пати престојувал во тој дел на Пијанец, ги посетил сите села и ги забележал остатоците од античкиот и средновековниот период. Неговите резултати ги објавил во студијата "Пиянец земя и население", во "Сборник за народни умотворения и народопис", Софија 1949 година. Овие свои истражувања не ги поткрепил со расположливите пишани извори.

За историјата на Пијанец во XIII и XIV век попатно пишувал и Радослав Грујиќ, кој главно ја истражувал местоположбата на имотите на Злетовската епископија, задржувајќи се притоа на имотите што се наоѓале во Пијанец. Тој ги лоцирал имотите на широк простор од двете страни на Брегалница, без нивна прецизна локација. Своите истражувања ги изнел во делото: "Епархиска властелинства у средновековној Србији", издадено во Белград 1932 година и "Скопска митрополија" издадено во Скопје 1935 год.

По него Миодраг Пурковиќ во делата "Попис цркава у Старој српској држави" издадено во Скопје 1938 год., и "Попис села у средновековној Србији" издадено во Скопје 1940 година ги наведува црквите "Св. Богородица" и "Св. Никола", како и селата: Киселица, Царево Село, Тработивиште и Котража што се наоѓаат во Пијанец. Притоа, М. Пурковиќ не се задржува на определувањето на нивната местоположба.

Со рударството во Пијанец се занимавал Тодор Кондев. Своите резултати ги изнел во трудот "Осогово", објавен

во Скопје 1966 год. Притоа, Т. Кондев врз база на податоците од теренот дошол до заклучок дека рудниците во с. Саса работеле и во XIII и XIV век.

Со местоположбата на имотите на Злетовската епископија во Пијанец се занимавала и Гордана Томовиќ. Своите резултати ги изнела во статијата "Повеља манастира Леснова" објавена во Историски Часопис, во Белград 1977 година. Таа успеала прецизно да ја лоцира црквата Св. Никола и поголем дел од имотите во Пијанец. За попрецизна убикација на имотите ѝ недостасуваат теренски истражувања и недоволното познавање на Пијанец. Во тој поглед многу понапред од Г. Томовиќ отишол Томо Томоски, кој вршел теренски истражувања во Пијанец и прв од сите истражувачи на оваа проблематика ги поврзал пишаните извори со резултатите од теренот. Тој прв утврдил дека во XIII век во Пијанец имал имоти и манастирот "Св. Георги Горг" кај Скопје. Овие имоти Томоски ги лоцирал на местото "Миро" во близина на с. Град, од каде го изведува името на селото Подмир. Исто така тој попрецизно ги лоцирал и имотите на Злетовската епископија во Пијанец, со исклучок само на неколку ниви и селиштето Котража. Своите резултати Т. Томоски ги изнел во статијата: "Морозвиждска епископија", објавена во Културно наследство, VII во Скопје 1978 година.

Во однос на паѓањето на Пијанец под српска власт кратко се соопштува во "Историја српског народа" том I, издадена во Белград 1981 год., како и кај Бранко Панов во статијата: "Српската хегемонија на Балканот и паѓањето на поголем дел на Македонија под српска власт (крај на XIII и средина на XIV век)", Средновековна Македонија, III, Скопје 1985 год.

Обид за прикажување на целокупната историја на Брегалничкиот Пијанец направиле Драган Арсовски и Димитар Христовски во монографијата "Делчево", издадена 1980 год., во Кочани. Притоа, тие се користеле од резултатите на

претходните истражувачи на историјата на Пијанец и ги презентирале нивните резултати. Во монографијата ја засегнале и историјата на Пијанец во XIII и XIV век. Од посебно значење е што ги даваат патиштата што минувале низ Пијанец и ја користат народната традиција.

Имајќи го предвид сето тоа, а користејќи се од доброто познавање на Пијанец бевме предизвикани да се зафатиме со целосно презентирање на историјата на Пијанец во XIII и XIV век, за што извршивме теренски истражувања на целиот простор на Брегалничкиот Пијанец, кои резултати се презентирани во овој труд. Притоа целта ни беше да ги прикажеме настаните поврзани со Пијанец во дадениот период. За северниот дел на Пијанец се користиме со резултатите на К. Иречек, Ј. Иванов и Ј. Захариев, бидејќи таму не бевме во состојба да вршиме теренски истражувања.

**Глава прва**

## МЕСТОПОЛОЖБА

Пијанец се наоѓа во североисточниот дел на Македонија расположен во горниот дел на реката Брегалница и долината на реката Елешница, од исток допирајќи до реката Струма и од Малешевските Планини до Руен на Осоговските Планини и Кадин Мост кај Ќустендил.[1] Расположен на овој простор Пијанец преку долината на р. Брегалница се поврзувал со долината на реката Вардар, а оттаму со Егејското Море. Од друга страна, пак, преку реките Елешница и Струма се поврзува со Егејското Море на југ, а на север преку патот од Велбужд (Ќустендил) за Софија со централна Бугарија и Црно Море.

Територијата на која се простира Пијанец е богата со извори и водени текови. Најголеми реки во Пијанец се Брегалница и Елешница, кои ги собираат водите од Осоговските планини, како и од Влаина.[2] Овие планини се одликуваат со благи и проодни падини погодни за сточарство, замјоделство и лов, а реките за риболов. Овие планини изобилуваат и со рудни богатства кои биле експлоатирани од Сасите во XIII и XIV век.

Преку територијата на Пијанец минувале или таму се вкрстувале повеќе патишта кои постоеле уште во античко време, а биле користени и во XIII и XIV век.

Најважен пат што минувал преку Пијанец бил патот по Брегалница што ги поврзувал Стоби, Астибо и Пауталија т.е.

---

1. Й.Захариев, Пиянец, земя и население. Сборник на народни умотворения и народопис. Кн.XLV. София 1949.6;7-8; М.Панов - Г.Милески, Географска положба на Малеш и Пијанец. Во Кн. Малеш и Пијанец. II. МАНУ Скопје 1980.9.
2. К.Иречекъ, Княжество България. Часть втора. Пѫтувания по България. Пловдив 1899.606; В.Кънчов, Избрани произведения. Т.I. София 1970. 354; М.Панов, Географија на СРМ. I. Скопје 1976. стр.128.

Брегалница и Струма.[3] Овој пат водел од Астибо преку Мородвис, по Брегалница до Царево Село. Таму пред Царево Село се делел на два правци, едниот ја сечел реката Брегалница и преку Црквенец одел за Пауталија (Велбужд), а другиот преку Влаина Планина за градот Германија на реката Струма. Трагите од постоењето на овј пат се видливи и денес покрај Брегалница и во с. Црквенец. Втор по значење бил патот што поаѓал од Осоговските Планини и попречно го сечел Пијанец и тоа од с. Саса, каде што се експлоатирала рудата до с. Триботивиште, од каде преку клисурата на р. Брегалница и Малешево водел за Солун. Изворни податоци за овој пат не се зачувани, но траги од неговото постоење се целосно зачувани на теренот од с.Саса, с.Моштица, с.Костин Дол, с.Вратиславца, с.Драмче, с.Селник, с.Киселица и с.Црквенец.[4] Во Црквенец на Голешево се вкрстувал со патот што водел за Велбужд. Овој пат служел за транспорт на рудата за Солун. Од другата страна на с.Саса одел за Крива Паланка (Сарандапор).

Од главниот пат што одел по Брегалница се одделувале неколку патишта што го сечеле Пијанец во северен правец. Еден од нив претставува и најкратка врска помеѓу Брегалница и Велбужд. Тој се одделувал од главниот пат на Калиманско Градиште и ја сечел Брегалница на утоката на Каменичка Река во неа и излегувал на ридот Калата. Од Калата патот минувал за Луковица и по ридот меѓу селата Косевица и Костин Дол излегувал на месноста Ханче (во с.Косевица).[5] Од Ханче патот го следел ридот, излегувал на Кажи Прст[6] – Равно, каде што го префрлал сртот на Осо-

3. Г.Шкриванић, Путеви у средновековној Србији. Београд 1974.92 и 101.
4. Д.Арсовски – Д.Христовски, Делчево. Кочани 1985.12.
5. Траги од овој пат се зачувани до денес во регионот од Каменица до Брегалница и од Луковица до Ханче во целост.
6. Според една сочувана легенда на тоа место постоел камен со три прсти кои ги покажувале правците на патиштата. Едниот прст го покажувал правецот за Велбужд, вториот правецот кон Брегалница, а третиот кон Равна Вода и Калишта. За остатоци од овој пат види сл.7.




Слика 6. 1 – Локалитет "Долно Равниште", 2 – Мршовити рид, 3 – "Кулата"-Паровци, 4 – Локалитет "Станицата" (сите во с.Косовица), 5 – Западна граница на Пијанец (Снимено 5.VIII.1990.

говските планини и слегувал во правец на реката Елешница до утоката на Пештерски Дол во неа, од каде го следел Пештерски Дол и на Пештерски Преслап (превој) префрлал за Велбужд. Овој пат бил користен и во XIII и XIV век, а во периодот на турското владеење "станал опасен" за трговците и патниците поради развиеното ајдутско движење во овој крај.[7] Во зимски услови кога на Осоговските Планини паѓало многу снег, овој пат бил многу тежок, па затоа бил користен друг пат кој се совпаѓал со претходниот до

7. Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. София 1906.10. Според него, по овој пат била најкратката врска на Велбужд со Штип и Скопје. За остатоците од овој пат види сл.7 и 8.

с.Луковица. Од с.Луковица свртувал на исток и излегувал на ридот "Друмот"[8], во с.Костин Дол и го следел ридот до Езерци каде преку Селска Река свртувал на исток и преку Рамна Орница - Растурен Каракол - Ленове - Ајдучко Село - Раково и кај Пештерци повторно се соединувал со претходниот пат.[9] Овој пат бил погоден зиме поради природната заштитеност од ветер и помалата надморска височина на превојот меѓу селата Вратиславца и Раково (850 метри), за разлика од Равно (1132 метри).[10]




Слика 7. Локалитет "Равниште". 1 - Долно Равниште, 2 - Горно Равниште, 3 - Остатоци од патот за Ќустендил преку превојот "Равно", меѓу селата Косевица и Костин дол (снимено 5.VIII.1990).

8. Името "Друмот" најверојатно претставува остаток од некогашниот пат. Денес по истиот правец постои пат за караулата во с.Костин Дол.
9. За траги од овој пат види сл.9 и 10.
10. Овие патишта досега не се проучени, но за нивното постоење се зачувани видливи траги на теренот.




Слика 8. 1 – Ридот по кој слегувал патот за Ќустендил (НРБ), 2 – Пештерски Превој (НРБ) преку кој врвел патот за Ќустендил, 3 – Македонско-бугарска граница меѓу селата Костин Дол и Вратиславци со Раково и Црвена Јабука (снимено 5.VIII.1990).

Во XIV век постоел пат од Царево Село "поут кои прѣходи ѿ Царева села"[11] кон Колакинин Дол и Голешево, каде се вкрстувал со патот за Ќустендил и попречниот пат што водел преку Пијанец. Од патот по Брегалница се оддделувал уште еден пат кој минувал кон с.Драмче "поут къ Драмчю".[12] Овој пат минувал преку реката Брегалница кај

11. Архимандрид Леонид, Хрисовуља цара Душана. Гласник српског ученог друштва. Књ.X. Београд 1870.293.
12. Исто, 293.

местото "Свети Никола"[13] и излегувал во с.Драмче кај "Шарената Црква" и прифаќајќи се на ридот Турчовнец преку Ановите и седловината Омар слегувал во р.Елешница, каде се надоврзувал на патот за Велбужд и на патот за Струма. Од другата страна, пак, следејќи го ридот Св.Нико-




Слика 9. 1 – Ридот "Гуменце" – с.Вратиславци по кој врвел еден крак од патот за Ќустендил, 2 – "Ајдучко село", 3 – Вратиславски преслап – на Македонско-бугарска граница каде што поминувал патот за Ќустендил (снимено 5.VIII.1990).

13. Свети Никола денес го означува ридот на кој се наоѓаат остатоци од црква и гробишта. На тоа место се наоѓала црквата "Св.Никола" спомената во грамотата на цар Душан. Види: Архимандрид Леонид, Хрисовуља...293. За положбата на "Св.Никола" види: А.Атанасовски, Кон прашањето околу местоположбата на имотите на Злетовската Епархија во Пијанец, според грамотата на цар Душан од 1347 година. – Годишен зборник на Филозофски факултет – Скопје. Кн.17-18 (43-44). Скопје 1990/91. стр.39-40.

ла излегувал на Голак и оттаму се надоврзувал на патот Мородвис – Малешево.[14]

Паралелно со патот покрај Брегалница што водел по нејзиниот лев брег по клисурата, за да се избегнат опасностите од разбојништво, бил пробиен друг пат. Тој водел




Слика 10. 1 – Ридот "Стражарница" – продолжение на ридот од сл. 9 по кој врвел патот за Ќустендил, 2 – Македонско-бугарска граница т.н. Вратиславски преслап, кај што поминувал патот (снимено 5.VIII.1990).

14. Иако овој пат се споменува во XIV век, досега не е проучен. Неговите траги добро се познаваат од црквата во с.Драмче до седловината Омар. Во тој реон постои и топоним "Ановите" што асоцира на постоење на пат. Исто така, трагите се зачувани по ридот "Св.Никола".

од с.Луковица преку Јазова Чука – Турчиновец (овде се вкрстувал со патот од Брегалница за Елешница) и преку с.Драмче и с.Очипали се надоврзувал на патот по Брегалница кај Очипали (Оче Поле).[15]

Постоел паралелен пат и по Брегалница од Царево Село за с.Разловци. За разлика од патот што одел од десната, по левата страна на Брегалница од Царево Село кон с.Разловци водел друг пат, на кој е зачувана една кула како одбранбен пункт.[16] Последен пат е оној што ја поврзувал Брегалница со Струма и водел од Царево Село – Ѕвегор, преку Влаина Планина за градот Германија на Струма, каде што се надоврзувал на патот по Струма за Солун.[17] Сите овие патишта му давале на Пијанец извонредна важност и поволна местоположба.

Границите на историската област Пијанец почнуваат од Струма кај Четирци од врвот Курилово по ридот до врвот Ересковица – Ѕвегорска Планина – Влаина – Кадиица, вододелницата меѓу р.Желевица и р.Кадиица (Пехчевска Река), северно од с.Митрашинци – Голак – с.Грлени – с.Калиманци – с.Дулица по ридот до Побиен Камен (с.Цера) – Руен – Солунка – Шапка – Црн Камен – Ореовски Дол – р.Новоселска – Брезовски Рид – Лелинска Чука – Берсински Дол – с.Нов Чифлик – Кадин Мост – р.Струма до с. Четирци.[18]

---

15. Со извесни измени овој пат постои и денес. Остатоци од најстариот пат се видливи од училишната зграда во с.Очипали до маалото Топчии во истото село во должина од 2–3 километри.
16. За кулата види сл.1 и 2. Според едно зачувано предание постоеле три кули, нив ги снимил Ј.Павловиќ, Малешево и Малешевци. 307–308 и бел.1. Овие кули биле разрушени од земјотрес во 1904 година.
17. Г.Шкриванић, Путеви у средновековној Србији. 92.
18. За границите на Пијанец поопширно види: К.Иречекъ, Княжество България. Част втора. 606 и бел.5; Й.Захариев, Пиянец, земя и население. 7–8; В.Кънчов, Избрани произведения. I.354; М.Панов, Географија на СРМ I, Скопје 1976,128.



Слика 1. Остатоци од средновековна кула во с.Чифлик кај Делчево локалитет "Марково Куле" (снимено 1.V.1989 г.).



Слика 2. Остатоци од средновековна кула во с.Чифлик кај Делчево локалитет "Марково Куле" (снимено 1.V.1989 г.).




Карта 1. Пијанец во средниот век.

Во оваа кружна линија лежи нашата област Пијанец. Таа граничи од југ со Малешево, Обозна и Кочанската Котлина, од запад Осоговските Планини и Каменица (Ќустендилска) и Ќустендилско Поле од север и од исток со Струма.

Во поглед на името на оваа област во науката постојат различни гледишта. Народните преданија го поврзуваат името Пијанец со глаголот "пие" или пак со растението "Пијавец" од кое се правел леб, кој ги опивал оние што го употребувале.[19]

Една група научници го поврзувале името Пијанец со личното име Пијан, образувано со суфиксот – ец.[20]

Втора група научници го поврзувале името на областа со името на племето Пијанци (пијанчани)[21] кое се населило во оваа област.

Третата, и најбројна група научници го поврзувале името Пијанец со племето Пеонци, кое живеело на територијата меѓу Струма – Вардар, Беласица – Осоговските Планини.[22] Оваа група научници тврдат дека "Пијанец го носи името од древното племе Пеони, кои живееле меѓу Струма и Вардар и чија земја во минатото се нарекувала Пеонија... кога Словените се населиле во тие краеви, го зачувале старото име на областа само за нејзините северни предели – Пиıанъцъ.[23]

---

19. Спореди: Д.Узунски, Легендите за Пијанец. – Пијанечки Глас. Год. XVIII, бр.22. Делчево, мај 1989 год, стр.15.
20. Љ.Станковска, Македонскиот топонимски систем до XVI век. Скопје 1983. стр. 286-287.
21. Ив.Снѣгаров, История на Охридската архиепископия. I. София 1924.176; К.Иречекъ, История на Българитѣ. София 1929,24.
22. Г.Кацаровъ, Пеония. София 1921,3; П. Делиродев, Македония като географска единица. – Македонска Мислъ. Кн.1-2. София 1945,14; Й.Ивановъ, Българите въ Македония. София 1917,62 бел.4; Истиот, Сѣверна Македония. 215; Й .Захариев, Пиянец. 47; Македония като природно и стопанско цяло. София 1945,124.
23. Й .Ивановъ, Сѣверна Македония. 215.

Како четврта теза за потеклото на името Пијанец се наметнува таа дека името на областа Пијанец доаѓа од името на средновековниот град Пијанец. Оваа теза за првпат се презентира во овој труд. Причината за вакво размислување се имињата на соседните области Малешево – од средновековниот град Малешево[24], Мороздвизд, Злетово и Луковица, исто така ги дале имињата на областите.

Во изворите не постојат прецизни податоци за постоењето на средновековен град Пијанец. Во грамотата на Василиј II издадена на Охридската архиепископија во 1019 г. се наведува "епископот на Мороздвизд да има во Мороздвизд, Злетово, Луковица, Пијанец и Малешево 15 клирици и 15 парици".[26] Ако се има предвид дека Мороздвизд, Злетово, Луковица и Малешево се градови од тој период, би требало да се прифати дека и Пијанец бил град, со тоа што неговата локација не ни е позната. Ова прашање заслужува поголемо внимание и сметаме дека со археолошки истражувања во оваа област може да се даде одговор и на ова прашање. Посебно внимание треба да се посвети на Прекинато Градиште кај с.Вирче, на кое се наоѓаат монети од XII и XIII век.

24. Т.Томоски, Средновековниот град Малешево. – Списание Историја. VII/1, Скопје 1971,161.
26. Й.Иванов, Български старини из Македония. 552; Љ.Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ. I дел. Скопје 1975,71.



Слика 13. "Калата" кај Македонска Каменица, источен дел од тврдината, ѕидана со вар и камен, снимено 12.VIII.1990 г.




Слика 14. Локалитет "Тината – гробарница", с.Вратиславци: – 1. Остатоци од антички градби; (снимено 7.VIII.1990 г.).

Глава втора

## ПИЈАНЕЦ ДО КРАЈОТ НА XII ВЕК

Пијанец со својата значајна местоположба на Балканот, климатските услови и другите природни погодности бил населен уште во праисториско време. При тоа за живеење биле привлечни долините на реките Брегалница и Елешница.[27] За првите човекови траги во Пијанец се дознава од неколку случајно пронајдени орудија (секири, чекани и сл.) во с.Драмче, с.Киселица, с.Вратиславца, с.Костин Дол и др.[28] Овие наоди упатуваат на заклучок дека Пијанец бил населен уште во Старото камено време.[29] Од овој период се испитани и со сигурност се утврдени остатоци од населби во с.Габрово и Делчево, додека другите се само регистрирани.[30] На територијата на Пијанец се регистрирани шест населби од праисторискиот период.[31] Во периодот на селидбата на Келтите, еден пат по кој поминувал бранот на селење минувал преку Пијанец, за што сведочи најдениот бронзен меч во с.Луковица.[32]

---

27. За климатските прилики во Пијанец види: Ј.Мавродиев, Климатските карактеристики на Малеш и Пијанец. – Малеш и Пијанец. Кн.II. МАНУ Скопје 1980.
28. За овие наоди спореди: А.Керамидчиев, Археолошка карта на Делчевска општина (необјавено – се чува во Археолошки музеј на Македонија).
29. Во Пијанец може да се очекуваат и нови наоди доколку се испитаат пештерите во с.Киселица, с.Ветрен, с.Раково, посебно месноста "Пештерски Дол".
30. А.Керамидчиев, Археолошка карта...; В.Санев, Штип од праисторијата..70. Од овој период се и камените-рачни мелници за приготвување на брашно, такви мелници се најдени во селата: Вратиславца 4, Драмче 4, Костин Дол 2, Косевица 2, Луковица 2, Бигла 2 и др. Види сл.3, Спореди и Д.Арсовски и Д.Христовски, Делчево. 23–24.
31. А.Керамидчиев, Археолошка карта; В.Санев, Штип од праисторија...77. Покрај тоа, А.Керамидчиев има регистрирано 46 тимули (хумки) од бронзениот период, а најзначаен наод претставува бронзениот меч најден во с.Луковица кој се чува во Археолошкиот музеј на Македонија.
32. В.Санев, Штип од праисторијата до доцноантичкото време. Штип низ вековите. Кн.I. Штип 1986.81.



Слика 3. Рачна камена мелница и железна секира откопани на локалитетот "Преоѕи" – јуни 1983, с.Вратиславци (снимено 3.V.1989 г.), досега нерегистрирано. Секирата е од X век (според усното кажување на проф. д-р Иван Микулчиќ).

Според вестите на античките историчари: Птоломеј, Ливиј и Диодор[33] територијата на Македонија била населена со повеќе племиња: "Дарданци, Пеонци, Пелагонци, Дасарети, Пенести и други".[34] Според расположивите извори на територијата на Пијанец живеело племето Пеонци.[35] Во

33. Thucydides Historiae, ed. H.J.S.Jones - J.E.Powel, Oxonii 1924,II,99; Ф.Папазоглу, Македонски градови у римско доба. Скопје 1957. 62-63; и деловите за Долна Македонија. 97-99; Горна Македонија. 161-167 и сл.
34. В.Санев, Штип од праисторија... 81.
35. За Пеонците и нивната територија спореди: Г.И.Кацаровъ, Пеония. София 1921. Ф.Папазоглу, Македонски градови у римско доба; В.Битракова-Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во Македонија. Скопје 1977; В.Соколова, Исар-Марвинци и Повардарието во античко време. Скопје 1986; Е.Петрова, Пајонските племиња и Пајонското кралство во II и I милениум пред н.е., Macedoniae acta Archaeologica. бр.12. Скопје 1991.41-50.



Слика 11. Могилата на Штрби Врв – с.Вратиславци (снимено 6.VIII.1990 г., до сега нерегистрирано).

почетокот Пеонците живееле на широка територија меѓу реките Струма и Вардар, планините Беласица и Осогово, дел живееле и на десната страна на реката Вардар. Подоцна таа територија била стеснета под притисок на Македонската држава, а Пеонците се повлекле на североисток.[36]

Податоци за историјата на Пеонците дава и Хомер кој ги наведува како сојузници на Троја, при што ги нарекува "криволаки", "долгокопјани" и "коњоборци".[37] Исто така Пеонците оставиле траги за своето постоење и во материјалните споменици. Такви се некрополите и могилите во се–

36. Г.Кацаровъ, Пеония, 3.
37. Хомер, Илијада. Препев, предговор и објасненија Михаил Петрушевски. Скопје 1983.63.

лата: Драмче -11, Бигла -3, Црквенец -2, Вратиславци -2, Киселица -1, Делчево -1, Ѕвегор -1 и др.[38]

Во рамките на Пеонија Херодот и Тукидит ги споменуваат племињата: Добери, Сириопеони, Пеопли, Граи, Леи, Агриани и др.[39]

Со зајакнувањето на Македонската држава Пеонија постепено ја губела независноста, а 358 г.п.н.е. Филип II ја потчинил. По смртта на Филип II Пеонците ја отфрлиле македонската власт.[40] На територијата на Пеонија биле формирани повеќе населби. Изворите ги споменуваат: Стоби, Баргала, Добер, Астибо, Транупара, Армонија (Хармонија), Запара и др. Најверојатно некои од овие градови се наоѓале на територијата на Пијанец. Некои истражувачи на овие простори ги бараат Транупара[41] и Келенидин.[42]

Со зајакнувањето на Римската држава и нејзиното проширување на Балканот и Македонија постепено потпаѓала под римска власт, за конечно 148 г. пред н.е. да биде целосно потчинета. За полесно управување била поделена на четири области - мериди.[43] Оттогаш Пеонија исчезнала не само како политички, туку и како етничко-географски

38. А.Керамидчиев регистрирал 46 могили и 9 некрополи. Спореди: Археолошка карта (необјавено).
39. Г.Кацаровъ, Пеония. 7.; В.Санев, Пеонија и Пеонците. Штип низ историјата. I. Штип 1986.85.
40. За приликите во Пеонија во тој период поопширно види: В.Санев, Пеонија и Пеонците...87.
41. И.Микулчиќ, Две ранохристијанске цркве код Македонске Каменице. Старинар XXVII за 1976. Београд 1977.190.
42. А.Керамидчиев, Малешевската котлина (резултати од археолошкото рекогносцирање во 1973 година). Macedoniae acta Archaeologica. 5. Скопје 1979.153. На територијата на Пијанец се регистрирани 38 градишта. Можеби на некое од нив лежат гореспоменатите градови, а и некои други, како Запара и Равен за што постојат некои индиции во топонимијата, како на пример: "Равна Вода", "Кулата-Паровци", "Равно", "Горно и Долно Равниште", види сл.4, 5, 6 и 7. Сите се расположени покрај патот што водел од Брегалница за Пауталија. Други поважни градишта се наоѓаат во селата: Моштица, Драмче, Град, Вирче и Вратиславца.
43. Ф.Папазоглу, Македонски градови у римско доба. 38-63.

поим. Пеонците дефинитивно се претопиле во Македонци.[44] "Источниот дел на Пеонија од Аксиос до Струма ѝ припаѓал на втората мерида со седиште во Тесалоники".[45]

По поделбата на Римската империја на Источна и Западна (395 година) Пијанец заедно со цела Македонија се нашол во Источниот дел (Византија).




Слика 4. Локалитет "Равна Вода" - с.Косевица. 1 - траги од утврдување, 2 - траги од винатрешна градба (снимено 5.VIII.1990 г., до сега нерегистрирано).

44. Исто, 66 и 231.
45. Н.Вулић, Географија Јужне Србије у античко доба. Гласник Скопског научног друштва. Књ.XIX. Скопље 1938.5; В.Битракова-Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период. 35. Од римскиот период на територијата на Пијанец се регистрирани 34 населби. Сп. - А.Керамидчиев, Археолошка карта...



Слика 5. Локалитет "Равна Вода" – с.Косевица. Остатоци од цигли – откопани од фурната за печење (снимено 5.VIII.1990 г. досега нерегистрирано).

Територијата на Македонија во составот на Византија била изложена на постојани напади од различни племиња кои поминувале преку нејзината територија. Во низата преселби Македонија ја почувствувала и преселбата на Словените. Нејзината положба била таква што не дозволувала да биде заобиколена од словенската преселба.

Досегашните истражувачи на проблемот на словенското населување во Македонија се согласни во едно: дека словенските напади и во овој дел започнале од крајот на V и почетокот на VI век, но тие биле спонтани и неорганизи–

рани и траеле сè до конечното населување на Словените во Македонија, т.е. до 30–тите години на VII век.[46]

На прашањето кога Пијанец бил населен од Словените, преовладува мислењето дека тој бил населен во исто време со неговите околни области. т.е. од 80–тите години на VI век до 30–тите години на VII век.[47] Големото јазично единство меѓу Ќустендилско, Дупничко, Џумајско, Пијанечко, Кочанско и Штипско укажува на фактот дека тие краеви биле населени од едно исто племе.[48] За тоа сведочи и "носијата во тие краеви каде што сите се црнодрехи" (црноалишници).[49]

Во Пијанец, како и по текот на реките Струма и Брегалница се населило племето Струмјани.[50] За тоа сведочи и фактот што од крајот на VI до средината на IX век, Брегалничката област влегувала во составот на Стримонската Склавинија.[51]

По населувањето на Словените во Пијанец, слично како и во другите делови на Македонија биле извршени коренити етнички и економски промени. Доминантно станало словенското население[52] кое со себе донело и ново општествено уредување што за основа ја имало слободната селска општина.[53]

---

46. Поопширно за тоа види: Ст.Антолјак, Доаѓањето на Словените на Балканот. Средновековна Македонија. I. Скопје 1985.99; Б.Панов, Штип и брегалничката област од VI-XII век. Штип низ вековите. I. Штип 1986. 135–174 и таму наведената литература.
47. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава. I. Скопје 1981.22–23; Б.Панов, Штип и брегалничката област. 135–140; Б.Алексова, Баргала–Брегалница, 26; истата, Принос од истражувањата во Баргала–Брегалница, и таму наведената литература.
48. Й.Ивановъ, Сѣверна Македония, 35–36.
49. Исто, 35–36.
50. Б.Панов, Штип и брегалничката област. 137.
51. Исто, 137; С.Антолјак, Македонските Склавинии. Средновековна Македонија. I. Скопје 1985.127–151.
52. Б.Панов, Штип и Брегалничката област... 142.
53. Исто, 144.

Словените во Пијанец извршиле промени во номенклатурата. Сите стари имиња биле заменети со нови словенизирани или чисто словенски. "И кога до почетокот на VII век словенскиот потоп го зафати Балканскиот Полуостров, останатите овде-онде староседелски оази се слеале за секогаш во словенското море. По полињата и полите на Рила и Осогово потече нов живот, нов народ, нова крв. Планини и води, села и градови добија нови словенски имиња, или старите се осмислија по словенски".[54]

Како романски јазични остатоци во Пијанечко се сметаат: "Беневреци, Капа, пиле, пипон, цер, фурка, клисура, егрек, оцет, тугла, калчун итн".[55] Самото име Пијанец некои научници го доведуваат во врска со Пеонија, која почнала да се изговара со словенскиот суфикс -ъцъ - Пиıанъцъ. Многу села добиле словенизирани имиња, како на пример, Згурово (skauria или skoria), Јамборано (Ἐμποριον), Пелатиково (Πελατικον) и др.[56]

Чисто словенски имиња добиле реките и потоците во Пијанец, Брегалница, Елешница, Каменица, Каменичка Река, Желевица, Рибница, Туришница, Габровчица, Ѕвегорштица, Очеполска и др. Словенски имиња добиле и селата: Габрово, Град, Ѕвегор, Тработивиште, Разловци, Вирче, Ветрен, Раково и др. Имињата на планините: Влаиница, Голак, Сива Кобила, како и на врвовите: Чавка, Руен, Острец претставуваат чисто словенски имиња. Од планинските врвови само врвот Обел на Влаина има словенизирано име од "Орбел".

По населувањето на Словените во Пијанец тие влегле во составот на Стримонската Склавинија, која егзистирала како независно словенско кнежевство сè до почетокот на IX

54. Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 32.
55. Исто, 30.
56. Исто, 32.

век.[57] Потврда за тоа се постојаните воени ангажирања на Византија против Струмјаните.[58]

Од почетокот на IX век областа Пијанец заедно со целиот горен тек на реката Брегалница и Струма биле загрозени од Бугарите.[59] За да ги спречи бугарските продори Византија колонизирала население од Мала Азија во "Склавиниите кои граничеле со бугарската држава".[60] Дел од тие колонисти биле населени и во Пијанец. Последен спомен за Склавиниите се сретнува во "Житието на Григориј Декаполит", во кое се зборува за востание на Словените во горите околу Солун во 836/37 година.[61] Овој податок најверојатно се однесува на Стримонската Склавинија.[62] Дел од Склавиниите потпаднале под византиска, а дел под бугарска власт.

Пијанец заедно со областа по горниот тек на Брегалница биле мета на бугарските завојувачки напади уште од времето на хан Крум. Според Ј. Иванов, населението од Пијанец "првпат видело бугарски војници во 809 година кога и Софија била преземена од византиски раце".[63] Ханот Пресијан (836–852) го продолжил проширувањето на бугарската држава кон земјите на македонските Склавинии.[64]

57. Опстојно за Стримонската склавинија види: Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 74.; Б.Панов, Дејноста на Кирил и Методиј во Македонија. Зборник - Кирил Солунски. I. МАНУ- Скопје 1970.172; С.Антолјак, Македонските Склавинии; Б.Панов, Штип и брегалничката област. 141 и таму наведената литература.
58. Документи за борбата на македонскиот народ. I.39,51; Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 37; Б.Панов, Штип и Брегалничката област. 147.
59. За бугарските завладувања поопширно види: Латински извори. Т.II.266; Грцки извори. Т.VI.123; С.Антолјак, Македонија во IX век. Средновековна Македонија. I.185,187; Б.Панов, Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење. Средновековна Македонија. III.680–704.
60. Б.Панов, Штип и Брегалничката област...147.
61. Документи за борбата на мак. народ. I.51.
62. И.Дуйчев, Славяни и пръво Българи. Известия на ИБИ. 1–2. София 1951.207–210.
63. Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 37.
64. Документи...I,52; И.Дуйчев, Македония въ Българската история. София 1942.9–10.

Овие напади биле особено жестоки по Струма и горниот тек на р.Брегалница, бидејќи "во четвртата деценија на IX век, над Стримон постојано висел, а понекогаш и паѓал мечот на бугарската агресија".[65] Од времето на Персијан Брегалничката област станала гранична со проширената бугарска држава.[66]

Соочена со сериозноста на бугарските продори, имајќи го предвид големото воено-стратегиско значење на Брегалничко-струмичките краишта за Империјата, а посебно за безбедноста на Солун, Византија била принудена да спроведе интензивни воени и дипломатски акции. За таа цел таа го променила својот став кон Словените од пограничните области со Бугарија. Таа почнала да школува Словени и да ги поставува за нивни управници. Така Византија успеала да ја наложи својата врховна власт над Словените што живееле на десната страна на Струма и по текот на Брегалница.[67] Еден од тие управници бил и Методиј.[68] "Методиј бил кнез на онаа Склавинија која 836/7 година се побунила против Византија, т.е. средиштето на Методиевото кнежевство биле Струмичко-брегалничките краишта".[69] Тоа од причина што по заземањето на Софија 809 година за Бугарите биле отворени патиштата кон Солун и Цариград. Тоа биле патиштата кои воделе: едниот од Софија преку Ќустендил, Пијанец, Малешево и Струмица за

---

65. С.Троицкий. Св.Мефодий как славянский законодатель. Богословские труды, Московской патриархии, Сборник второй. Москва 1961; Б.Панов, Методиевото Словенско кнежевство во Македонија. - Сп. Историја. XX/2. Скопје 1985.22.
66. Б.Панов, Методиевото Словенско кнежевство...29.
67. Б.Панов, Штип и Брегалничката област...148.
68. За управничката дејност на Методиј види: С.Троицкий, Св.Мефодий как славянский законодатель; Б.Панов, Методиевото Словенско кнежевство; истиот, Штип и Брегалничката област; истиот, За Методиевото Словенско кнежевство и создавањето на "Закон судный людем". - Зборник, Кирило-Методиевскиот (старословенскиот) период и Кирило-Методиевската традиција во Македонија. МАНУ, Скопје 1988.289-303.
69. С.Антољак, Македонија во IX век. 200.

Солун, а другиот одел по долината на Струма. Овие два пата биле најкратката врска на Бугарија со Солун. Од интерес на Византија било да ги затвори овие два пата, а најлесно можеле да се затворат во клисурите на Брегалница и Струма. Дека Методиј заедно со брат му Константин[70] дејствувале во овој крај зборува и едно предание од Пијанечко кое меѓу другото вели: "Во Разловци кај Св.Вода, имало ќелија (испосница) на Св.Кирил и Методиј, во која Св.Кирил живеел испоснички живот и превел грчки црковни книги на словенски јазик".[71] Дека бугарските напади се одвивале преку Пијанец сведочат и остатоците од тврдини покрај патот од Ќустендил-Пијанец-Малешево-Струмица. Најважни од нив, на територијата на Пијанец се: Манастир (с.Црквенец), Ѕвегор, Град, Прекинато Градиште (с.Вирче) и Браниград (с.Иствевник).[72]

И покрај сестраното ангажирање во овие краишта за спречување на бугарските продори на југ, Византија не успеала да го стори тоа. Овие краишта, пред сè Пијанец паднале под власта на Бугарите во времето на Борис (852-889 год.) и тоа најдоцна до 855 година.[73] Ова се потврдува од податокот во еден летопис, каде што стои дека: "Борис го примил царството (т.е. власта б.м.) на реката Брегалница.[74] Ова значи дека кога дошол на власт Борис, Бугарите веќе продреле до Брегалница, т.е. Пијанец и Малешево. Пијанец

70. За дејноста на Константин по Брегалница види: Б.Панов, Брегалничката мисија на Константин Филозов. Средновековна Македонија. III. и таму наведената литература.
71. Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 64-65; Ј.Павловић, Малешево и Малешевци. Београд 1929.26 и бел.3.
72. За овие градишта види: А.Керамидчиев, Археолошка карта на Делчевската општина (ракопис) стр.3, 5, 12.
73. Б.Панов, Методиевото Слов. кнежевство. 32; С.Антолјак, Македонско-византиските односи во IX век. Средновековна Македонија. I.221; Б.Панов, Штип и Брегалничката област...151.
74. Й.Ивановъ, Богомилски книги и легенди. Фототипно издание. София 1970.283; И на рѣцѣ брѣгалници... прїемь царьство. Спореди и Б.Панов, Охрид и Охридската област во време на бугарското владеење. 686.

под бугарска власт паднал истата 852 година. Не се во право оние научници што сметаат дека во 852 година Борис ја примил власта на Овче Поле, бидејќи во летописот стои дека "Борис на Овче Поле создал бели цркви, а на Брегалница го примил царството"[75] (т.е. под царство овде треба да се подразбира власт).

По вклучувањето на Пијанец во бугарската држава во него била воспоставена и бугарска управа.[76]

Во периодот на бугарското владеење (855–969 год.) во Пијанец, слично на другите области во Македонија, била засилена феудализацијата која зела особено широки размери во времето на царот Петар (927–969 год.) кога дошло до остра класна борба. Оваа антифеудална борба се изразувала преку појавата на Богомилското движење.[77] Пијанец бил зафатен од ова антицрковно, антифеудално и ослободително движење уште во почетокот на неговото појавување. Богомилството оставило траги во некои топоними во сливот на р.Брегалница, како на пример името на с.Кутугерци, с.Еремија, с.Недокрштеница.[77a] Во Пијанец како богомилско се смета името на маалото "Бабунци" во с.Разловци. Потоа името на месноста "Еремија" во с.Драмче.[78] Исто така, како остаток од Богомилството може да се земе и личното презиме на фамилијата на Јован Бабунски. Покрај тоа, во пијанечките села се зачувани

75. Й.Ивановъ, Богомилски книги и легенди. 283. Овој податок треба да се разбере во смисла дека Борис на Брегалница ја примил власта, а не дека бил крунисан за цар.
76. За организација на власта види: Б.Панов, Штип и Брег. област. 152; истиот, Општествено-политички прилики во Струмичката област. 237/8; С.Антолјак, Македонија во IX век. 222.
77. За Богомилското движење поопширно види: Б.Панов, Богомилското движење во Македонија. Средновековна Македонија. III.247–259 и таму наведената литература.
77–а. Й.Ивановъ, Богомилски книги и легенди. 36,164; Д.Ангелов, Богомилството. 149; Б.Панов, Штип и Брег. област. Средновековна Македонија. III.615.
78. На ова место до скоро се собираше општонароден собор посветен на пророк Еремија.

некои обреди што асоцираат на богомилството. Тоа е пред сè собирањето на населението кај некое старо дрво или голем камен и кршењето леб (раздавање) без присуство на свештеник; најстариот (маж или жена) ги собира свеќите и темјанот од присутните и потоа ги пали свеќите, а со темјанот ги кади присутните. Богомилството зело широк замав и влијаело за организирање на ослободително востание против Бугарија, на чело со синовите на кнезот Никола, комитопулите: Давид, Мојсеј, Арон и Самуил.[79]

Уште на почетокот на 969 година Пијанец бил опфатен од востанието и бил приклучен кон македонската држава. Во прилог на тоа зборуваат податоците од хрониката на Јован Скилица кој известува дека: "Комитопулот Арон, до неговото убиство од братот Самуил во 976 година, живеел во околината на Раметаница заедно со целиот свој род".[80] Сите истражувачи се согласуваат дека Раметаница треба да гласи Разметаница и дека се однесува на реката Разметаница, десна притока на Герман и во која се простирале Ќустендил и Дупница. Ј. Иванов смета дека на месноста "Царичина" постоел дворец на Арон, а летен дворец имал на местото Врм. Убиството се случило на месноста Царичина.[81] Затоа може да се заклучи дека во времето на тетрархијата во Македонската држава со Пијанец управувал Арон.

79. За почетокот и текот на востанието како и за Самуиловата држава види поопширно: С.Антолјак, Самуиловата држава. Средновековна Македонија. I.289-609; Б.Панов, Штип и Брег. област. 157-160.
80. Гръцки извори за Българската история. VI. София 1965.276; Документи за борбата на мак. народ... I.90. Спореди и Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 38.
81. Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 40. Иванов смета дека при убиството на Арон бил присутен и Самуиловиот син Радомир, кој го спасил својот братучед Владислав, и дека името на Радомир е зачувано во топонимот на Радомир-ска околија. Й.Ивановъ, истото дело 41; Н.Благоев смета дека таткото на комитопулите, Никола, бил комес на Брегалничкиот комитат. Сп. Н.П.Благоев, Критически поглед върху известията на Йоан Скилица за происхода на цар Самоиловата държава. Македонски преглед. II/4. София 1926.20-21.




Карта 2. Археолошки наоѓалишта во Пијанец.

По ликвидирањето на Самуиловата држава Пијанец паднал под византиска власт и тоа во исто време со Мороздвизд (1018 год.), кога претставници од овој град заминале за Мосинопол.[82]

Од 1018 година до крајот на XII век Пијанец бил под византиска власт.[83]

Во црковен поглед Пијанец бил потчинет на Мороздвишката епископија.[84] За време на византиското владеење во Пијанец и соседните области се развиле феудалните односи под влијание на византискиот феудализам. Во тој период растел и бројот на македонските феудалци, за што наоѓаме податоци и во житијата на Јоаким Осоговски и Гаврил Лесновски, каде што се вели дека Гаврил бил син на богати родители, а по смртта на жена си зел многу богатство.[85] Во с.Град'ць се споменува некој болјарин во таа земја, благоверен и богат.[85a]

Како резултат на феудалната експлоатација во Македонија дошло до организирање на отпор кој прераснал во востанија на чело со Петар Делјан (1040/41 год.) и Ѓорѓи Војтех (1072/73 год.). Дали Пијанец бил зафатен од овие

82. Б.Панов, Штип и Брегалничката област. 160.
83. Гръцки извори. VII.84-90; Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 41. За уредувањето на Брегалничката област во времето на византиското владеење види: Г.Литаврин, Болгария и Византия. 268; Б.Панов, Штип и Брег. област. 162; Т.Томоски, Овче Поле во средниот век. 245; Истиот, Средновековни градови во Македонија. 279 и Мороздвишка епископија. 94-100.
84. Гръцки извори. VII.107; За тоа поопширно види: С.Лишев, Българският средновековен град. 49; Истиот, Некоторые вопросы феодальны отношений в Болгарии в X в. и в эпоху византийского господство. Византийски Временик. Т.41. Москва 1980.29; Б.Панов, Штип и Брег. област. 163.
85. Й.Ивановъ, Български старини. 395; 396; За зависно население види: Б.Панов, Штип и Брег. област. 164-166. За приликите во Македонија под византиска власт види: В.Златарски, Въстанието на Петар Дѣлѣна въ 1040-1041 година. БИБ. Т.IV-1. София 1931.96.
85-а. Й.Ивановъ, Български старини. 408.

вoстанија не може со сигурност да се каже.[86] Но и да не бил директно вклучен во востанието, Пијанец бил индиректно засегнат од овие востанија, пред сè преку собирање селани за таканаречените "тематски војски", кои учествувале во задушувањето на ослободителните движења на македонскиот народ.[87]

Кон крајот на XI век во Македонија почнале да невлегуваат Норманите,[88] потоа војските на Дукља и Рашка. Пијанец не бил директно засегнат од овие напади, но затоа индиректно ги почувствувал последиците од воеНото ангажирање на Византија против овие непријатели.

Во 90-тите години на XI век низ Македонија поминале војските на Првиот крстоносен поход, но од нив Пијанец не бил засегнат.

Како резултат на зачестените војувања на Византија на територијата на Македонија и суровата феудална експлоатација се засилило Богомилското движење на чело со Поп Василиј. Од ова движење била опфатена целата Брегалничка област,[89] а тоа значи и Пијанец.

Во 50-тите години на XII век низ територијата на Македонија поминале војските на Вториот крстоносен поход.[90] Од овој премин на Крстоносците Пијанец не бил засегнат.

Кон крајот на XII век бил изведен и Третиот крстоносен поход на чело со Фридрих I Барбароса. Патот на дел од војските од Третиот крстоносен поход водел покрај Пијанец и тој бил директно засегнат од него. Имено, на патот

86. В.Н.Златарски, Въстанието на Петар Дѣлѣна...; Б.Панов, Штип и Брег. област. 167.
87. Б.Панов, Штип и Брегалничката област. 171.
88. Исто, 171.
89. Документи за борбата на мак. народ. I.109-110; Б.Панов, Штип и Брег. област. 172.
90. Љ. Петровић, Пролаз крсташа кроз наше земље. Летопис Матице Српске. Књ.341, св.I. Нови Сад 1943.91.

од Ниш за Софија, еден дел од крстоносната војска се оддели од главното јадро и на чело со Фридрих од Перге, преминал некоја планина и влегол во богатата област наречена Влахија, недалеку од Солун.[91]

Според Анзберт одредот поминал преку Градец, кое место В. Златарски го лоцира во Кривопаланечко, со што и правецот на движењето го бара од Ќустендил-Крива Паланка-Тесалија.[92] Во Пијанец постои село Град, кај кое има остатоци од утврден град,[93] кој може да биде Анзбертовиот Градец. Дотолку повеќе што патот од Ќустендил за Струмица и Солун водел преку Пијанец и с.Град. Овој пат бил најкусата врска на Ќустендил со Солун и пологично е крстоносниот одред да се движел по овој правец. Тоа од причина што овој правец не бил многу далеку од јадрото на крстоносната војска што се движела кон Пловдив и Одрин. Покрај тоа Златарски занемарува една многу важна епизода од расказот на Анзберт во која се вели: "Додека другите се занимаваат со грабеж на Градец ние ја искачивме блиската планина".[94] Таа планина би можела да биде Влаиница, во непосредна близина на с.Град. Доколку оделе покрај Крива Паланка, крстоносците цело време би се спуштале, а не би се искачувале.

Како резултат на Крстоносните походи се развила трговија со западните земји. Развојот на трговијата придонел за појава на моќни феудалци во Македонија. За моќни феудалци во околината на реката Брегалница дознаваме од

---

91. Св.Георгиевъ, Императоръ Фридрихъ Барбароса на Балканския полуостровъ и въ българскитѣ земи. БИБ. Т.III-2. София 1930.137.
92. В.Н.Златарски, Ансбертовият "Жупанъ или страпъ на България" нее билъ Добромиръ Хризъ. Одделен отпечаток, 7.
93. Т.Томоски, Мороздвишка Епископија. 101.
94. В.Н.Златарски, Ансбертовият...8; За односот на месното население кон крстоносците види: Љ.Петровић, Пролаз крсташа...91, а за последиците: Б.Недков, България и съседните и земи...41; Ив.Сакъзов, Трговията в Македония през VII-XIV векове. Македония. Т.I/VII. София 1922.

житијата на Гаврил Лесновски.[95] Овие феудалци толку зајакнале што почнале да се осамостојуваат од централната власт. Во 80-тите години на XII век во Македонија се осамостоил и создал независно кнежевство Добромир Хриз. Средиштето на ова кнежевство се наоѓало во Струмица и Просек.[96] Дали во Хризовото кнежевство бил вклучен Пијанец со пошироката Брегалничка област, како што бил случајот со Пелагонија,[97] од расположливите изворни податоци не може да се заклучи.[98] До крајот на XII век положбата на Пијанец станувала сè понеизвесна и несигурна. Тоа е период на секојдневни борби во Македонија за нејзиното владеење. Особено активни биле Бугарите на чело со Калојан (1197-1207 год.) До 1201 година Калојан од Византија ги одзел областите северно од линијата Скопје-Велбужд-реката Марица и Агатопол на реката Марица.[99]



Слика 15. Локалитет "Бобарка", с.Вратиславци, траги од средновековна населба (снимено 8.VIII.1990 г.).

95. Й.Ивановъ, Български старини. 396,412.
96. Документи за борбата на мак, народ. I. 114-116.
97. Исто, 117.
98 Хр.Милевъ, Карта на Търновското царство въ врѣме на Асѣновци (1185-1257). Пловдив 1909.9.; Б.Панов, Штип и Брег. област. 174. Спореди и В.Весковиќ-Вангели, Самостојните феудални владетели на Просек. Скопје 1966.
99. К.Иречекъ, История на Българитѣ. София 1929.176.

**Глава трета**

# ПИЈАНЕЦ ВО XIII И ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIV ВЕК

## I. ПИЈАНЕЦ ОД ПОЧЕТОКОТ НА XIII ВЕК ДО ПАЃАЊЕТО ПОД СРПСКА ВЛАСТ (1282 ГОДИНА)

Историјата на Пијанец во XIII век е тесно поврзана со историјата на соседните држави. Овој период претставува почеток на нова епоха во историјата на балканските народи, исполнета со секојдневни борби за превласт. Политичката карта на Балканскиот Полуостров често се менувала. На историската сцена стапувале новите словенски држави – Бугарија и Србија.

Кон крајот на XII и почетокот на XIII век на Запад постојано растело антивизантиското расположение. Со доаѓањето на папата Инокентие III на чело на Римската црква, во прв план дошла идејата за нова крстоносна војна. Покрај Инокентие III за крстоносна војна била заинтересирана и Венеција која не била задоволна од конкуренцијата на Ѓенова и Пиза. Сè додека постоела византиска власт во Цариград, Венецијанците не биле сигурни за одржување на својата доминација.[100] Слабоста на Византија во времето на Ангелите, довела до помисла за нејзино освојување. А кога Венецијанците ги споредиле своите трговски интереси и политичките аспирации, мислата за освојување на Цариград постанала стварност. Така крстоносната војна се претворила во орудие на освојувачката политика и се свртела против христијанска Византија.[101]

---

100. Г.Острогорски, Историја Византије. 388.
101. Исто, 389. За организацијата и текот на IV крстоносна војна види: Св.Георгиевъ, Четвъртият кръстоносенъ поход и графъ Балдуинъ Фландърски. БИБ.II кн.2 София 1929.

Крстоносците се собрале во Венеција за да отпловат со нејзините бродови во Египет. Но, бидејќи немале доволно средства да го платат превозот тие го прифатиле предлогот на дуждот Енрико Дандоло, наместо пари да го освојат Задар од Унгарците. Тоа било сторено во ноември 1202 година и претставува симболичен почеток на IV крстоносна војна.[102]

По првото скршнување дошло и до второ, предизвикано од доаѓањето на византискиот принц Алексиј Ангел, син на Исак II, кај крстоносците во Задар. На Крф во мај 1202 година меѓу него и крстоносците бил потпишан договор, а на 24 јуни крстоносната флота стигнала пред Цариград.[103] Алексиј Ангел бил поставен за византиски император, но не бил во состојба да ги исполни ветените обврски кон крстоносците. Од друга страна во Цариград не биле задоволни од неговиот сојуз со крстоносците и тој бил симнат од власта кон крајот на јануари 1204 година. Со тоа уште еднаш победил антилатинскиот правец во Византија, но само за кратко. Во март под цариградските ѕидини крстоносците и Венецијанците потпишале договор за поделба на Византија и формирање на Латинска империја во Цариград. Потоа почнал јуриш на ѕидините на Цариград и се случило тоа што морало да се случи: "на 12 април 1204 година византиската престолнина подлегнала на надмоќните сили на напаѓачот".[104]

Така, Цариград, кој со векови останал непобеден, опстојувајќи на нападите на Персијанците и Арабите, Аварите и Словените, Бугарите, Русите и Печенезите, паднал во рацете на крстоносците и Венецијанците.

---

102. За преговорите меѓу Венеција и крстоносците и заземањето на Задар види: А.Заборов, История крестових походов в документах и материалах. Москва 1977.169-175 и 178-189; Г.Острогорски, Историја Византије. 389.
103. Г.Острогорски, Историја Византије. 390.
104. Исто, 390.

По освојувањето на Цариград во дело бил спроведен договорот за поделба на Византија. Бил избран латински император во Цариград. Таа чест ја добил Балдуин Фландриски на 16 мај 1204 година во Света Софија. За латински патријарх бил избран Тома Морозини.[105]

На територијата на Византија настанала сложена и различна хиерархија на вазални држави. Во Солун било формирано кралство на чело со Бонифациј Монфератски. Во рамките на ова кралство биле вклучени и делови од Македонија. Другиот дел од Македонија бил вклучен во државата на Калојан.[106]

Калојан ја искористил настанатата ситуација во Византија со почетокот на IV крстоносна војна и ја проширил својата држава за сметка на Македонија. Ова проширување било извршено во 1203 година кога Калојан ја освоил Северна и голем дел од Западна Македонија со градовите: Скопје, Охрид и Бер.[107] Најверојатно и Пијанец потпаднал под бугарска власт во 1203 година, што може да се заклучи од фактот што во распределбата на византиските територии помеѓу крстоносците и Венеција Пијанец не фигурира.[108] А тоа значи дека не влегол во состав на териториите освоени од крстоносците.

По проширувањето на бугарската држава, нејзиниот владетел Калојан и Трновскиот архиепископ Василиј повеле преговори со папата Инокентиј III за признавање на бугарската држава, од кои произлегле неколку писма што ни ги

105. Исто, 396–397.
106. Исто, 396; История на България. Том I. София 1961.173.
107. К.Јиречек–Ј.Радонић, Историја Срба. I. Београд 1952.146; В.Н.Златарски, История на Българската държава през средните векове. III. София 1972.171; К.Аџиевски, Македонија во време на Латинското царство (1204–1207).207.
108. Г.Острогорски, Историја Византије. 387–391.

презентира И. Дујчев.[109] Преговорите биле успешно завршени и на 8 ноември 1204 година папскиот легат го крунисал Калојан за крал, а на Трновскиот архиепископ му дал чин примат.[110] При примањето на кралската круна Калојан склучил и црковна унија со Рим. Со овој акт биле извршени црковни промени и во Пијанец. Тој бил во состав на Брегалничката епископија, но под врховна зависност од Трновскиот архиепископ кој имал чин примат во бугарската држава.[111]

За потчинувањето на Бугарската црква под Рим сведочи и едно писмо на Калојан до Инокентиј III во кое вели: "... Сите цркви во целата моја империја и нивните приходи и мојот архиепископ, митрополитите, епископите и сите свештеници да бидат потчинети на Римската црква".[112]

Склучената унија не ги оправдала скриените надежи на папата да го распространи своето влијание во Бугарија и да ја прошири католичката пропаганда. Унијата останала само формален акт кој ја поставувал бугарската црква под врховништво на Римската, но со ништо не ги променил православните догми и обреди. Духовенството и понатаму останало приврзано на православието и не биле засегнати од дејство на католички мисионери и проповедници. За тоа сведочи и дел од писмото на Калојан до Инокентиј III со

---

109. За преговорите и преписката меѓу Инокентиј III и Калојан види: И.Дуйчев, Изъ старата Българска книжнина. II. София 1943.1-26; Истиот, Преписката на Папа Инокентий III съ българите - увод, текст и бележки. ГСУ Ист. - фил. фак. XXXVII,3. София 1942; С.Шанговъи и О.Д.Гюловъ, Епохата на Асеновци - писма ѿ Калоѧна до Инокентiи III. София 1961.

110. История на България. I.176.

111. Исто, 176.

112. И.Дуйчев, Изъ старата българска книжница. II.11. ("imperri mei Trinovi data et concessa fuerit a domino papa faciendix et consecrandi arhiepiscopos, metropolitas et episcopos et reliquas ecclesiasticas obsequutiones sacramentales, concedit imperium meum..."). (стр.10); С.Шанговъ и О.Д.Гюловъ, Епохата на Асеневци. 37.

кое ја потчинува Бугарската црква на Рим, каде истакнува дека: "Свештениците... ќе ги исполнуваат сите закони, обичаи, обреди кои ги исполнувале нашите претходници".[113] Така во Пијанец, иако заедно со сите цркви во државата на Калојан бил потчинет на Рим, сепак продолжила православната богослужба.

Во составот на бугарската држава Пијанец останал до 1207 година кога Калојан бил убиен, а по неговата смрт во Бугарија настапил период на династички борби. Одделни феудалци одбиле да му се потчинуваат на новиот владетел Борил (1207–1218), меѓу кои деспотот Алексиј Слав се прогласил за управник на областите во Пиринско и Родопите'[114] а во централна Македонија тоа го сторил Стрез.[115]

На прашањето под чија власт се наоѓал Пијанец може да се одговори ако се земе предвид фактот што териториите на Алексиј Слав и Стрез се граничеле, а границата меѓу нив минувала западно од Струма, по "планинските масиви на Малешевските Планини, Огражден и Беласица",[116]може да се заклучи дека дел од Пијанец бил вклучен во териториите на Стрез. По исчезнувањето на Стрез од историската сцена (1215)[117] по сè изгледа и брегалничкиот дел на Пијанец бил приклучен кон територијата на Алексиј Слав. Тоа

113. Исто.

114. За Алексиј Слав види поопширно: К.Аџиевски, Деспот Алексиј Слав, самостоен феудален владетел во Македонија. Годишен Зборник на Филозофскиот факултет - Скопје. Кн.3 (29). Скопје 1977; Р.Радић, Обласни господари у Византији крајем XII и у првим деценијама XIII века. ЗРВИ 24/25. Београд 1986, и таму цитираната литература.

115. За Стрез спореди: Љ.Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ. I.124–127; В.Весковиќ-Вангели, Самостојните феудални владетели на Просек; А.Данчева-Василева, България и Латинската империя (1204–1261). София 1975.87–89.

116. К.Аџиевски, Деспот Алексиј Слав. 85.

117. Љ.Лапе, Одбрани текстови. I.127.

значи дека во првите децении на XIII век Пијанец ја делел судбината на кнежевството на Алексиј Слав.[118]

Другиот дел од Македонија цело време бил предмет на завојувачките претензии на соседните држави.[119]

За уредувањето на државата на Алексиј Слав не се знае многу. Причина за тоа се малиот број изворни податоци. Од Алексиј Слав е зачувана една сигилија (повелба) од 1220 година дадена на манастирот Света Богородица Спилеотиса во Мелник.[120] Поради недостиг на податоци, прибегнуваме кон компарација, бидејќи такво нешто постои за Мелник, а поради близината сметаме дека се однесува и на Пијанец, може да се заклучи дека врховен господар на земјата се сметал Алексиј Слав, кој имал право да подарува земја и ослободува од даноци. Алексиј Слав на манастирот му го подарил селото Катуница со неговите жители.[121] Над имотот на манастирот немал власт "... ниту епископот во тоа време, ниту практорот да влегува во тоа село или во манастирот да бара што и да е, или сака некаква потреба или за набор (данок) или за давање добиток, или за ангарија, или парангарија, или псомозимија и да не се подлегнуваат монасите или жителите на селото на никакви даночни и практорски давања".[122]

Исто така било забрането "епископот да влегува во тој манастир или селото, освен ако не биде повикан од монасите".[123] Според податоците со кои располагаме не

118. За ситуацијата во Кнежевството на Алексиј Слав види опширно: К.Аџиевски, Деспот Алексиј Слав; А.Данчева-Василева, България и Лат. империя. 89-92.
119. М.Пурковић, Јужна Србија од V века до Карађорђевог устанка. Скопље 1937.202; Д.Ангелов, История на Византия. III. София 1967; Б.Панов, Борбите меѓу Епир, Никеја и Бугарија за господството над Македонија (1215-1261 година). Средновековна Македонија. III. Скопје 1985.86-88.
120. И.Дуйчев, Изъ старата българска книжнина. 30-35.
121. Исто, 31. "κατουνιτξαν" (30).
122. Исто, 32 и 33.
123. Исто, 33.

може да се разбере дали целата територија што ја владеел Слав била организирана во една епископија или не.

Во сигилијата е одредено манастирот да се вика "деспотски и царски и да зависи од неговата (деспотската) личност".[124] Исто така, било пропишано без согласност на деспотот да не се поставува владика: "владиката ако не е мој роднина (да не може) да се поставува или да изјавува наследни права над него, туку монасите да го имаат наследството по предавање и на игуменското место според советот и желбата на сите да биде поставен достојниот".[125]

Основната категорија на црковно зависно население биле мирјаните,[126] но за нивната положба нема податоци и не можеме да го одредиме нивниот статус. Сигилијата претставува единствен зачуван документ од А. Слав.

Пијанец останал во составот на државата на Алексиј Слав до 1230 год., кога тој исчезнува од историската сцена, по битката кај Клокотница. Инаку битката кај Клокотница се водела меѓу епирските и бугарските војски.[127]

Недостатокот на изворни податоци не ни овозможува да го определиме ставот и улогата на Алексиј Слав во оваа битка. Но, ако се знае неговата политика на лавирање може да се заклучи дека тој останал неутрален. По битката кај Клокотница му се губи трагата, а со тоа престанало да постои и неговото кнежевство. По 1230 год., Пијанец паднал под бугарска власт.

По битката кај Клокотница Иван Асен II ги потчинил под своја власт: Одрин, Димотика, Сер, Пелагонија, Прилеп, Албанон и др. Во натписот во црквата "Св.Четириесет

---

124. Исто, 35.
125. Исто, 35.
126. Исто, 35.
127. В.Златарски, Иван Асен II (1218–1241). БИБ.III/3 София 1930.13; Г.Острогорски, Историја Византије. 409; Б.Панов, Борбите меѓу Епир...87; К.Аџиевски, Деспот Алексиј Слав. 91; А.Данчева-Василева, България и Лат. имп. 91 и 129.

маченици" во Трново, Асен II гордо истакнува дека ги освоил "сите земји од Одрин до Драч",[128] и дека само Цариград со околните градови останале во рацете на Франките (Латините), "но и овие" продолжува Асен II, "се покоруваат на мојата власт, бидејќи немаат цар и живеат по моја волја, бидејќи така Бог заповеда".[129]

Од ова може со сигурност да се заклучи дека по битката кај Клокотница Пијанец бил вклучен во бугарската држава. Бугарската држава толку многу зајакнала што за Цариград претставувала сериозна опасност. Официјалната политика била насочена против Асен II, кој погоден од тоа склучил сојуз со Никеја за протерување на Латините од Цариград.[130] Со политичкото зближување на Асен II со Никеја била предизвикана и промена во црковната политика на Бугарија.[131]

Унијата што била склучена со Рим во времето на Калојан во новонастанатата ситуација не била актуелна. Асен II се свртел кон Никеја од каде сакал да добие афтокефалност на својата црква.[132] По долги преговори Никеја се согласила за формирање на Бугарската патријаршија во Трново. Договорот за сојуз бил потпишан во пролетта 1235 година во Галиполе. Со согласност на источните патријарси тука била прогласена и Бугарската патријаршија.[133] Еден од условите за зближување меѓу Никејската и Бугарската црква било: "Трновскиот архиепископ и

128. И.Дуйчев, Изъ старата българска книжнина. II.42; Г.Острогорски, Историја Византије. 409; Б.Панов, Борбите меѓу Епир...87.
129. Исто.
130. В.Н.Златарски, Иван Асен II.25; Г.Острогорски, Историја Византије. 410.
131. В.Златарски, Иван Асен II.25.
132. Х.Милевъ, Карта на Търновското царство въ врѣме на Асѣновци (1185–1257) 11–12; К.Иречекъ, История на Българитѣ. София, 1929.198; Г.Острогорски, Историја Византије. 410; В.Златарски, Иван Асен II.25; За преговорите меѓу Бугарија и Никеја види: П.Никовъ, Църковната политика на Иванъ Асеня II. БИБ.III.3 София 1930.90–93.
133. В.Н.Златарски, Иван Асен II.26.

потчинетите други митрополити и епископи откако ќе бидат избрани на Соборот на месните епископи, треба да добијат свое ракополагање од патријархот или пак, од неговиот наместник или егзарх, во спротивно тие нема да се признаваат".[134] Но, Иван Асен II не се држел до оваа одредба и новоизбраниот Трновски патријарх самиот го именувал.

Во овие прилики Пијанец црковно останал во составот на Брегалничката епископија која била во составот на Охридската архиепископија.[135]

*

* *

За аграрните односи во Пијанец во периодот на бугарското владеење најбогати податоци содржи Виргинската грамота на Константин Асен.[136] Покрај другите имоти и права што биле дадени на манастирот Св.Георги-Горг, му биле дадени и имоти во "... Подмирь ... катѹнск(и)х ...сь нивиемь, сь ливадами, сь лѡвищи и сь всѣми правинами".[137] Овие имоти Т. Томоски ги лоцира во Пијанец.[138] А катунските населби најверојатно се наоѓале на планината Влаина во непосредна близина на с.Подмир. Нивите би биле во полето околу селото, а ливадите и ловиштата најверојатно на планината и покрај реката Брегалница.[139]

---

134. Исто, 31; К.Иречекъ, История на България. 199.
135. И.Снѣгаровъ, История на Охридската Архиепископия. Први том. София 1924.142.
136. Грамотата ја издале: Й.Ивановъ, Български старини. 578-587, и ја датира во 1277 година; К.Илиевска, В.Мошин, Л.Славева, Грамотите на манстирот Св.Георги-Горг Скопски. Во кн. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том I. Скопје 1975.181-204 и ја датираат во 1258 год.
137. Й.Ивановъ, Български старини. 584; Споменици за средновековната и поновата ист. на Македонија. I.134.
138. Т.Томоски, Мороздвиждска епископија. 101. С.Подмир го лоцира кај месноста "Миро" во с.Град, Пијанечко, спореди: Вис-Подвис; Миро-Подмир.
139. Топонимот Миро постои денес, во негова близина има плодни ниви, а пасиштата се планински. Тој дел на Пијанец е најплоден.

Во Грамотата се наведени и имотите во Велбужд: "метох вь Вельбѫжи светоі Никωлае вь ко(ль)ши, сь виноград и (сь нивиемь), и сь всѣми (п)равинами".[140] Овие имоти се наоѓале во непосредна близина на Пијанец.

Во Пијанец би можеле да се лоцираат и имотите: "село Лъжени сь винωград... селω Калуѓерωвѣнѫ".[141] На ваков заклучок наведуваат топонимите зачувани покрај средновековниот пат од Велбужд за Брегалница преку источно Осогово. Во с.Костин Дол постојат топоними Лажовци и Лажовски Ливади,[142] што се наоѓаат во планинскиот дел од селото, а нешто пониско кон реката Брегалница, постојат топонимите Калуѓерица, Калуѓерски Дол и Селиште.[143]

Како основна категорија зависно население се споменуваат "парици" (парикоі)[144] и поповјаните "поповиюни"[145] тие биле црковно зависно население.

Имотите што биле подарени со оваа грамота уживале полн судски имунитет, "да не сѫди никωи владелецъ по дрьжава... ньω всакωм дльгу да сѫди игумен" а за прекршителите била утврдена казна од девет златници.[146] Враждата се земала само од утврден виновник и тоа преку суд, а била укината колективната одговорност на селото.[147] Било потврдено имунитетното право од плаќање приселица,

---

140. Й.Ивановъ, Български старини. 584; И.Дуйчев, Изъ старата българска книжнина. II.60; Споменици за средновековната и поновата ист. на Мак. I.194.
141. Исто.
142. Според теренските истражувања од VIII м. 1989 год. местата постојат.
143. Овие локалитети се наоѓаат помеѓу селата Костин Дол и Вратиславци. На месноста Селиште се наоѓаат траги од средновековната населба, се откопуваат ќерамиди и глинени ќунци за вода. Досега овие локалитети не се проучувани.
144. Й.Ивановъ, Български старини. 584; И.Дуйчев, Изъ старата българска книжнина. II.59.
145. Й.Ивановъ, Български старини. 582.
146. Исто, 585: "И да плати димосиω" θ златиць.
147. Исто, 586.

волоберштина, перпер и димнина на сите манастирски метоси и имоти.[148] За прекршителите била предвидена казна изразена во санкцијата со божја клетва и одредбата "да сѫ продасть въ демосиѫ" т.е. да платат 6 перпери.[149]

Житото што населението го произведувало за исхрана било мелено на воденици. Според податоците од Виргинската грамота на Константин Асен може да се заклучи дека постоеле црковни и световни воденици. Тоа е очигледно од одредбата да не се градат воденици на црковна земја "водѣницѫ поставити на цр҃ковнои водѣ".[150]

Ако се има предвид состојбата со водните текови во Пијанец, во тој период, воденците се делеле уште и на зимни и летни. Зимните воденици биле градени на помалите потоци, кои во зимно време се збогатувале со вода и така можеле да работат воденците.[151] Додека пак, летните биле изградени на Брегалница и Елешница и работеле во текот на целата година.

*

* *

Моќта на бугарската држава почнала да слабее по 1241 година, кога на Балканот се појавиле Монголите од Исток. Истата година умрел Иван Асен II што влијаело во борбата за обновување на Византија и за превласт на Балканот предност да добие Никеја.[152]

---

148. Исто, 586: Приселицѧ да не плащаѧть метохиѫ стаго Геѡргиꙋ, ни волоберъштинѫ ни перпера ни димнинѫ.
149. Исто, и да сѧ продасть вь демосиѫ ѕ. перперъ.
150. Исто, 586.
151. Сп.В.Мошин, Акти из светогорских архива. Споменик СКА. Београд 1939. XCI. 214. "У томь жде селе. ѕ.млиновь зимнихь". Инаку Мошин смета дека зимните воденици не работеле во лето, за разлика од секојдневните "млин всеврѣменьнь" кои работеле цела година. Спореди: бел.56. Остатоци од зимни воденици постојат и денес по потоците на Пијанец и тоа на: Косевичка Река, Селска Река, Очеполска, Ѕвегорска, Бигланска Река и др.
152. Г.Острогорски, Историја Византије. 412.

Користејќи ја новонастанатата ситуација Јован III Ватац навлегол во Македонија. Во текот на 40-тите години на XIII век тој успеал да ги освои: Сер, Мелник, Пелагонија, Прилеп, Велес, Велбужд, Стоби, Скопје и други.[153] Со освојувањето на Велбужд кој се наоѓал северно од Пијанец и јужно на Родопската област, фактички целата територија на Пијанец влегла во составот на Никејската држава. Во 1246 година Никејците го зазеле Солун со што ја презеле доминацијата на Балканот.

По смртта на Јован III Ватац (3 ноември 1254 год.) неговиот наследник Теодор II Ласкарис (1254-1258 год.) не бил во состојба да ја продолжи неговата експанзионистичка политика. Тоа го искористила Србија на чело со Урош I кој "тргнал во поход за освојување на териториите во Македонија што припаѓале на Никејската империја".[154] Со војска од 1000 војници ги освоил: Скопје, Кичево и Прилеп во 1258 година.[155] Ова навлегување на Србија било за кратко време, бидејќи под притисок на Никеја српските војски се повлекле зад Шар Планина. Од овие српски навлегувања Пијанец не бил зафатен.

По неуспехот на Србија, таа се свртела на Запад и успеала да формира коалиција против Никеја. Во коалицијата влегле: епирскиот деспот Михаило II, ахајскиот кнез Виљем II Вилардуен и сицилијанскиот господар Манфред.[156] Во тој момент на чело на Никеја се наоѓал Михаил VIII Палеолог, кој во 1259 година успеал да ги разбие војските на

---

153. Извори за Българската история. XV; Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 47; Б.Панов, Борбите меѓу Епир...88.
154. Б.Ферјанчић, Србија и византијски свет у првој половини XIII века (1204-1261). ЗРВИ. XXVII-XXVIII, Београд 1989.141.
155. Исто, 141; Спореди: К.Јиречек, Историја Срба. 181; Г.Острогорски, Историја Византије. 420.
156. Б.Ферјанчић, Србија и византијски свет...143.

коалицијата кај Битола.[157] Набргу потоа во 1261 година Михаил VIII Палеолог ја обновил Византија,[158] со што си ја обезбедил превласта на Балканот.

Пијанец влегол во составот на обновената Византија и понатаму ја делел судбината на соседните области и Византија. Со тоа во него биле извршени нови политички промени. Тој останал во составот на Византија до 1282 година.

Византија вовела своја политичка и црковна управа. Феудалните односи во неа отишле уште понапред во својот развој. Податоците од изворите сведочат за понатамошен растеж на крупниот земјопосед, како световен така и црковен. Во услови на сè посилно утврдување на феудалното уредување и понатамошниот развој на стокопаричните односи се согледува видно преовладување на феудалната рента во пари.[159]

Во пари бил плаќан основниот данок (τελοs),[160] како и разните десетоци. Паралелно со паричната била распространета и натуралната рента, која особено била изразена во давачките "канискија и икомодион" (κανισκιον, ικομοδιον).[161] Размерот на даноците се определувал според количеството земја што ја имало едно селско семејство, како и врз основа на бројот на работоспособните членови во него и од бројот на работниот добиток. Но овој сооднос не бил секогаш запазуван и не бил секаде ист.[162]

---

157. Византијски извори за историју народа Југославије. Т.VI. Београд 1986.12; Б.Ферјанчић, Србија и византијски свет...143. Србија непосредно пред битката истапила од коалицијата. Сп. Историја српског народа. I.351.158. Г.Острогорски, Историја Византије. 421; Д.Ангелов, История на Византия Т.III.44.
158. Г.Острогорски, Историја Византије. 421; Д.Ангелов, История на Византия, III.62-66.
159. За феудалните односи во обновена Византија спореди: Д.Ангелов, История на Византия, III, 62-66.
160. Исто, 65.
161. Исто, 65.
162. История на България. I.195.

Во сила останала и одработната рента. Селаните биле повикувани да градат патишта, тврдини, мостови, дворци.[163] Биле терани да ги чуваат затворите, премините, патиштата, да одгледуваат кучиња и соколи за потребита на владетелот, да даваат домашни животни за потребите на администрацијата и војската. Едно од потешките задолженија на селаните било да се грижат за храна и живеалиште на чиновниците што минувале низ селото.[164] Размерот на ангариите можел да биде зголемен во зависност од потребите на феудалниот господар.

Селаните во тој период се делеле на три категории: имотни, средни и бедни.[165] Оваа поделба била резултат на натамошното раслојување на селото во Византија.

По обновувањето на Византија во Пијанец настанеле и црковни промени. Тој останал во составот на Брегалничката епископија, која била потчинета на Охридската архиепископија, а таа под Цариградската патријаршија. Соочен со опасноста од Татарите[166] и од зајакнатите словенски држави на Балканот: Бугарија и Србија, кои во 1273 година[167] испратиле пратеници на дворот на Карло Анжујски, при што била формирана нова коалиција против Византија, Михаил VIII Палеолог пристапил кон нов курс на византиската надворешна политика. Тој повел преговори со папата за склучување црковна унија. За таа цел папата Григориј X свикал собор во Лион на 6 јули 1274 година, на

163. За феудалната рента во Македонија од периодот на византиското владеење спореди: Б.Панов, Средновековна Македонија. Т.II. Скопје 1985, и таму цитираната литература.
164. Д.Ангелов, Приходите на средновековната българска държава. Исторически преглед. II.4-5. София 1945/46.402; А.Бурмов, Зависимото население в България през XIII и XIV век. Исторически преглед. III-3. София 1946/47.261.
165. М.Андреев - Д.Ангелов, История на българската държава и право. София 1959.129.
166. Г.Острогорски, Историја Византије.429.
167. Исто, 430/31.

кој византиските пратеници се одрекле од шизмата. Михаил VIII сакал да го искористи овој собор за да ги уништи словенските цркви во Трново и Пеќ. За таа цел тој со хрисовул од 1272 година,[168] настојувал да ја воспостави Охридската архиепископија во границите што ги имала во 1020 година. Со тоа требало да се одземе правото на постоење на српската и бугарската црква. Неговите пратеници во Лион истакнале дека тие цркви се основани без согласност на папата во времето кога Грците во сојуз со Словените војувале против Латините и без право настојувале да се обнови старата Јустинијанова црква, кон која некогаш припаѓале и епархиите на дел од тогашна Србија и Бугарија.[169] Оваа црковна унија не му донела посебни успеси и придобивки на Михаил VIII.

Во 1282 година умрел Михаил VIII. Најголема корист во сојузот против Византија имале Србите. На чело на Србија стоел Стефан Урош II – Милутин.[170] Од неговото време започнува непрекинатиот продор на Србите во Македонија.

Михаил VIII Палеолог бил последниот византиски император што го поседувал Пијанец во свои раце. По неговата смрт тој бил изгубен за Византија и тааповеќе не успеала да го врати под своја власт. Целиот период на владеењето на Михаил VIII Палеолог во Пијанец бил проследен со чести воени акции што ги организирала Византија против Татарите и Бугарите, а потоа и против Србите.

168. Специјално за тоа види: С.Антолјак, Дали се автентични оние три исправи на царот Василиј II издадени во корист на Охридската архиепископија. Средновековна Македонија. Т.I. Скопје 1985.705.

169. К.Иречекъ, История на Българитѣ. 212; М.Дринов, Въпрос за българската и сръбската църкви пред съдалището на Лионския събор в 1274. Съч. III.215–231.

170. Поопстојно за милутиновото владеење види: С.Новаковић, Немањићке престонице Рас–Паун–Неродимља. Глас–СКА–LXXXVIII, Београд 1911.2, 21 и 22; К.Јиречек, Историја Срба. I.189; Историја српског народа. Т.I.439.

## II. ПИЈАНЕЦ ВО ВРЕМЕТО НА СРПСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ (1282–1355)

### 1. Пијанец од паѓањето под српска власт 1282 година до битката кај Велбужд 1330 година

Со доаѓањето на власт на Милутин во 1282 година во Србија започнал нов период во односите со Византија. Тој период бил исполнет со непрекинати борби за превласт на Балканот. Во тие борби најмногу настрадала Македонија, која всушност била центар на овие настани.

Милутин ги започнал своите завладувања кон Македонија во договор со Карло Анжујски и заедно со севастократорот Јован Тесалиски навлегле во Македонија во пролетта 1282 година.[171] Српскиот крал го зазел Скопје, кое Византија го изгубила за секогаш.[172] Покрај Скопје, српските војски зазеле и повеќе блиски градови и области. Изворни податоци за тоа дава архиепископот Данило II кој вели: "... Милутин заповеда да се соберат сите негови војници и кревајќи се со сета своја сила замина за државата во областите на грчкото царство, во соседните краишта, а тоа се овие што ќе ги кажам: прво ги заседе двата Полога со нивните градови и области, главниот град Скопје, потоа Овче Поле, Злетово и Пијанец. Сите овие земји ги презеде во почетокот на своето владеење и ги придаде кон државата на својата татковина... Смирувајќи ги сите места, тој ги испади оние што правеа протести и буни и повторно се врати свечено во својата земја...".[173] Според овој податок

171. Г.Острогорски, Историја Византије...434.
172. Исто, 434; К.Јиречек, Историја Срба. I.191; Историја српског народа. I.439.
173. Архиепископ Данило II, Животи краљева и архиепископа српских. Београд 1935.82; Љ.Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ. I.155. Спореди и: К.Иречекъ, История на Българитѣ. 216; М.Пурковић, Јужна Србија од V века до Карађорђевог устанка. 202; В.Н. Златарски, Българо-сръбските политически отношения...87; К.Јиречек,

Пијанец паднал под власта на Милутин истата 1282 година. Тоа се случило како што може да се заклучи од изнесеното, веднаш по неговото доаѓање на власт 1282 година. В. Мошин е на мислење дека тоа било во периодот меѓу "сицилијанската вечерна" - 31 март 1282 година и смртта на Михаил VIII Палеолог - 11 декември 1282 година. А бидејќи есента се вратил во својата татковина, тоа значи дека освојувањето на Пијанец заедно со Северна Македонија било извршено во пролетта и летото 1282 година.[174]

Кога Михаил VIII Палеолог дознал за српските навлегувања се зафатил со организирање противнапад за враќање на изгубените територии. Овој негов потфат не бил реализиран, бидејќи во екот на подготовките умрел на 11 декември 1282 година.[175] Милутин пак користејќи ја новонастанатата ситуација во Византија "навлегол длабоко во Источна Македонија и ја опустошил сè до Серес и Крстопол. Потоа на враќање ги запоседнал краевите: Порече, Кичево и Дебар. Пограничната линија без склучен мир минувала северно од византиските тврдини Струмица, Просек, Прилеп, Охрид и Кроја".[176]

Со овие српски освојувања Пијанец станал погранична зона на исток помеѓу Србија и Византија и бил организиран

---

Историја Срба. I.191; В.Мошин, Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин. - Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Т.II. Скопје 1977.161; В.Мошин, Крал Милутин според неговата биографија од Данило II, неговото "Житие по свиток" и неговата автобиографија. - Споменици... II.312; Историја српског народа. I. Београд 1981.439; Б.Панов, Српската хегемонија на Балканот и паѓањето на поголем дел на Македонија под српска власт (крај на XIII - средина на XIV век). Средновековна Македонија. III. Скопје 1985.89.

174. В.Мошин, Балканската дипломатија и династичките бракови...162; Историја српског народа. I.439.

175. За Михаил VIII Палеолог види: Г.Острогорски, Историја Византије. 422-435.

176. К.Јиречек, Историја Срба. I.191; К.Иречекъ, История на Българитѣ... 216,; Историја српског народа. I.41, спореди и карта на стр.453.

како краиште. Како таков тој бил изложен на секојдневни војувања за што сведочи и тоа што "за време на крал Милутин, во пограничните краеви, кои биле кон Струма итн., непрекинато се војувало. Границата често се пробивала и се одело сѐ до Кавала и Света Гора".[177] Краиште претставувала погранична област со која управувале властели-краишници. Нивна основна должност била да ја чуваат границата од навлегување на непријателски војски и разбојнички банди.[178] Во граничните појаси на местата погодни за навлегување имало камени или дрвени утврдувања или засеци и пресеци кои лесно се затворале.[179] Остатоци од такви утврдувања во Пијанец се видливи кај селата Габрово; Вирче (Прекинато Градиште); Град; Тработивиште; Разловци и Истевник (Бранигад). Чувањето и заштитата на границата не било лесна задача, особено од крајот на XIII век кога границата меѓу Србија и Византија постанала "летечка" и постојано се поместувала.[180]

Новиот византиски император Андроник II Палеолог (1282–1328 г.) не можејќи да се помири со губењето на Северна Македонија организирал воен поход против српската држава. Овој византиски поход го водел искусниот војсководач Михаил Главас (1297 год.),[181] но и тој обид останал без резултат. Спрема младата словенска држава, истрошената Византија била немоќна. Тогаш Андроник II решил да се договори со Милутин на кого му понудил договор за мир и брак со сестра си Евдокија.[182] Евдокија од-

177. Ј.Павловић, Малешево и Малешевци... 25, бел.1.
178. Д.Јанковић, Историја државе и права феудалне Србије (XII-XV век). 76.
179. Н.Радојчић, Друштвено и државно уређење Србије у доба Немањића. Летопис Матице Српске. Кн.31. св.1. Нови Сад 1934. 2.
180. Д.Јанковић, Историја државе и права феудалне Србије (XII-XV век). 76.
181. Г.Острогорски, Цар Андроник II. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Т.II. Скопје 1977.45; Историја српског народа. I.445.
182. За женидбата на Милутин спореди: М.Ласкарис, Визатиске пренцезе. 57–58. Историја српског народа. I.447.

била да појде за жена на Милутин, при што Андроник II се нашол во тешка положба. Единствен спас за ситуацијата и за смирување на Милутин, Андроник II нашол во својата петгодишна ќерка - Симонида, која ја понудил за жена на Милутин.[183] По долги преговори, во врска со кои Теодор Метохит петпати патувал во Србија, за што оставил свое "послание",[184] во пролетта 1299 година бил потпишан договор за мир и била прославена Милутиновата свадба со малата византиска принцеза.[185] Освоените замји и градови северно од линијата Охрид-Прилеп-Штип, Милутин ги задржал како мираз.[186]

Со тоа Византија и официјално ги признала овие места за изгубени. Така Милутин успеал да ја постигне својата главна цел, да ја освои и задржи Северна Македонија заедно со Пијанец. Тоа му го овозможила слабата Византија и зафатеноста на Бугарија со Монголите (1280-1292 год.).[187]

Границата меѓу Византија и Србија на исток од Штип одела по вододелницата на реките Брегалница и Струмица т.е. по планината Плачковица, Голак, с.Работивиште, Влаина Планина и се спуштала до Струма негде кај с.Четирци, а оттаму по реката Струма до Велбужд.[188] Така целата територија на Пијанец била опфатена во рамките на Милутиновата држава.

183. М.Ласкарис, Византиске принцезе. 58; Г.Острогорски, Цар Андроник II. 45.
184. Види: Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Т.II. Скопје 1977.227-307; Извештај за пратеништвото на Теодор Метохит. Текст според Sathas, превод од П.Хр.Илиевски.
185. В.Мошин, Балканската дипломатија... 187; Историја српског народа. I.447.
186. К.Јиречек, Историја Срба. I.194; В.Мошин, Балканската дипломатија... 187; Г.Острогорски, Цар Андроник II.45; Истиот, Историја Византије. 457.
187. В.Н.Златарски, Българо-сръбскитѣ политически отношения въ миналото. стр.90-91.
188. Спореди: Карта на Србија во времето на Милутин. - Историја српског народа. I.453.

Во почетокот на XIV век на Запад оживеала идејата за обновување на Латинската империја. Главен иницијатор бил Карло Валоа, француски принц. За остварување на своите планови Карло Валоа во 1306 година склучил спогодба со Венецијанската Република. Кон овој сојуз пристапил и кралот Милутин, кој ја продолжил својата политика на договорање со Запад за борба против Византија. Тој во март 1308 година испратил во Франција двајца пратеници: Марко Лукари од Дубровник и Трифун Михаиловиќ од Котор.[189] Во еден манастир кај Мелена, на 27 март 1308 година српските пратеници го потпишале договорот со Карло Валоа за поделба на византиска Македонија. Покрај другите одредби во договорот на крајот се набројуваат тврдините и земјите што му се отстапуваат на Милутин: "Прилеп до меѓата на тврдината Присек (Просек), Овче Поле до меѓата на тврдината Штип, земјата од Дибре до реката Махат (р.Маат во Албанија), областа Кичане до границата на Хокерија (црногорски предел на племето Кучи) и од тие области до кралството Славонија".[190]

За да се потврди договорот, карло Валоа со српските пратеници испратил своја делегација кај кралот Милутин за да се увери на лице место во кралската заклетва и во приходите на тврдините што ги држел Милутин. Милутин го потпишал договорот на 25 јули 1308 година во шаторите под местото "Goliqueline".[191]

189. А.Убичин, Уговор о савезу и пријатељству међу Карлом од Валоа и посланицима српског краља Уроша. Гласник српског ученог друштва (ГСУД), књ.X. Београд 1870.310; В.Мошин, Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа од 1308 година за поделбата на византиска Македонија. II. Скопје 1977.422.

190. А.Убичин, Уговор о савезу... 324. "castri nomine Prilep usque ad confines castri nomine Prisec, et contrata Ouciepoullie usque ad confines castri nomine Stip, et contrata Quiciane usque ad confines Hoguerie..." (превод на стр.325).

191. А.Убичин, Уговор о савезу... 26-27; В.Мошин, Договорот на крал Милутин со Карло Валоа. 423.

А. Убичин смета дека "Goliqueline" се однесува на Голак или Гнилане, при што допушта можност Гнилане да е погрешно напишано.[192] Планината Голак го заградува Пијанец од југозападна страна. По неа врвела и српско-византиската граница во времето на Милутин. Од северната страна на Голак постојат остатоци од повеќе средновековни манастири и цркви, а и од две градишта, едното во високиот дел на планината кај Стара Река - помало и едно поголемо над реката Брегалница. Второто градиште има многу поволна положба за одбрана и од него се гледа целиот Пијанец. На локалитетот се видливи траги од утврдување и остатоци од петоаголни кули. Утврдувањето било градено со вар, што значи дека имало важна улога. На мислење сме дека Милутин токму во шаторите кај тоа градиште го потпишал договорот и не треба да се помислува дека Голиквелин е погрешно напишано. Дотолку повеќе што при потпишувањето на договорот Милутин истакнува дека го држи градот Штип, кој не е влезен во договорот и бара да биде дополнително внесен. Тоа нè наведува на заклучок дека Милутин бил воено ангажиран на исток и затоа се нашол под Голак.

Во прилог на оваа теза зборува и фактот што во близина на градиштето под Голак се наоѓа селиштето Котража[193] каде што во 1289 година кралицата Јелена на Дубровчаните им потврдила поседување лозја, како што им потврдил нејзиниот син крал Урош.[194] Бидејќи меѓу српските пратеници еден бил Дубровчанин, тој сигурно бил запознат

192. А.Убичин, Уговор о савезу... 327.

193. За убикацијата на Котража види: А.Атанасовски, Кон прашањето околу местоположбата на имотите на Злетовската епархија во Пијанец, според грамотата на цар Душан од 1374 година. Годишен зборник на Филозофскиот Факултет Скопје. Кн.17-18 (43-44). Скопје 1990-91. стр.42.

194. Старе српске повеље и писма. Књ.I. први део, средио: Љуб. Стојановић, Београд-Ср.Карловци 1929. стр.30; ... и каку имь милсть створиль сͨнь кралвьства ми крал Урошь такоге имь и ю стварамыю ту имь милсть створи кралвьство ми на Котражи...".

со местото Голак, т.е. кај Котража каде што престојувал крал Милутин.

Овој договор меѓу Карло Валоа и крал Милутин никогаш не бил спроведен во дело, бидејќи Катерина Куртене умрела истата 1308 година,[195] со што престанале претендентските аспирации на Карло Валоа кон цариградскиот престол.

По 1308 година настапил период на затишје на византиско-српската граница и таа не се менувала сè до 1330 година. Причина за тоа било повторното помирување на Милутин со Византија 1313 година, како и опасноста за Византија што доаѓала од Исток, од Турците Османлии. Еден одред дури преминал на Балканот и "пљачкале и ја



Слика 17. "Гладно градиште" - с.Драмче, траги од средновековен град, граден со малтер, регистриран од А.Керамитчиев (снимено 26.VII.1990 г.). Во негова близина се наоѓа селиштето Котража.

195. В.Мошин, Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа. 427.

пустошеле на најстрашен начин ромејската земја во Тракија".[196] Дали од овие турски навлегувања бил засегнат и Пијанец не е познато. За протерување на Турците, Андроник II побарал помош од зетот Милутин кој му испратил одред војници во истата 1313 година.[197] Благодарение на српската помош Византија успеала да ги победи Турците и привремено да се ослободи од нивните недела на европскиот дел на Византија. Од тој момент до крајот на својот живот (1321 година) Милутин останал верен на својот дедо Андроник II. Со тоа и границата меѓу Византија и Србија не се менувала. Така Пијанец останал погранична област меѓу Србија и Византија.

Милутин го задржал освоениот дел од Македонија благодарение на мудрата политика што ја водел. Тој особено внимавал на неговиот однос кон македонскиот народ. "Народот, кој наоѓал единствена поткрепа на својата вера и обичаи во црквата ги фалел и длабоко ги почитувал оние владетели кои биле штедри во даровите кон црквата и ги поврзувале сите свои дела со верата и религиозниот живот на народот".[198] Токму овој факт го имал пред себе Милутин, кога ја соединил силата и итрината во едно и на тој начин успешно ја реализирал својата освојувачка политика. Прва задача во спроведувањето на освојувачката политика било да се придобие месното население за да не се буни против новите власти. Милутин го имал предвид фактот што Македонија долго време била под византиска власт и затоа правел разлика меѓу "српските земји" и "грчките земји" т.е. освоени византиски територии.[199] На

196. Византијски извори за историју народа Југославије. Т.VI. Београд 1986, стр.180-184.
197. Исто. 184-188.
198. Ив.Сакъзовъ, Обществено и стопанско развитие на България при Асеневцитѣ. БИБ.III.3 София 1930.123.
199. Д.Јанковић, Историја државе и права феудалне Србије (XII-XV века). 71.

териториите одземени од Византија оставил да владеат истите обичаи прилагодувајќи ги на својата политика. За таа цел Милутин почнал да ги копира византиските императори и почнал да ги дарува црквите и манастирите со богати имоти. Зачувана е повелбата за манастирот Св.Георги Горг во Скопје од 1300 година,[200] со која му подарил богати имоти.

Исто така Милутин презел и градежничка дејност, но од расположивите изворни податоци за Пијанец не ни е познато дека во тој дел изградил цркви.[201] Покрај изградбата на цркви и манастири Милутин ги подарувал со богати подароци,ниви, пасишта, села, селишта, воденици, лозја, шуми и сл.[202] Тоа кај месното население имало голем ефект, особено кај она што се наоѓало на подарените имоти. Причината за задоволство се состоела во тоа што подарените луѓе биле обезбедени со привилегии,[203] а од друга страна, владетелот истапувал пред лицето на народот како заштитник на сиромасите и гладните. Овие подарувања имале и друга цел. Преку нив Милутин успешно ги контролирал освоените територии и си обезбедувал заштита при посетата на истите.

Покрај придобивањето на обичното население Милутин успеал да ја придобие и воинствено расположената властела,[204] бидејќи и таа добивала имоти. Новоосвоените територии Милутин ги уредил по примерот на српската држава. Целата освоена територија ја поделил на повеќе жупи.[205] На

200. Спореди: К.Илиевска, В.Мошин, Л.Славева, Грамотите на манастирот "Св.Георги-Горг Скопски". Скопје 1975, 507-519.
201. За градежничката дејност на Милутин види: С.Николовска, Изградени и обновени манастири и цркви од Кралот Милутин. - Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, II. 507-519.
202. К.Илиевска, В.Мошин. Л.Славева, Грамоти на манастирот Св.Георги-Горг Скопски. 205-238.
203. За привилегиите види: Грамоти на манастирот Св.Георги-Горг Скопски, стр.223, 224; 229-233.
204. За власта спореди: Д.Јанковић, Историја државе и права. 45-48.
205. За жупите и нивната организација и управа спореди: Д.Јанковић, Историја државе и права. 74-75.

чело на жупата поставувал некој од неговата властела. За жупи, кнез жупски, судија жупски, станува збор и во грамотата на Св.Георги-Горг Скопски.[206]

Во новоосвоените земји се затекнувале извесен број месни великаши, кои пред тоа располагале со свои имоти и имале извесна власт, во претходниот период XI-XII век, за што има податоци во житијата на Ј. Осоговски и Гаврил Лесновски.[207] Милутин ги примал во редовите на својата властела. Тоа го правел по принципот на склучување бракови или по пат на заклетва за верно служење и потчинување. Тоа било важно за стабилноста на српската држава од причина што месните достоинственици добро го познавале менталитетот и проблемите на македонското население, па лесно можеле да го владеат и да го придобијат на страната на новиот владетел. Системот на вазалитет во првиот период се покажал успешен. Но со текот на времето Милутин почнал сè повеќе да зависи од својата властела, за што соопштува и Г.Метохит.[208] Властелата имала своја војска, која во нормални услови се приклучувала кон кралската војска и така ја исполнувала својата задача[209] - чување на границата или освојување нови територии.

По сè изгледа Пијанец бил опфатен во посебна жупа која во времето на Милутин, поради пограничниот статус

---

206. К.Илиевска, В.Мошин, Л.Славева, Грамотите на манастирот Св.Георги-Горг Скопски. - Споменици. I.223; 229; 237.

207. Спореди: Й.Ивановъ, Български старини. 396. "Родителем богатѹ sѣло". 408.

208. Летопис М.С.216, Т.Метохит, посланица о дипломатском праву у Србији. Превео М.Апостоловић. Нови Сад 1902.37. Дека властелата секогаш не му била верна на Милутин се заклучува и од одредбата во Повелбата за потврдување на поседите на А.Ловрентић... "Догде су верни краљевству ми". А.Соловјев, Одабрани споменици. 89.

209. За организацијата на средновековната српска војска и начинот на војување види: С.Новаковић, Стара српска војска, историске скице. Београд 1893; К.Јиречек - Ј.Радонић, Историја Срба. II. Београд 1952. 105-116.

била уредена како краиште на чело со краишки војвода.[210] Кој стоел на чело на краиштето Пијанец во време на Милутин не ни е познато, но според подоцнежните настани, може да се заклучи дека тоа бил Хреља, особено при крајот на владеењето на Милутин.[211]

Од припадниците на административниот апарат во Пијанец во периодот на Милутин се споменуваат двајца судии и еден казнац. Нив ги споменува кралицата Јелена при потврдувањето посед лозја на Дубровчаните, што го извршила "на Котражи" 1289 година, во присуство на судиите Болеслав и Десислав и казнец Мрњан: "А тѹ бѣше сѹдиꙗ Болеславь, казньць Мрьнань сѹдиꙗ Десиславь".[212] За други управни органи и чиновници од времето на Милутин во Пијанец немаме директни податоци, но тоа не значи дека не постоеле. Целосна слика за внатрешното уредување на српската држава во времето на Милутин дава неговата грамота на манастирот Св.Георги-Горг-Скопски од 1300 година.[213]

Како бил организиран Пијанец во црковен поглед во периодот на владеењето на Милутин и кон која епархија потпаѓал не ни е познато. Како новоосвоена територија стариот систем на црковна организација пропаднал, а новиот сеуште не бил воспоставен. За тоа сведочи одредбата во грамотата на Душан од 1347 година, каде се вели дека ја затекнал Мороздвишката епископија одамна запустена.[214]

210. За Краиште види: Д.Јанковић, Историја државе и права... 75-76.
211. Т.Томоски, Штип од XII-XIV век. - Зборник, Штип низ вековите. I.177.
212. Љ.Стојановић, Старе српске повеље и писма. Књ.I.30.
213. Ст.Новаковић, Законски споменици. 606-621; А.Соловјев, Одабрани споменици. 69-82; Р.Грујић, Три хиландарске повеље. - Зборник СНД. Скопље, 5-24; В.Мошин, Л.Славева и К.Илиевска, Грамота на крал Милутин. - Споменици. I.205-238. За внатрешната политика на Милутин спореди: С.Ћирковић, Унутрашња политика краља Милутина. Историја српског народа. I.462-475.
214. Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Душана. Гласник српског ученог друштва. Књ.X. Београд 1870.290. "ѿ многых лѣтьь запоустѣвшоу".

За време на Милутиновиот син и наследник Стефан Урош III Дечански (1321–1331), јужната српска граница не се променила. Србија ги добила: крајот околу Штип и излегла на познатиот град во средниот век Просек на Вардар.[215] Во почетокот на владеењето на Стефан Дечански ситуацијата во Пијанец не била променета. До промени дошло во вториот дел од владеењето на Дечански, кога биле заострени односите со соседите. Тоа е период на внатрешни борби во Византија помеѓу Андроник II и внук му Андроник III Палеолог. Во таа борба за власт била замешана и Србија, која ја поддржувала страната на Андроник II.[216]

Исто така во овој период се зајакнала и бугарската држава, која не била задоволна од српското проширување во Македонија. Со цел да се спротистави на српското ширење, Бугарија склучила сојуз со претендентот на византискиот престол Андроник III,[217] со што директно се свртела против Србија. Договорот меѓу Андроник III и Михаило Шишман бил склучен на 13 мај 1327 година,[218] според кој "Михаило му ветил на императорот дека ќе го помага во неговата борба против дедо му, стариот император, а Андроник III дека ќе го помага Михаило против кралот на Србија".[219]

Во оваа војна бил вовлечен и Пијанец како погранична област меѓу трите држави: Србија, Бугарија и Византија. Српската војска што требало да учествува на страната на Андроник II ја предводел искусниот војсководач Хреља. Но Хреља не се впуштил во борба, бидејќи според неговото

215. Види поопширно: "Животи краљева и архиепископа српских. 197; С.Ћирковић, Владавина Стефана Уроша III Дечански. 496–510.
216. За граѓанската војна во Византија види: Г.Острогорски, Историја Византије. 465–472.
217. Исто, 468.
218. Византијски извори. VI.197.
219. Исто, 199.

мислење требало да се зачува мирот.[220] Многумина угледни Византијци го наговарале Стефан Дечански да преземе акција, но тој по наговор на Хрељa останал само набљудувач на настаните. Набрзо на 24 мај 1328 година Андроник III Палеолог ја презел власта во Цариград.[221]

Веднаш по доаѓањето на власт Андроник III се зафатил да ја истисне Србија од Македонија. За таа цел тој уште во 1329 година навлегол во Македонија и ја отстранил српската опсада од градот Охрид. Во исто време се заостриле и односите со Бугарија. Причина за тоа било протерувањето на сестрата на Стефан Дечански - Ана од страна на Михаило.[222] Непријателствата помеѓу Србија и Бугарија отворено започнале уште во почетокот на 1330 година и тоа најпрво на економско поле.[223]

Погоден од тоа бугарскиот владетел се состанал уште двапати со Андроник III и решиле во летото 1330 година да ја нападнат Србија. За тоа подготвиле воен план според кој Србија требало да се нападне од две страни: Бугарија да нападне од север, а Андроник III од југ, така што истакнува Никифор Григора "кралот нема да биде кадар да се бори на две страни и ќе биде ослабен со загубата на голема земја на двете страни".[224]

По извршените подготовки, воените дејствија започнале во почетокот на летото. Најпрво Андроник III навлегол во "... полето на Пелагонците каде што поставил логор и

220. К.Јиречек, Историја Срба. I.206; С.Ћирковић, Владавина Стефана Уроша III. стр.503.
221. Г.Острогорски, Историја Византије. 468.
222. Византијски извори. VI.207 и бел.104; С.Станојевић, вели дека нејзиното име е Неда. Види: С.Станојевић, Битка код Велбужда. Браство. XXIV. Београд 1930.3.
223. Србија во пролетта 1330 година издала на Венеција еден акт за слободна трговија во Србија. Во тој акт било дозволено транзит на венецијанска стока преку Србија за сите земји, единствено се забранувал транспорт за Бугарија. Спореди: С.Станковић, Битка код Велбужда... 6.
224. Византијски извори. VI.207-208.

чекал вест за тоа како се одвива Михаиловиот напад на Србија, од другата страна, за да може тогаш да презеде што смета дека треба".[225]

Србија во тој момент не била спремна за војна на два фронта и се обидела по пат на преговори да се смири со Бугарија, но тие обиди завршиле неуспешно.[226] По неуспешните преговори Србија одлучила прво да тргне против Бугарија, преку своите извидници Стефан Дечански дознала дека Михаил тргнал од Видин и преку Софија во долината на Струма. Бугарската војска стигнала на Струма и се улогорила кај градот Земјен, во граничната област на Пијанец, над кој се надвиснала нова воена опасност.[227]

За правецот на движењето на српската војска поединости дава само биографот на Стефан Дечански.[228] Кога дознал за местото на логорувањето на бугарската војска, српскиот крал тргнал во пресрет, задржувајќи се во манастирот Св.Георги во Нагоричани и на гробот на Св. Јоаким Сарандапорски (Осоговски) и со брз марш стигнал и се улогорил на реката Каменча, која во долниот тек се

225. Исто, 208.
226. За преговорите види: С.Станојевић, Битка код Велбужда. 7-8.
227. Исто, 8.
228. За правецот на движењето на бугарската војска имаме различни податоци. Во биографијата на Стефан Дечански на едно место се вели дека бугарската војска тргнала од Трново, а на друго, дека "доаѓа од Бдиња (Видин)". Животи краљева и архиепископа. 135, 137. Византијски извори. VI.336;209 и бел.108; Никифор Грегора наведува дека Михаило собрал 12.000 војници од сопствената земја и уште 3.000 скитски наемници (Татари) и "навлегол во земјата на Трибалите преку северните делови на планината Хема, од прилика таму каде што се наоѓаат изворите на реката Стримон. Четири дена тој се задржувал непречено пустошејќи ја и пљачкајќи ја непријателската земја, не наидувајќи на никој кој би му се спротиставил со оружје. На петтиот ден се појавил кралот на Србија предводејќи силна војска, чие оружје со блесок ги заслепувало очите на набљудувачите" (Византијски извори. VI.209). Ј.Кантакузин не се совпаѓа со Грегора за правецот на движењето на бугарската војска и тој вели дека "бугарскиот цар доаѓал преку Пеонија (Унгарија) (Византијски извори. VI.367).

нарекува Слокоштица (денешна р.Каменица) која го дели Ќустендилското Поле од Пијанец.[229]

Стефан Дечански, сакајќи да добие во време, бидејќи дел од неговата властела со одредите задоцниле, покренал иницијатива за преговори.[230] Во последните денови на јули 1330 година на изворите на Струма, северно од Велбужд стоеле улогорени српската и бугарската војска, подготвени со оружје да го решат прашањето за превласт на Србија или Бугарија на Балканот.

Во поглед на местото на битката има различни податоци. Никифор Грегора не го наведува местото на битката, а неговиот современик Ј. Кантакузен вели дека логорот на бугарскиот цар бил кај Велбужд.[231]

Велбужд како место каде се одиграла битката го наведуваат Стефан Дечански во дечанската хрисовуља и Душан во автобиографските кажувања во Душановиот Законик.[232] Продолжувачот на Данило, како место на битката го наведува градот Землн.[233] Разликата во податоците лесно може да се разбере ако се има предвид дека битката се одиграла на просторот помеѓу Велбужд и Землн, во граничните предели кон Пијанец.

Што се однесува до денот на битката исто така имаме различни податоци: Н. Грегора не го наведува.[234]

---

229. За положбата на српскиот логор види: Византијски извори. VI.209, бел.108; К.Иречекъ, История на Българитѣ. 204; Ст.Станојевић, Битка код Велбужда. 9; К.Јиречек, Историја Срба. I.206-207 и сл.

230. За текот на преговорите и резултатот од нив види: Ст.Станојевић, Битка код Велбужда. 10.

231. Византијски извори. VI.209.

232. П.Ивић и М.Грковић, Дечанске хрисовуље. Нови Сад 1976.137; Н.Радојчић, Законик цара Стефана Душана 1349-1354.84.

233. Животи краљева и архиепископа. 137. Тој град како место на битката се наведува во кралевото писмо за кралицата и архиепископот, во литературната верзија внесено во кралевската биографија.

234. Византијски извори. VI.209, бел.109; Грегора сепак хронолошки ја лоцира битката со тоа што во расказот за српско-бугарската војна уфрла екскурз за помрачувањето на сонцето за кое самиот вели дека било на 16 јули во 12 часот.

Точниот датум на битката го дава автобиографскиот податок во Дечанската хрисовуља (28 јули 6828 г.) и зборовите покрај Душановиот Законик (27 јули во 6 часот)[235] во сабота, кој одговара на 28 јули 1330 година. На тој ден на границата помеѓу Пијанец, Ќустендилско Поле и областа Каменица (Ќустендилска Каменица) се одиграла познатата Велбуждска битка.[236] Во битката бугарската војска била разбиена, а Михаило бил убиен. За жестокоста на битката сведочи и податокот што го дава продолжувачот на Данило, кој вели дека поради силното крвопролевање "реката Струма целата се изменила во крв" т.е. потекла крвава. Изгинати имало толку многу што останале непогребани.[237]

Битката кај Велбужд имала голем одраз и на Пијанец, бидејќи дел од српската војска поминала преку него, кој бил во составот на српската држава. Не е исклучена можноста во битката да учествувале и војски собрани од Пијанец. Тој бил мета на бугарските војски кои се улогориле во непосредна близина и постојано пљачкосувале. Оваа битка се одиграла во непосредна близина на Пијанец и тој бил директно засегнат од неа. Битката имала далекусежни последици не само за историјата на Пијанец туку и за историјата на Македонија. Оваа битка го отворила патот за наложување на српската хегемонија во Македонија. По оваа битка бил ликвидиран главниот конкурент на Србија– Бугарија, а Византија иако задржала дел од Македонија, сепак растргната од внатрешните борби не можела да се спротистави на засилената српска држава.

Само неколку месеци по Велбуждската битка српските војски ги зазеле градовите: Велес, Штип, Чрешче и Добрун

235. Византијски извори. VI.209, бел.109.
236. За текот на битката и загинувањето на Михаило спореди: Византијски извори. VI.338; 210; 338 бел.132; 210 бел.111; Ст.Станојевић, Битка код Велбужда. 17.
237. Животи краљева и архиепископа... 142–143; Ст.Станојевић, Битка код Велбужда. 17.

со областите.[238] За тоа соопштува архиепископот Данило кога известува дека "на господинот крал му се предале градовите чии имиња се: град славен Велес, град Просек, град Штип, град Чресче, град Добрун...".[239]

Наспроти овие проширувања, воинствено расположените дворјани незадоволни од попустливата политика на Стефан Дечански спрема поразените Бугари, го отстраниле од власта и за нов крал го прогласиле син му Душан. Крунисувањето на Стефан Душан за крал било извршено на 8 септември 1331 година.[240] Душан се истакнал во битката кај Велбужд каде што стоел на чело на едното крило на војската.[241]

## 2. Пијанец во времето на владеењето на Стефан Душан (1331-1355)

Со доаѓањето на власт Стефан Душан се зафатил со рализирање на политиката што му ја наметнале оние што го довеле на власт. Уште истата 1331 година Душан повел војна против Византија, која траела сè до 1334 год., кога бил склучен мировен договор меѓу Византија и Србија. Според овој договор Србија ги задржала за себе некои од градовите во Македонија меѓу кои: Охрид, Прилеп, Струмица

238. Животи краљева и архиепископа. 149; Т.Томоски, Градовите меѓу реките Брегалница, Лакавица и Вардар. 277, 280.
239. Документи за борбата на македонскиот народ. I.124; Животи краљева и архиепископа. 149.
240. С.Ћирковић, Владавина Стефана Уроша III. Историја српског народа. I.510; Б.Ферјанчић, Освајачка политика краља Душана. Историја српског народа. I.511.
241. Во Пијанец е зачувано сведоштвото за учеството на Душан во Битката кај Велбужд. Огранокот што се спушта од Осоговските планини кон Ќустендил се вика "Душаница Планина" поради тоа што по неа се движела војската на Душан кога одела за битката кај Велбужд. Според теренските истражувања од 20 јули 1988 година, преданието е запишано од С.Велиновски од с.Косевица, овде му се заблагодарувам за соработката.

и др.[242] Овој договор бил склучен на 26 август 1334 година близу Солун.[243] Српско-византиската граница се движела јужно од Леш-Пилот-Охрид-Струмица-Мелник и излегувала на Струма.[244]

Оваа византиско-српска војна имала голем одраз и во Пијанец. Имено, тој како погранична област уште пред војната бил претворен во објект за организирање воени акции во неосвоените македонски територии. По склучениот договор за мир Пијанец го изгубил статусот на погранично подрачје (краиште), а таков статус добила Струмичката област.[245]

Од друга страна биле нормализирани српско-бугарските односи и на североисточната граница на Пијанец завладеал мир.[246]

Српските завладувања во Македонија биле заокружени со освојувањето на Сер 1345 година.[246-а] Некои научници сметаат дека "уште во таа иста 1345 год. во ноември (можеби на Св.Архангел Михаил и Гаврил), како крсно име на Немањиќите е прогласено српско-грчкото царство".[247] Наредната година во пролетта, на 16 април

242. Византијски извори. VI.346, бел.158; Т.Флоринский, Южнiе Славяне и Византiя во второй четврти XIV вѣка. 37; Историја српског народа. I.511-523; М.Динић, За хронологију Душанових освајања византијских градова. ЗРВИ 4. Београд 1956. 7-10.
243. М.Динић, За хронологију Душанових освајања. 7; Г.Острогорски, Историја Византије. 471; Б.Ферјанчић, Освајачка политика краља Душана. 514.
244. М.Динић, За хронологију Душанових освајања. 8.
245. За понатамошните српско-византиски односи види: М.Динић, За хронологију Душанових освајања. 8-10; Историја српског народа. I.511-523.
246. За српско-бугарските односи во тој период види: К.Иречекъ, История на Българитѣ. 232; П.Ангелов, Българо-српските политически отношения при царувањето на Иван Александър (1331-1371) и Стефан Душан (1331-1355). - Годишник на Софийския университет. Исторически факултет. Т.72. София 1982.96.
246-а. М.Динић, За хронологију Душанових освајања. 9-10.
247. Ст.Новаковић, Струмска област у XIV веку и цар Стефан Душан. Глас СКА. XXXVI. Београд 1833.24; Историја српског народа. I.523.

(Велигден) 1346 година, во Скопје бил прогласен патријархот на Србија, а тој свечено во присуство на Трновскиот патријарх и Охридскиот архиепископ го крунисал Душан за цар.[248] Со овој чин Србија станала царство.

На внатрешен план Душан ја продолжил политиката што ја започнале Милутин и татко му Стефан Дечански. Со цел да ги задоволи апетитите на оние што го донеле на власт Душан раздавал богати привилегии како на црквата, така и на световните феудалци. Оваа тактика за време на неговиот претходник се покажала како успешна, но во времето на Душан одделни феудалци толку зајакнале што почнале да не се потчинуваат на неговите наредби и се осамостојувале во своите области. Тие почнале да владеат независно од централната власт или пак преминувале на страната на Византија. Прв во низот самостојни владетели во Македонија бил Хреља.[249]

### 3. Пијанец под власта на самостојниот феудален владетел Хреља (1336-1343)

Хреља на историската сцена, според расположивите извори се појавил 1328 година. Во таа година го споменуваат Н. Грегора[250] и Ј. Кантакузин[251] како војсководач на српската војска што требало да му помогне на Андроник II

248. Византијски извори. VI.262, бел.120; С.Новаковић, Струмска област. 24; Г.Острогорски, Историја Византије. 486/7; Историја српског народа. I.523; П.Ангелов, Българо-сръбските политически отношения. 107.
249. За името на Хреља спореди: Византијски извори. VI.323; Т.Флоринский, Южние славяне и Виз. 61-62; К.Иречекъ, История на Българитѣ. 234; К.Јиречек, Историја Срба. 217; И.Дуйчев, Македония въ Българската история. 21; П.Ангелов, Българо-сръбските политически отношения. 102; Т.Томоски, Штип во периодот од XII-XIV век. Штип I.177; Г.Томовић, Морфологија Ћирилских натписа на Балкану. Београд 1974.35; Б.Панов, Српската хегемонија на Балканот. 94.
250. Византијски извори. VI.205, бел.97.
251. Исто. 323.

Палеолог во граѓанската војна со внук му. Хреља предводел војска од "12 тагми",[252] но таа војска не стапила во дејство, бидејќи така проценил Хреља и сметал дека треба да се зачува мирот.[253] Кралот Стефан Дечански го послушал советот на Хреља и ја напуштил замислата да војува против императорот, но останале во ист табор (со Хреља).[254]

Што се однесува до потеклото на Хреља во науката владеат различни мислења, дека е дојден од Запад[255] т.е. дека е Србин. Приврзаниците на ова тврдење ги земаат податоците од византиските извори. Според Н. Грегора "Хреља бил најугледен војсководач на српскиот крал"[256] (С. Дечански), а според Кантакузин "Хреља го сметале меѓу достоинствениците (благородништвото) на Трибалите, прв по јунаштво и воено искуство".[257] Но тоа што бил најпознат по храброста и по јунаштво меѓу српските велможи не значи дека бил Србин. Овие податоци треба да се разберат дека Хреља во тој момент бил во служба на српскиот крал т.е. потчинет. Српските владетели во својата свита примале и луѓе од месното население, кои со заклетва се обврзувале дека верно ќе му служат на кралот. Тие иако не биле Срби, од византиските автори биле сметани како припадници на српската властела. Токму еден од таквите властели бил и Хреља, кој најверојатно пристапил кон српската властела уште во времето на Милутин и добил должност краишки војвода[258] т.е. управник на краиште, во случајов Пијанец со

252. Тагма (ταγμα) е воен одред од 100–200 луѓе, спореди: Δ.Δνμντρακου, Μεγα λεξικον τνε Ελληνικη γλοσσηΣ. Τομοσ ογδοοσ. Αθηνα. 1952.7084. Види и Византијски извори. VI.204. бел. 95 и 323.
253. Византијски извори. VI.323; 329/30; За улогата на Хреља во борбите околу Серез спореди: М.Динић, Рељა Охмућевић у историји и предању. ЗРВИ.9, Београд 1966, 95–119.
254. Византијски извори. VI.330.
255. М.Динић, Реља Охмућевић. 95–97.
256. Византијски извори. VI.204, бел.95.
257. Исто. 321.
258. За краиште и краишката функција спореди: Д.Јанковић, Историја државе и права феудалне Србије (XII-XV века). 75–76.

средниот тек на Брегалница.[259] Како краишки војвода Хрељa со својата војска учествувал на страната на Милутин во походите за освојување на византиските владенија во Македонија, а некои сметаат дека учествувал и во битката кај Велбужд 1330 година.[260] Ова негово можно потекло од македонското население се поткрепува и со фактот што по отцепувањето од српската власт тој настојувал да ја утврди својата власт во Источна Македонија на територијата што се протегала меѓу тврдините Штип, Струмица, Мелник и Стоб, на тромеѓето меѓу Србија, Византија и Бугарија.[261] На овие простори Хрељa го изградил и манастирот Св.Јован Рилски,[262] како и црквата Св.Архангел во Штип.[263] Во прилог на тоа зборува и фактот што постојано настојувал да се зближи со Византија за борба против Душан, што ќе рече дека тој од порано бил познат на Византија, а исто така учествувал во преговорите меѓу Византија и Србија во Сер 1328 година.[264] Додека бил во служба на кралот Стефан Дечански, тој за секоја акција што требало да се преземе на територијата на Источна Македонија го консултирал за совет Хрељa.[265] Секако Дечански ја имал во преден план улогата на Хрељa на овој македонски простор, кој одлично го познавал и можел да пресудува кога е најдобро да се војува со Византија. Тоа свое искуство Хрељa можел да го стекне во своите секојдневни контакти со Византија уште од детските години, а никако не како дојденец од Запад. Тоа ни дава за право да сметаме дека Хрељa потекнувал од месното население од краевите околу Брегалница.

259. Т.Томоски, Штип од XII-XIV век. 177.
260. J.Ђорђевић, Српски војвода Хрељa оснивалац манастира Св.Јована Рилског. Браство XXXI. Београд 1940.106
261. Т.Томоски, Штип од XII-XIV век. 177.
262. Й.Ивановъ, Сѣверна Македония. 87–88.
263. Т.Томоски, Штип од XII-XIV век. 177.
264. Византијски извори. VI.330.
265. Исто, 330.

Додека бил жив Стефан Дечански, Хреља останал верен на српскиот двор. Се поставува прашањето: кои биле причините за неговото отцепување? По ова прашање истражувачите немаат единствено мислење. Едни мислат дека причината била во тоа што Хреља не се согласувал со насилното доаѓање на Душан на власт,[266] и дека се одметнал веднаш по тој чин.[267] Ова гледиште не може да се прифати бидејќи на состанокот во Радовиш меѓу Душан и Андроник III 1336 година присуствувал и Хреља.[268]

Со сигурност се знае дека Хреља се одметнал од Душан уште додека бил жив Андроник III, пред 1341 година, а по неговата смрт Хреља го сретнуваме во групата великаши што сакале да му пристапат на Ј. Кантакузин.[269] За тоа соопштува самиот Кантакузин, кога вели: "... и Хреља, кој од порано бил пребегнат од Трибалите кај царот Андроник, се предал со 1000 војници и со три градови... и испратил пратеници објавувајќи дека преминува на негова страна".[270] Врз база на овој податок се заклучува дека Хреља тогаш бил познат владетел во Источна Македонија на просторот меѓу Штип, Струмица, Мелник и Стоб, во кој простор влегувал и Пијанец.

Од овој податок, исто така се гледа дека Хреља во еден момент го напуштил Душан и пристапил кон византискиот император Андроник III. Кога го сторил тоа може да се заклучи од датирањето на една Душанова повелба дадена на Хиландар, со која се потврдува црквата Св.Архангел во Штип, поранешен дар на протосевастот Хреља.[271] Тоа

266. Ј.Ђорђевић, Српски војвода Хреља. 104
267. Исто, 104.
268. Византијски извори. VI. 351-352.
269. Исто, 356; М.Динић, Рељa Охмућевић. 101.
270. Исто, 364.
271. Ст.Новаковић, Законски споменици српских држава средњег века. Београд 1912, V књига. 399-401; Г.Острогорски, Душан и његова властела. 84 (Сабрана дела, IV Београд. 195); Истиот, Пронија. 138, бел. 352; С.Ћирковић, Хрељин поклон Хиландару. ЗРВИ, 21. Београд 1982. 103-117.

значи дека Хреља како протосеваст 1336 година уште бил во служба на Стефан Душан, а со тоа отпаѓа тезата дека тој се одделил од Душан во 1335 година.[272] Од последната година на владеењето на Андроник III Палеолог потекнува недатирана повелба на Хиландар со потврда на поседите на Св. Архангел Михаил во Штип, дар на великиот доместик Стефан Хреља, кој е наречен царев дворјанин.[273]

Податоците на Ј. Кантакузин усогласени со другите современи извори покажуваат дека Хреља го напуштил српскиот крал и преминал кај Андроник III Палеолог, што според зборовите на М. Диниќ бил "прв предзнак на времето кое ќе настапи по смртта на Душан".[274] Истото го согледал и Е. Наумов не повикувајќи се на јасно изнесената забелешка на Диниќ.[275]

Од сето досега речено може да се заклучи дека Хреља се осамостоил од српската централна власт во периодот од 1336 до 1341 година.

Во периодот на осамостојувањето Хреља располагал со 1000 војници распоредени во три баштински града.[276] Ј. Кантакузин директно кажува дека Хреља располагал со значајна оружена сила: "... се предал со 1000 војника и со три града... поседува големо богатство и располагајќи со доста силна војска... му советувал на Кантакузин да се сврти повеќе кон Запад, бидејќи оттука е на изглед не мала

272. В.Марковић, Православно монаштво и манастири у средновековној Србији. Београд 1920.109. За времето кога се одметнал Хреља види поопширно: К.Јиречек, Историја Срба. I.217; М.Динић, Реља Охмућевић, 100; Е.Наумов, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1342-1355 година. - Сп. Историја 2. Скопје 1968. стр.64.
273. Ст.Новаковић, Законски споменици. 399-401; Г.Острогорски, Пронија. 138, бел.352; М.Динић, Реља Охмућевић, 100; За содржината на повелбата види: С.Ћирковић, Хрељин поклон. 108.
274. М.Динић, Реља Охмућевић, 95.
275. Е.П.Наумов, Феудалниот сепаратизам. 64.
276. Ст.Новаковић, Стара српска војска. Београд 1893.140; Н.Стијеповић, Српска феудална војска. Београд 1954.63.

корист".[277] Токму затоа Хреља можел да прави планови за учество во штотуку започнатата војна што ја зафатила Византија. За периодот на средниот век војска од 1000 војници и три утврдени града сепак претставувала значајна сила.

Се поставува прашањето: кои византиски градови Хреља ги предал на Андроник III Палеолог и каде се простирала територијата на која Хреља создал своја независна држава? К. Иречек во тие градови ја вбројува Струмица, која како Хрељин посед ја наведува и Н. Грегора.[278] И. Дујчев смета дека Хреља ја владеел областа од Струмица, Штип и Рила.[279] С. Новаковиќ, пак, ја сместува Хрељината територија по средината на Струма.[280] Г. Шкриваниќ неопределено констатира дека се работи за Хрељини баштински градови, што ги добил од српскиот владетел.[281] М. Диниќ се сомнева во податоците за Хрељиното предавање на градовите на Византија.[282] Струмица како средиште на Хрељината територија ја наведува и Б. Панов, при што смета дека неговата територија се простирала од Штип сѐ до Сер и Амфипол.[283]

Од изнесеното може да се заклучи дека Хреља владеел и со Пијанец кој се наоѓа меѓу Штип и Рила. Т. Томоски вели дека Хреља имал имоти во новоосвоените предели од Византија, посебно во Штип, Лакавица, Струмичко и во долината на Струма, т.е. на тромеѓето меѓу Србија, Византија и Бугарија.[284]

277. Византијски извори. VI.364-365.
278. К.Јиречек, Историја Срба. I.218.
279. И.Дуйчев, Македония въ Българската история. 21.
280. Ст.Новаковић, Струмска област. 26.
281. G.Škrivanić, Gradovi i utvrđenja u srednovekovnoj Srbiji, Bosni i Dubrovniku. Vojno-istorijski glasnik. 20. Beograd 1969.114.
282. М.Динић, Рељa Охмућевић, 120.
283. Б.Панов, Српската хегемонија. 84.
284. Т.Томоски, Штип од XII-XIV век.177.

Ако се земе предвид фактот што Хреља ја изградил црквата Св.Архангел во Штип како и црквата и кулата во Рилскиот манастир, може да се заклучи дека Хреља бил господар на целата оваа територија од Штип, Струмица, Мелник, Рилскиот Манастир, Стоб (на Рила) и Пијанец. Неговата почетничка кариера се врзува за Штип и Брегалница, а другата територија најверојатно ја добил подоцна, пред 1336 година. Како се ширела српската држава, се ширела и неговата територија, пред сѐ благодарение на угледот и довербата што ги уживал на српскиот двор. Не е исклучена можноста во 1341 година дел од неговата територија, западно од Штип, да му била доделена на друг великаш Ј. Оливер, кој во таа година "ѡбьдрьжещꙋ ѡбластию всею ѡвчепольскою... хорѣ Злетовцѣи",[285] и истата година ја дарувал својата задужбина во Лесново со имоти во Штип.[286] Другите делови од својата територија ги задржал до крајот на својот живот, а трите града што се споменуваат секако се Струмица, Мелник и Стоб на Рила.

По смртта на Андроник III Палеолог 1341 година Хреља извесно време останал самостоен господар, но откако во Византија избила граѓанската војна и Ј. Кантакузин, како претендент на цариградскиот престол избегал во Димотика, Хреља користејќи се со познанството на Ј. Кантакузин, решил да му се придружи и да му понуди помош во борбата за престолот. Преговорите започнале пролетта 1342 година и се однесувале околу освојувањето на Мелник.[287]

Додека се наоѓал во служба на српскиот крал Хреља бил "краишки војвода", а потоа носел достоинство "прото-

285. К.Николајевић, Српски Комнени по историју и предања. Гласник Друштва Србске словесности. Кн.XIII, Београд 1861.296.
286. С.Ћирковић, Штип у XIV веку. – Зборник на трудови посветени на академик М.Апостолски. МАНУ Скопје 1986.29.
287. Византијски извори. VI.366, 368. За текот на преговорите и резултатите од нив спореди: М.Динић, Реља Охмућевић. 102.

севаст", што се гледа и од повелбата на Стефан Душан на Хиландар (1336 год.), со која ги потврдува поседите на црквата Св.Архангел во Штип.[288]

Податоците од современите извори покажуваат дека Хрељa напредувал во поглед на титулите. Во хрисовуљата на Андроник II Палеолог на манастирот Хиландар (1340-41) со потврда на поседите на црквата Св.Архангел во Штип, се споменува Хрељa како "велик доместик" и "царев дворанин". Овој чин Хрељa го добил од А. III Палеолог, како награда за преминувањето на негова страна.[289] М. Диниќ смета дека оваа титула има "чисто почесен карактер".[290]

Животниот пат Хрељa го завршил со високата титула "кесар", спомената во натписот на надгробната плоча која се чува во музејот во Рилскиот Манастир и во житието на Св.Јован Рилски.[291]

Од сѐ што е кажано за Хрељa може да се заклучи дека до крајот на 30-тите години на XVI век Хрељa бил во служба на српските кралеви, а тогаш пристапил на визан-

288. С.Новаковић, Законски споменици. 399-401; Г.Острогорски, Пронија. 138, 353; С.Ћирковић, Хрељин поклон Хиландару. 103-117. За титулите што ги носел Хрељa спореди: Љ.Стојановић, Стари српски записи и натписи. Кн.I. Београд 1982. Запис бр.62, стр.28; Я.Шафарикъ, Писмени споменици, српски и бугарски. Гласник друштва србске словесности, св.VII. Београд 1855.181-182; Г.Томовић, Морфологија Ћирилских написа на Балкану. 55; Ј.Ђорђевић, Српски војвода Хрељa. 97, 107; К.Јиречек, Историја Срба. I.217; В.Мошин, Византијски утицај у Србији у XIV веку. - ЈИЧ, 3 (1937).147; L.Mavromatis. La Fondation de L'Empire Serve. Le kralj Milutin. Thessalonique. 1978.81, бел.266.
289. М.Динић, Рељa Охмућевић, 101.
290. Историја српског народа. I.518.
291. Љ.Стојановић, Записи и натписи. I.32; И.Дуйчевъ, Изъ старата Българска книжнина. II.293, бр.LXXXIX; М.Динић, Рељa Охмућевић, 104; А.Дероко, Неки споменици из српског времена у Серезу и околини. Споменик САН. 106, 1957, 61; За кесарската титула на Хрељa спореди: К.Јиречек, Историја Срба. I.218; Истиот, Историја Срба. II.25, бел.158; Историја српског народа. I.518; Ј.Ђорђевић, Српски војвода Хрељa. 110; М.Динић, Рељa Охмућевић, 103; Mavromatis, Fondation. 81.

тискиот император Андроник III Палеолог. Потоа за време на граѓансата војна во Византија пристапил на Ј. Кантакузин, што ќе рече дека постојано водел политика на лавирање. На оваа своја политика Хрељa останал доследен до крајот на својот живот. Неговата смрт некои ја поврзуваат со политички заговор од стрна на Душан, кој не можел да ја поднесува таквата Хрељина политика.[292]




Слика 24. Хрељината кула – Рилски манастир. 1 – изглед на кулата, 2 – камбанарија за современата црква изградена 1834 г. (снимено 7.IV.1991 г.).

292. За смртта на Хрелъа според: К.Иречек, История на Българитѣ. 234; истиот, Историја Срба. I.220; Т.Томоски, Штип од XII-XIV век. 177; П.Ангелов, Българо-сръбските отношения. 102; Л.Ковачева, България и нейните съсѣди. Географска христоматия. София 1921.115.




Слика 25. Современата црква во Рилски Манастир изградена врз темелите на старата Хрељина црква. 1 – Изглед на црквата, обновена 1834 г., 2 – надвратниот натпис каде стои дека "првата црква ја подигнал Хреља протосевастос в лето христово 1343 г." (снимено 7.IV.1991 г.).



Слика 26. Натписот од надвратникот на денешната црква во Рилскиот манастир (снимен 7.IV.1991 г.).

Како година на смртта на Хреља е забележана 1343 година, на неговата надгробна плоча "Ѕ̃.ѿ̃.Ñ.ã (6851 год.) месец декември 27 ден".[293] Во прилог на тоа зборува и податокот на натписот над вратата на денешната црква во Рилскиот Манастир, каде што стои дека првата црква ја подигнал Хреља, "в' лѣто хр҃тово 1343".[294]

293. Г.Томовић, Морфологија ћирилских натписа. 58–59; Ј.Ђорђевић, Српски војвода Хреља. 111; Л.Славева – В.Мошин, Српски грамоти од Душаново време. Прилеп 1988. стр.131 и 132.

294. Во натписот стои дека црквата била создадена од "Хр'ело'м прѡтосевастом в лѣто Хрс҃тово 1343", а обновена во 1834 година. Написот досега не е издаван. Според теренските истражувања од април 1991 година.

По смртта на Хреља целата негова територија со градовите ги зазела српската војска. Со тоа на територијата на Пијанец била затврдена српската власт.

## 4. Пијанец под власта на Јован Оливер (1343-1355)

Јован Оливер спаѓа во редот на највидните феудалци во Македонија во периодот на српското владеење. За неговата личност и териториите што ги владеел досега пишувале повеќе истражувачи.[295] Овде ќе се задржиме само на неговата кариера и на неговото владеење во областа Пијанец.

Јован Оливер својата кариера ја започнал во соседните области на запад од Пијанец – Злетово и Овче Поле.[296] Тој бил еден од оние феудалци што Душан ги привлекол на своја страна по пат на роднински врски. Ј. Оливер се оженил за вдовицата на С. Дечански, Ана-Марија. Како роднина на Душан, Ј. Оливер станал негов најсилен властелин.

Кариерата на Ј. Оливер може да се следи од 1336 до 1355 год. За неговата личност се зачувани современи податоци пред сè во грамотите што ги издал на црквата Св.Димитриј во Кочани 1336/37 год.[297] и на манастирот во

295. К.Николајевић, Србски Комнени. Гласник друштва србске словесности. XIII Београд 1861; С.Симић, Лесновски манастир Св.Оца Гаврила задужбина српског деспота Ј.Оливера. Београд 1912; Ј.Радонић, О деспоту Јовану Оливеру и његовој жени Ани-Марији. Глас СКА XCIV Београд 1914; Ђ.Бошковић, Белешке са путовања. Старинар 7, Београд 1932; Ј.Радонић, Наши деспоти током векова. Глас САН 219, Београд 1956; Ђ.Стричевић, Једна хипотеза о титуларном имену српских деспота XIV века. Старинар VII-VIII (1956/57), Београд 1958; Б.Ферјанчић, Деспоти у Византији и јужнословенским земљама. Београд 1960; Г.Томовић, Повеља манастира Леснова. – ИЧ. књ.XXIV Београд 1977; Т.Томоски, Штип во периодот од XII-XIV век. – Зборник Штип низ вековите. I. Штип 1986 и др.

296. Византијски извори. VI.380–383.

297. С.Новаковић, Законски споменици. 662.

Лесново,[298] како и во ктиторскиот натпис во истиот манастир.[299] Името на Ј. Оливер е забележано и во житието на Св. Гаврил Лесновски,[300] како и во еден пролог од 1342 година.[301] Од современите наративни извори за Ј. Оливер известуваат Јован Кантакузин[302] и Никифор Грегора.[303]

Врз база на расположивите извори може да се заклучи дека Ј. Оливер добро напредувал во својата кариера, почнувајќи од началник т.е. командант на копнената војска, стигнал до титулата деспот, со која се јавува на залезот од кариерата. Почетокот на кариерата и издигнувањето на Ј. Оливер се врзува за преговорите на Андроник III и Душан (1334 и 1336 година).[304]

Повелбата од 7 декември 1336/7 година издадена на црквата Св.Димитриј во Кочани, Ј. Оливер ја потпишал како "велики слуга све српске земље и поморске"[305] Ова е единствена властелинска повелба која е пишувана според владетелски формулар и со крстови на почетокот на текстот и пред потписот. Оливер со тоа го манифестирал своето учество во врховната власт, па тоа може да се смета како знак на неговиот релативен суверинитет, што им припаѓал на "краишниците", заповедниците на пограничните области (кои одговарале на краишките грофови-маркгрофови во Германија, а на маркизите во Франција) со поширока политичка иницијатива во однос на одбраната на границата.[306]

298. К.Николајевић, Србски Комнени. 296; Г.Томовић, Повеља манастира Леснова. 94.
299. К.Николајевић, Србски Комнени. 293.
300. Й.Ивановъ, Български старини из Македония. София 1970.399.
301. Љ.Стојановић, Стари српски записи. I.20 и 30, запис бр.71, 72, 74, 75, 102; С.Симић, Лесновски манастир.11.
302. Византијски извори. VI.353, бел.170; 380; 385.
303. Исто, 232, 233.
304. Исто, 350-53 и бел.170.
305. Ст.Новаковић, Законски споменици. 663, Велики Слуга Оливерь срьпскиые земли и поморскіе; Л.Славева - В.Мошин, Српски грамоти од Душаново време. 148.
306. Л.Славева - В.Мошин, Српски грамоти. 147.

Во натписот од манстирот Лесново (1341 г.) се споменува "велики војвода Ј. Оливер со сопругата Ана-Марија и синот Крајко".[307] Како "велики војвода" се наведува и во ктиторскиот натпис од Лесново[308] и во еден минеј од 1342 година пишуван во деновите на кралот Стефан, а по заповед на "велики војвода Јован Оливер".[309] На монограмот во кубето на припратата на црквата на манастирот Лесново, Ј. Оливер е наведен како "севастократор" заедно со сопругата Ана-Марија.[310] Со титулата деспот Ј. Оливер првпат се споменува во Повелбата на цар Душан на манастирот Лесново,[311] каде што стои: "и подари деспот царства ми...".[312]

Освен Ј. Оливер и жена му Ана-Марија во изворите се споменуваат и неговите деца: Даница, Крајко, Дамјан, Видослав, Дабижив, Гусин и Оливер.[313]

307. Љ.Стојановић, Стари српски записи. I.30, запис бр.71.
308. К.Николајевић, Српски Комнини. 293; Стари српски записи и натписи. Приредио М.Павић, Београд 1986.58.
309. К.Николајевић, Српски Комнени. 296 "Великы воевода Ѡлïвер повелѣа Станиславь писа; Љ.Стојановић, Стари српски записи. I.31 бр.73-75; Г. Томовић, Повеља манастира Лесново. 84; Истата, Морфологија Ћирилична натписа. 56-57.
310. Ђ.Бошковић, Белешке са путовања. 88 бел.11; Г.Томовић, Повеља... 88; С.Габелић, Нови податак о севастократорској титули Ј.Оливера и времену сликања Лесновског наоса. - Зограф 11, Београд 1980, 54-62.
311. Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Стефана. - Гласник СУД.Х. Београд 1870 стр.287-296; С.Новаковић, Законски споменици. 676-681; Г.Томовић, Повеља... стр.86-88, бел.8.
312. Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Стефана. 293; Спореди и А.Атанасовски, Кон прашањето околу местоположбата на имотите на Злетовската епархија... 39. За деспотската титула на Ј.Оливер види поопширно: Љ.Стојановић, Стари српски записи и натписи. I.31, бр.73-75; Ђ.Стричевић, Једна хипотеза о титуларном имену... 12; Ј.Радонић, Византијски чинови. 239; Б.Ферјанчић, Севастократори и кесари у српском царству. Зборник Филозофског факултета XI/1. Београд 1968; Истиот, Деспоти у Византији... 164.
313. К.Николајевић, Србски Комнени. 294. "Помѣни Господи Благоѹьстиви ктитори наши вь царстви си: Оливера дѣспота и подроужïе Марïю и чеда ихъ Дьницу., Краика, Дамïана, Видосава, Дабижïва, Грусина, Оливера.

Во поглед на местоположбата на имотите на Јован Оливер во науката се искажани различни гледишта.[314] Во 1341 година Ј. Оливер го држел крајот околу Кочани,[315] а 1342 година на таа област го придодал и Овче Поле. Според Ј. Павловиќ во времето на Душан во "Малешево управувал неговиот војвода Јован Оливер".[316] Во расправата за поседите на Ј. Оливер треба да се земе предвид и претпоставката дека областа помеѓу Струма и Вардар имала посебен статус во средновековната српска држава. Според Ѓ. Стричевиќ "таа била еден вид деспотат, територија која се давала на управа на деспоти".[317] Дека Оливер ги држел "териториите во средниот тек на Брегалница со Злетово, Мороздвизд и Пијанец" се изјаснил и Т. Томоски.[318] За тоа дека Ј. Оливер имал имоти во Пијанец сведочи и грамотата на Душан од 1347 година[319] за формирање на Злетовската епископија, во која се наведува дека Ј. Оливер приложил имоти: "и приложи деспот царства ми (Ј. Оливер – б.м.) выше светаго Илиѥ дола и другы стльпь...".[320] Овие имоти се наоѓале во атарот на с.Илиово кое го добило името по

314. Љ.Стојановић, Стари српски записи. I.30, бр.71, За името на Ј.Оливер спореди: К.Јиричек, Историја Срба. I.262; II.25; Ј.Радонић, О деспоту Јовану Оливеру. 89, 91; М.Динић, Рења Охмућевић, 99; Г.Томовић, Повеља манастира Леснова. 84, 94; Р.Грујић, Који је српски деспот умро као велики схимник Јован Каливит? – Гласник СНД 11, Београд 1932, 233–237; Историја народа Југославије. I. Београд 1953.411; М.Рајичић, Основно језгро државе Дејановића – ИЧ. 4, Беорад 1953,239; Т.Томоски, Овче Поле во средниот век. Годишен зборник на Филозофскиот факултет. 4(30), Скопје 1978.254.

315. Г.Томовић, Повеља манастира Леснова. 96.

316. Ј.Павловић, Малешево и Малешевци. Београд 1929.409.

317. Ђ.Стричевић, Једна хипотеза. 124.

318. Т.Томоски, Распаѓање на Душановото царство и создавање на независни држави и поседи во Македонија. Историја македонског народа. I. Београд 1970, стр.179.

319. Грамотата е објавена од: Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Стефана. ГСУД X. Београд 1870, 287–296; Т.Флоринский, Памятник законодателной дѣятелности Душана царя Сербовъ и Грековъ. Киевь 1888, 80–82; Г.Томовић, Повеља... 86–88; С.Новаковић, Законски споменици. 676–681.

320. Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Стефана. 293.

црквата Св.Илија. Селото се наоѓало во месноста "Селиште" до Брегалница, каде што има траги од разурната црква и стари гробови.[321] Илиев Дол е долог што слегува од Голак, поминува меѓу селата Бигла, Турија и Илиово и се влева во Брегалница точно до местото "Селиште". Денес тој дол се вика Туришница, според истоименото село од кое извира.[322] Овие имоти Ј. Оливер по сè изгледа ги добил по смртта на Хреља, поранешен владетел на Пијанец.

Јован Оливер бил богат феудалец. Тоа може да се заклучи и од вестите на Ј. Кантакузин за средбата во 1342 год., кога го примил со приружбата (2000 војници) и ги одвел во својот двор, каде ги гостел три дена.[323] Ј. Кантакузин наведува и тоа дека Душан имал 24 највлијателни велможи, меѓу кои Ј. Оливер бил најмоќен велможа.[324] За богатството на Ј. Оливер сведочи и ѕидањето на Лесновскиот манастир,[325] кој го подарил со многу имоти, лозја, воденици, цркви и сл.[326] Во врска со тоа во еден натпис се вели: "великыи воѥвода Ѡливерь създа ис темелиꙗ и съврьшивь и пописа и всакыми добротами ꙋкрасивь, съсꙋды златыми и сребрьными, покова великые иконы среброммь и златомь ꙗкоже ѥст лѣпо домь божии оукрашати, подавь села и метохиѥ и пашища и ливаде и планине".[327]

---

321. За с.Илиово види: О.Иванова, Месните имиња по областа по сливот на Брегалница. Скопје 1982.7 и 71; Турски документи. V/I Скопје 1983.278.
322. Турија доаѓа од Тур-див бик, кој живеел во овие предели во антиката, спореди: А.Атанасовски, Кон прашањето околу местоположбата на имотите. 43.
323. Византиjски извори, VI, 384.
324. Исто. 398, бел.122.
325. Види поопширно: К.Николајевиќ, Србски Комнени. 293 "Създа се сїи свѣтлыи и чыстNы храм великаго воѥводе вышних сиьь архистратига Михаїла създа се и съврьши се вь дни Стефана крала сь трꙋдомь и поданиѥм раба божиꙗ Їѡана великаго воеводе Ѡливера и подроужиꙗ ѥго рабꙋ божию Анноу Марꙋ и вьзлюбленнаго емꙋ сына Краика..."; С.Симиќ, Лесновски манастир; Злетовската област (географско-историски осврт). Скопје 1974, 221, 626-635 и таму наведената литература.
326. Ст.Новаковиќ, Законски споменици. 675; Г.Томовиќ, Повеља манастира. 95.
327. К.Николајевиќ, Србски Комнени. 296.

За да се изгради манастир и снабди со секакви садови, со икони оковани во сребро и злато, навистина требало да се има големо богатство. Токму тоа го имал Оливер, за што сведочи и приведениот натпис.

Извор на богатството биле рудниците Злетово-Саса, што се наоѓале на територијата на неговиот имот, а во кои работеле прочуените средновековни рудари Саси. Покрај тоа, Ј. Оливер собирал приходи и од потчинетото население кое му доставувало: "соќе, перперак, пис, димнина, приплата, поклон царски, десеток од жито, вино, како и "всакого десетка живаго" (овци, свињи, пчели), тревнина, наметок-свински и овчи, приселица, псар и герекар и позоб".[328] Податоци за овие даноци содржи Душановата грамота за имотите на Лесновскиот манастир од 1347 година, со која се ослободуваат зависните луѓе на Епархијата од овие даноци. Тоа пак значи дека другите зависни луѓе што живееле надвор од Епархиските имоти биле должни да ги доставуваат сите тие даноци. Исти податоци за тоа сретнуваме и во грамотата на Ј. Оливер за црквата Св.Димитриј во Кочани[329] каде што стои одлука за слободно населување на земјата што ѝ припаѓа на споменатата црква според "законот црковен", со имунитетни права да бидат ослободени од сите "работь господства ми", и од сите "поданоци" кралеви и Оливерови - "и да имь не ꙋзима никои поданькь ни кралєв ни мои".[330] Посебно се истакнува ослободувањето од "позоб, душегубие (вражда) и од сите работи - орание, копание и понос".[331]

Одредбата во грамотата укажува на тоа дека сите посочени даноци и обврски зависното население било должно да ги доставува на владетелот. Токму затоа Ј.

328. Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Душана. 294.
329. За грамотата види: В.Григоровичь, Очеркь путешествия по Европейской Турцїи. изд.2. Москва 1877.46; К.Николајевиќ, Србски Комнени. 297; Ст.Новаковиќ, Законски споменици. 662-663.
330. Исто. К.Николајевиќ, Србски Комнени.297.
331. Исто, 297: Ни копаниѧ, ни ораниѧ, ни поноса...

Оливер, за да ги заштити "црковните луѓе" внел таква одредба.

Според Ј. Павловиќ, Јован Оливер имал црква и во Пијанец, во с. Град која ја опишува вака: "на градската црква, околу западните и северните врати има многу украси, какви нигде повеќе не сум видел во таа околија. Околу надворешните врати има разнобоен делкан камен, на кој има релјефно изработена лоза со ѕвездести цветови. Над вратата и од страна до нив има икони и други украси (релјефно изработени елени и разни човечки икони во вид на кукли). Кај западната врата, од десната страна е изработен Св.Ѓорѓи на коњ, каде убива змија. На тој камен има натпис кој не може да се прочита. Над Св. Ѓорѓи, на друг камен (кој е втиснат) релјефно многу убаво е изработен двоглав бел орел",[332] се мисли дека ова е Оливерова задужбина.

Ј. Оливер бил ктитор и на манастирот Св. Јован Претеча во Охрид.[333]

Тој имал и свои властелини, за кои станува збор и во неговите грамоти за црквата Св.Димитриј во Кочани и за Лесновскиот манастир.[334] Во имунитетните одредби се забранува мешање "во областа" за сите "владалци" кралски и Оливерови "... и да нема области никии владальц господина ми кралѧ ни мои...",[335] со посебно посочување на севастот, кнезот, прахторот и останатите потчинети власти: "ни севаст, ни кнезь, ни прахторь, ни псарь ни ини иже подь властию".[336]

За потчинет властелин на Ј. Оливер во Пијанец станува збор и во грамотата на Душан за Злетовската епархија

332. Ј.Павловић, Малешево и Малешевци. 409; Овие податоци Павловиќ ги запишал во 1925 г. Денес постои црква Св.Ѓорѓи во с.Град изградена на темелите на стара црква која во 1925 г. била во урнатини.
333. Ц.Грозданов, Охридското ѕидно сликарство од XIV век. Охрид 1980.62.
334. К.Николајевић, Србски Комнени. 297.
335. Исто. 297.
336. Исто 297.

од 1347 година, во која подарува имоти во Пијанец, меѓу кои се наоѓа "столп погоре кој што Ѓурен го држал со вложина".[337]

Од овие податоци може да се заклучи, дека Ј. Оливер навистина бил моќен и богат феудалец, со богати имоти и високи приходи. Сето тоа му овозможило постепено да се осамостојува од централната власт и да владее самостојно. Тоа се гледа и од одредбите во Душановата грамота за формирање на Злетовската епископија, каде што стои дека без согласност на Ј. Оливер не можел да се поставува епископ.[338] Оваа одредба се темели на ктиторското право на Ј. Оливер. Тој како ктитор на манастирот



Слика 22. Остаток од олтарот на средновековна црква во с.Црквенец (снимено 1.VIII.1990 г.).

337. Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Душана. 293. "И дроугыи стальпь по выше кои ѥ Гюрен дрьжаль оуз вложиноу".
338. Исто, 295.

имал право да се меша во поставувањето на епископ. Тоа дури било предмет на расправа на Соборот во Скопје, кога била донесена грамотата. Соборот во договор со патријархот, архиепископот, митрополитите и епископите одлучиле да не се поставува епископ без договор и без согласност на ктиторот.[339]

Во истата повелба се наоѓа уште една одредба што зборува за сè понагласената самостојност на Ј. Оливер, од што се плашел и самиот цар Душан, па морал да ја даде оваа одредба: "Ако се случи деспот Оливер да се огреши кон моето царство и престолот српски, или по него чедата негови тие сами да се казнат".[340] Најверојатно Душан ја имал предвид постапката на Хреља – претходниот владетел на овие простори, па такво нешто очекувал и од Ј. Оливер. Тоа пак нè наведува на заклучок дека овие двајца владетели биле еднопленеменици т.е. од потчинетото македонско население кое се стремело кон независност.

Плашливоста на Стефан Душан подоцна се остварила. По неговата смрт Оливер владеел независно и бил самостоен господар на Овче Поле и околните области во кои биле познатите градови: Велес, Штип и Кратово.[341] До кога Ј. Оливер владеел како независен деспот не се знае точно, но од 1355 год, понатаму тој не се споменува, што значи дека умрел набргу по цар Душан. Неговата област била приклучена кон државата на Дејановите наследници.[342]

---

339. Исто, 295: "Сиѩ же видѣв светоѥ царство ми вселюбимаго властелина деспота Ѡливера великоѥ поболѣниѥ ѡ храмѣ светаго Архаггела и зговорисмо се сь патрїархом и сь архїепископми и сь митрополитии и сь епископїи и сь всѣмь сьбором. Ако да се не постави епископь безъ зговора и безъ хотѣниѩ ктиторова".

340. Исто, 295, "И светоѥ царство ми назнаменоуеть аще и понѥ некои слоучит се деспоту Ѡливеру и сьгрѣшить коимь либо дѣломь царству ми и столоу срьпскому или по нѥм чеда ѥго тагожде сьгрѣшеть царствоу ми да се они сами педепсоують по изволѥнию светаго царства ми".

341. J.Радонић, О деспоту Јовану Оливеру. 94.

342. М.Рајичић, Основно језгро државе Дејановића. 239.

Во текот на своето владеење Ј. Оливер издавал повелби, ковал монети, имал свои вазали (властеличиќи). Од негово време се зачувани три вида сребрени монети со двоглав орел на едната страна, како симбол на деспотската власт, а на другата страна натпис "цар Душан" или "цар Урош". Најмладата серија е без таа формула, што се зема како пример за осамостојувањето на Ј. Оливер.[343] Фактот дека Ј. Оливер ковел свои монети, имал право да издава повелби, да подарува имоти и сл. зборува за неговата голема самостојност уште во времето кога бил жив Стефан Душан. Од друга страна, тоа ги отсликува приликите во внатрешното уредување на српската држава, кои особено се изразиле по смртта на Душан, кога феудалците од родот на Ј. Оливер, располагајќи со многу права се чувствувале како вистински господари на својата земја и одбиле да се потчинуваат на централната власт.

Брегалничкиот дел на Пијанец останал под власта на Оливер до крајот на неговото владеење. Имотите што ги подарил на Лесновскиот манастир останале ненерушени сè до 1381 година кога Константин Дејанов ги подарил заедно со манастирот во Лесново на Хиландар.[344] Тоа зборува дека црковните имоти не биле одземени, туку биле почитувани даровните одредби на Јован Оливер.

## 5. Општествено-економските прилики во Пијанец во периодот 1331-1335 година

Во периодот на владеење на Стефан Душан, Пијанец бил опфатен од новата црковна организација. Реорганизацијата била предизвикана од проширувањето на српската

343. За монетите на Ј.Оливер види: S.Ljubić, Opis jugoslovenskih novaca. Zagreb 1875.175; Н.А.Мушмовъ, Античкитѣ монети на Балканския Полуостровъ и монетитѣ на българскитѣ царе. 501–502, табл. XVIII, бр.10–12.
344. Ст.Новаковић, Законски споменици. 453–455.

држава што настанало во периодот од 1332 до 1345 година. По завршувањето на воените акции Душан се зафатил со внатрешно уредување на државата.

За разрешување на прашањата во врска со организирањето на власта во новите територии од страна на Душан бил свикан Собор во 1346 година. Соборот бил одржан во Скопје на 16 април 1346 година (Велигден).[345] На овој Собор покрај српското духовништво на чело со архиепископот Јоаникие II, учествувал и Охридскиот архиепископ Никола со синодот, како и Трновскиот патријарх Симеон со синодот. По желба на Душан, двајцата поглавари на автокефалните цркви, Охридскиот архиепископ и Трновскиот патријарх го прогласиле Јоаникие II за патријарх на Србија, а потоа заедно го крунисале Душан за цар, женаму за царица, а синот Урош за крал. Во случајов Охридскиот архиепископ во отсуство на цариградскиот патријарх ја имал улогата на вселенски патријарх.[346] На овој Собор била извршена црковна реорганизација. Пеќката архиепископија ја издигнале во ранг на патријаршија, епископиите во ранг на митрополии, во кој ранг на прво место била ставена Скопската со седиште во црквата Св.Богородица Троеручица, а биле основани и нови епископии. За оваа реорганизација се зборува во повелбата на Душан за новоформираната Злетовска епископија во која се вели: "како пдвигохь саны кралѥвьскы на царьство и архїепископию на патрїаршьство, и епископиѥ на митрополитьства; такожде и подвигосмо всеҷьстноую Скопию, ҷьстнаго и славнаго града Скопиꙗ Троѥручицоу, на прьвопрѣстолноую митрополию"...[347] Потоа му понудиле на

345. И.Снѣгаров, История на Охридската архиепископия. I.320; М.Пурковић, Итинерар краља и цара Стефана Душана. Прилошци средњевековној историји - Гласник СНД. Одделен отпечаток. Скопље 1938.240; Историја српског народа. I.527/28.

346. И.Снѣгаров, История на Охридската архиепископия. I.320; Б.Панов, Охрид и Охридската област во XIII и XIV век. Средновековна Македонија. III.796/98.

347. Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Душана. 289.

деспот Оливер да даде согласност да го осветат манастирот во Лесново и да го подигнат од игуменија во епископија (ѿ Игоуменилє на епископьство).[348] Оваа нова епископија бела потчинета на Скопската митрополија: "да ѥ вь область и вь помень прьвопрѣстолныѥ митрополиѥ троѥроуѵице славнаго града Скопиꙗ"[349].

Во рамките на Злетовско-брегалничката епископија влегла и територијата на Пијанец. Тоа се заклучува од повелбата за формирање на Епископијата, каде покрај другото се наведуваат и имотите во Пијанец што ѝ биле подарени на Епископијата.[350] Овие имоти се состоеле од две села и едно селиште, со многу поединечни ниви, полиња, воденици, лозја и други властелински објекти во тие области "сè до над Царево Село кое и тогаш се викало така".[351]

По набројувањето на имотите во Злетовската област и црквата во Штип, цар Душан продолжува со набројување на имотите во Пијанец. Тој дел од повелбата гласи: "И уште приложи моето свето царство на Злетовската епископија на Светиот Архангел во Пијанец црква Св.Никола со село и со лозје (виноград) и со воденица и со луг (лоугомь). И земја столп (стьлпь), почнувајќи од Св.Никола до лугот и над лугот околу брест. Лака (лоукы) до патот што преминува од Царево Село и над Цареви Води по трапу. Нива и столп во Колакинин Дол, над брестот и на Олѣешев Дол столп од двете страни на патот. И тука над патот друга нива, а во Црквенец во Могилец четири парчиња (комати) земја. И Небрадова лака (лоука) под Царево Село, и селиште Котража и на Драмче нива на Борищје. И спроти Св.Илија над патот што оди за Драмче нива. И во Клисура две парчиња (комати) земја. И приложи деспот (Ј. Оливер - .А.А.) земја

348. Исто, 290.
349. Исто, 290.
350. Исто, 293.
351. Р.Грујић, Скопска Митрополија. Скопље 1945.104.

столп над Свети Илиев Дол и друг столп погоре кој што Ѓурен го држел со вложина. И уште приложи моето свето царство во Пијанец на Брегалница црква Богородица со село и со намештај (наместие). На Гошев Дол три ниви и на Љубешевец две ниви и на Габровчица три ниви и Св.Георги две ниви. И во Мрамор нива, и на Смрдешци нива, и на Брегалница нива и на Тодоров Дол нива, и на Звегорчица две ниви, и под Гнила две ниви, и на Лазо нива. И во Клашев Дол нива купеница, и во воденицата на Св. Никола лака. Во Глоги нива од тработивишкото место".[352]

Сите горе споменати имоти се наоѓале во Брегалничкиот Пијанец.[353]

Во грамотата се споменуваат четири цркви: Св.Никола, Св.Богородица, Св.Илија и Св.Георгија. Овие цркви не се споменуваат во друг извор и за нивната изградба не се знае ништо. Дали биле изградени во периодот на српското владеење или порано со сигурност не може да се каже. Но,

352. Архимандрит Леонид, Хрисовуља... 293; "И ѥще приложи светоѥ царство ми епископїи злетовскои светому архаггелоу оу пиѩнци цръковь светаго Николе сь селом и сь виноградомь и сь водѣницами и сь лоугомь и землѥ стальпь почьнши ѿ светаго Николе до лоуга и выше лоуга около брѣста. Лоукы до пута кои прѣходи ѿ царева села и више царeве воде по трапоу. Нива и стльпь вь колакининѩ долѣ, выше брѣста и на ѡлѥшевѣ долѣ стльпь обѣ страны поута. И тоу надь поуть дроуга нива, а оу црьковници оу могилиць д҃ комати землѥ. И небрадова лоука подь царевѣмь селомь, и селище Котража и на Драмчи нива на барищехь и ѡноге светаго Илиѥ надь поуть кь Драмьчю идоуще нива. И оу клисоурѣ два комата землѥ. И приложи деспоть землѣ стльпь выше светаго Илиѥ дола и дроугыи стальпь по выше кои ѥ гюрен држаль оузь вложину. И еще приложи светоѥ царство ми оу пиѩнци на Брѣгальници црьковь, Богородицоу сь селомь, и сь намѣстиѥм. На гошевѣ долѣ г҃ ниви и на любешевцѣ в҃ ниви. И на Габровщици г҃ нивы. И светаго Георгїа г҃ нивы и оу мрамора нива, и на Звегорщици в҃ нивѣ, и подь гнилоу в҃ нивѣ, и на лазѣхь нива. И оу Клашнѥвѣ долѣ нива коуплѥница, и оу воденице светаго Николе лоука. Оу глоги двѣ нивѣ ѿ трѣботишскаго мѣста.

353. За местоположбата на имоите види. А.Атанасовски, Кон прашањето околу местоположбата на имотите на Злетовската епископија во Пијанец. 39-46, со исправка: црквата Св.Георги се наоѓа во с.Град, а не во с.Вирче како што стои во статијата, се работи за случајна замена на имињата на црквите.

фактот што во грамотата на Душан не се споменува за нивната изградба, нѐ наведува на заклучок дека тие постоеле пред паѓањето на Пијанец под српска власт.

Покрај горе споменатите цркви во Пијанец постоеле и други од кои поголемо внимание заслужуваат црквите во с.Црквенец,[354] с.Град, с.Селник, с.Драмче (Шарена Црква), како и црквата во с.Илиово кај Боришка маала.[355]

Сите тие цркви имале свои баштини кои во три случаи, кај Св.Никола, Св.Богородица и Св.Илија се развиле во целосни села.[356] Тоа било овозможено од поволната положба што ја имале црквите во периодот на владеењето на Душан. Злетовската епархија била една од најмоќните црковни феудални институции во државата на Душан. Епархиското властелинство уживало големи привилегии и било изземено скоро од сите државни, управни, судски, финансиски и воjнички власти.[357] Злетовскиот епископ во рамките на својата Епархија имал скоро неограничена духовна, административна и судска власт. За тоа сведочи и одредбата во грамотата на Душан, каде што се вели: "да не облада нитко црьковню, ни людми црьковнимы, ни всею областию, ни кепалиꙗ, ни севасть, ни кнезь, ни соудиꙗ, ни глобара, ни прахторь, сиꙗ рещи нитко од владоущих по земли... Тькьмо да облада всѣи тѣм црькъв светаго Архангела".[358]

Како што се гледа од изложеното, Епископијата имала судски имунитет: се споменува ослободување од "судије" и

354. Според преданието во Црквенец имало девет цркви, од теренските истражувања утврдивме траги од седум, од една е зачуван олтарот, види слика бр.22.

355. А.Керамитчиев, Археолошка карта на општината Делчево. 13. За црквите во с.Црквенец и с.Град спореди: Ј.Павловић, Малешево и Малешевци. 28-29 бел.6.

356. Архимандрит Леонид, Хрисовуља... 293.

357. Р.Грујић, Скопска митрополија. 107.

358. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 294; Д.Ангелов, Аграрните отношения в северна и средна Македония през XIV век. София 1958.126.

"глобаре"[359] "и всака глоба да ест црьковна".[360] Единствена отстапка била направена во поглед на глобата "вражда" која секогаш била највисока (1000 златници). Дотогаш половината (500 златници) се давале на црквата, а половината на "наводчијата" (поткажувачот на виновникот). Душан одредил целата вражда да припадне на епископското властелинство. За тоа во повелбата се вели: "и вражда, ако се случи во метохијата да ја зема црквата, а никој друг".[361]

Покрај судски, црковните имоти располагале и со голем финансиски имунитет, тие биле ослободени од: "соќе (сокѥ), перперак (перперакѥ), пис (писа – такса за попис на лица способни за работа и оданочување), димнина (димнине – данок за куќа), приплата (дарови за жупските чиновници), поклон царски, десеток од жито и вино, како и "всакого десетка живаго" (овци, свињи, пчели), тревнина (трѣвнине), наметок-свински и овчи, приселица, псар и герекар (псарь и геракорь) и позоб (позоба)".[362]

Црковните имоти и луѓето што живееле на нив биле ослободени и од извесни работи, за што во еден дел од повелбата стои: "просто речено од сите работи големи и мали",[363] а потоа ги наведува поединечно: "провод поклисара и од секој понос господски, и орание и копање".[364]

Од посебно значење за црковните имоти во Пијанец за обезбедување со постојана работна рака било поседувањето воен имунитет, кој за првпат се споменува во основачката повелба за Злетовската епископија. На едно место Душан вели: "Царот го ослободува властелинството

359. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 294.
360. Исто, 295.
361. Исто, 294-95, И вражда ако се слоучїи вь метохїи, да ю оузима црьквьа ниь нитко.
362. Исто, 294. Епархијата била должна да дава само "ѥдноу криноу прѣводноу ѥаво же иниѥ црькве".
363. Исто, 294; Д.Ангелов, Аграрните отношения. 127.
364. Исто, 294, ѡсвободи светоѥ царство ми ѿ всѥх работь... Великых и малыхь... и ѡраниѥ и копаниѥ. Спореди: Д.Ангелов, Аграрните отношения. 127; Р.Грујиќ, Скопска митрополија. 114.

од војске".[365] Оваа одредба подразбирала забрана на собирање војска од црковните имоти и се однесувала само на епархиските имоти, не е познат друг случај на ослободување од војска на световен феудалец. На тој начин било спречено намалувањето на работната рака на имотите.

Правата и обврските на црквата биле регулирани и со Душановиот Законик, посебно во член 25 и 26 каде што се вели: "Сите цркви што се наоѓаат по земјата на моето царство ги ослободи моето царство од сите работи, мали и големи".[366] Законикот предвидувал црковните луѓе да се судат пред своите митрополити и пред епископите и игумените.[367] Доколку некој спор не можел да се разреши пред Епископијата, тогаш право на мешање имал само царот и никој друг: "иѡ соудѣ що се неможе расудить прѣдь епископомь да греде прѣдь царство ми, а ɴиде ɴигдере да имь не буде соуда".[368] Сите одредби за црквата во Душановиот законик се однесуваат и на црквите во Пијанец, кои влегувале во составот на Злетовската епископија.

Епископот го поставувал Соборот во согласност со ктиторот на манастирот, во случајов Јован Оливер.[369]

Правата на нижото свештенство – поповите, биле регулирани со Душановиот Законик. Според одредбите во Законикот, поповите се делеле на три групи: а) попови – баштиници,[370] б) попови на кои господарот им дал три ниви,[371] и в) попови кои добиле од господарот повеќе од три ниви.[372] Бројот на поповите бил ограничен, за што

365. Исто, 294; Ст.Новаковић, Законски споменици. 453; Р.Грујић, Скопска митрополија. 114.
366. Н.Радојчић, Душанов Законик. стр.42 чл.26.
367. Исто, 43 чл.33
368. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 294.
369. Исто, 295; да се не постави епископь безь зговора и безь хотѣниꙗ ктиторова.
370. Н.Радојчић, Душанов Законик. стр.43 чл.31, стр.48 чл.65.
371. Исто стр.43 и 48 чл.31 и 65.
372. Исто, стр.43, чл.31, "а остали попови који немају баштине да им се даду три њиве по закону и да је капа поповска слободна а коме више узме од те земље да работа црквама по закону.

сведочи одредбата која вели: "од поповските синови само оној или оние кои изучат книга да станат попови, а другите да бидат сокалници или меропси".[373] Во просек на 20 куќи доаѓал еден поп.[374]

Во времето на Душановото владеење во Пијанец биле извршени и воено-административни промени. До доаѓањето на Душан на власт Пијанец бил огранизиран како краиште.[375] Со доаѓањето на Душан на власт и со проширувањето на државата, Пијанец го изгубил тој статус и бил организиран како Жупа на чело со жупан.[376] Во Пијанец како центар на жупа се споменува с.Триботивиште.[377]

Царот Душан ја управувал државата со помош на "совет" кој го сочинувале највeрните членови на аристократијата, која била позната под општото име "властела".[378] Властелата била привилегираниот слој во државата и за направената услуга во војна или мир од владетелот добивала баштина - села со населението, шуми и ливади на управување и уживање. Во нив тие имале војничка, судска, административна, управна и финансиска власт, за што биле должни да извршуваат одредени должности кон Душан,[379] пред сè воена обврска и плаќање на соќе.[380] Баштините останувале во наследство на машките наследници.[381]

За главните прашања во државата Душан не одлучувал сам, тој редовно се консултирал со својот совет.

373. Д.Јанковић, Историја државе и права феудалне Србије. 41 и бел.77.
374. С.Новаковић, Село. 248-249.
375. Д.Јанковић, Историја државе и права. 75-76; Н.Радојчић, Душанов Законик. стр.46 чл.49.
376. За жупите види: Д.Јанковић, Историја државе и права. 74-75.
377. Ј.Павловић, Малешево и Малешевци. 18-19 бел.1.
378. М.Поповић, Законик цара србског Стефана Душана. Гласник ДСС. Св.II. Београд 1849.86; Д.Јанковић, Историја државе и права. 41; Н.Радојчић, Друштвено и државно уређење Србије у доба Немањића. Летопис МС.Књ.341 св.1. Нови Сад 1934.6; Историја српског народа. I.536.
379. Д.Јанковић, Историја државе и права. 43-44.
380. Н.Радојчић, Душанов законик. стр.59 и 45, чл.142, 42.
381. Исто, стр.45-46, чл.48.

За таков совет известува J. Кантакузин[382] кој кога престојувал на српскиот двор, не разговарал само со Душан туку во разговорот учествувал и Советот.[383] Доколку се работело за прашања од поголема важност се свикувал "Собор" на кој покрај феудалците учествувале и духовни ѓица, патријарх, епископи, митрополити.[384]

За успешното спроведување на власта и исполнување на обврските кон државата, биле ангажирани бројни административни чиновници. Во тој административен апарат влегувале даночните чиновници – прахтори,[385] потоа, судиите – световни и духовни.[386] Црковните судии ги суделе црковните луѓе, т.е. населението што се наоѓало на црковните имоти, за што станува збор и во грамотата на Душан за Лесновскиот манастир.[387] Покрај горе споменатите лица во грамотата се споменуваат уште и: кефалија (управник на град); севаст (севасть – виш административен чиновник); кнез (кнезь); глобар (глобарь).[388]

*

*　　*

Целиот товар за издршка на овој државно-административен апарат паѓал врз грбот на зависното население.

Во Пијанец во периодот на владеењето на Душан постоеле истите категории зависно население што постоеле во цела Македонија: себри, отроци и парици.[389]

---

382. Византијски извори. VI.395.
383. Исто, 398.
384. За соборите види поопширно: Д.Јанковић, Историја државе и права. 62-70; Н.Радојчић, Српски државни сабори у средњем веку. Београд 1940.
385. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 294.
386. Исто, 294.
387. Исто, 294.
388. Исто, 294.
389. За категориите на зависно население види: Д.Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век. 90-116; Н.Радојчић, Душанов законик. чл.53, 55, 85, 94 и 106; Л.Славева, Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век. – Споменици III, Скопје 1980.117, 180.

Зависното население на својот властелин му доставувало десеток, кој се делел на "жив" и "житен". Житниот десеток се земал од сите видови жито, а живиот од домашните животни: овци, свињи (наметка свинскога и овчега), коњи, пчели и сл. Зависните луѓе морале да му плаќаат поклон на властелинот во случај на свеченост во неговиот дом, крштевка, венчавка и сл.[390]

Даноците што ги плаќало зависното население на црквата веќе ги споменавме,[391] истие тие даноци ги плаќало и населението што било зависно од световните феудалци. Исто така извршувало разни работи за своите господари како на пример: провод (провода поклисарь), понос (поноса господскагоь), орање и копање (ωраниıа и копаниıа).[392]

Покрај споменатите даночни обврски, населението било обременето и со одење во војска, давање стража, ѕидање, поправање и чување на градовите и сл.[393]

Населението живеело во куќи (коукы), кои се состоеле од заграден простор што не го делеле на посебни соби. Во една куќа можеле да живеат и повеќе поколенија.[394] За градба на куќите во Пијанец се употребувало главно дрвото. Најраспространети куќи во Пијанец во перидот на XIV век биле т.н. базденици, градени од дрво и "базд" – земја, покриени со слама.[395] Огништето се наоѓало на средината на куќата и околу него се собирале членовите на семејството за општи потреби (јадење, дискусии и сл.).

390. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 294; "десетка житнога и виннаго, и всакаго десетка живаго", "поклона царьскаго".
391. Види: бел. 353-356 :сокıа и димнине, перпеpакıа".
392. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 294; спореди и Д.Ангелов, Аграрните отношения. 127; Н.Радојчиħ, Душанов Законик. 43 чл.34.
393. Исто, 294; С.Новаковиħ, Законски споменици. 662; 452-457; 510-515; Н.Радојчиħ, Душанов Законик, чл.127, 157, 158.
394. Спореди чл.70 од Душановиот Законик.
395. Такви куќи се среќаваат по планинските села на Пијанец, пред сѐ во с.Главовица, с.Цера, с.Небојане, с.Косевица и др. Во с.Цера една таква куќа и денес е населена, во другите села куќите се напуштени и се во распаѓање.

Паралелно со индивидуалната семејна сопственост, кај селското население во Пијанец во XIV век сеуште постоела и задругарската сопственост. Големото семејство (задруга) сеуште доминирало. Задругите располагале со свои имоти и заеднички ги вршеле работите поврзани со нив, продажба, размена, подарување и сл.[396] За распоредот на работите и обврските во задругата се грижел најстариот член, другите ги почитувале неговите наредби.[397]

Главен извор на егзистенција на населението во Пијанец во времето на Душан било: земјоделството, сточарството и рударството. За развојот на овие гранки влијаела положбата на Пијанец и неговата богата хидрографска мрежа.

Земјоделството во Пијанец во периодот на владеењето на Душан ги задржало претходните карактеристики. Тоа особено било развиено покрај речните долини на Брегалница и Елешница, како и по долините на нивните притоки: Желевица, Ѕвегорштица, Габровштица, Новоселска Река, Очеполска Река и др.[398] Претежно се сееле житни култури: јачмен, 'рж, овес, просо, уров и сл. Сите овие култури во грамотата на Душан за Лесновскиот манастир се споменати како "житни".[399] Сеидбата се вршела двапати во годината – есен и пролет. Во употреба бил триполов систем на обработка на земјата за што сведочи и чл. 31 од Душановиот Законик, каде што се предвидува за оние попови кои немаат баштина да им се дадат "три ниви".[400] За обработка

396. Спореди: Д.Ангелов, Аграрните отношения. 97.
397. За постоењето на задругите во Пијанец во XIV век сведочат остатоци од нив во одделни пијанечки села во XIX па и XX век. Така на пр. В.Кънчов го споменува родот на Бисерци во с.Саса 1893 г. кој се состоел од 100 членови. В.Кънчов, Македония етнография и статистика. Избрани произведения. Т.II. София 1970. 331.
398. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 293, "на Габровщици .г҃. ниви и на Брѣгалници нива и на Звегоршици .в҃. нивѣ".
399. Исто, 294 (десетка житнога).
400. Душанов Законик, уредник Б.Марковић, Београд 1986, 61 чл.31.

на земјата се користела запрега и рало (ѕевгар). Едно домаќинство можело да има повеќе ѕевгари што се гледа и од данокот што го плаќале за ѕевгар волови – воло-берштина.[401]

Жетвата се изведувала со срп, а житото се врзувало во снопје и се превезувало на гумно[402] за вршење. За превезување на снопјето во Пијанец се користеле двоколки влечени од ѕевгар волови, а во стрмните места се користеле дрвени санки кои биле прилагодени на теренот.[403]

Вршидбата се изведувала со помош на коњи или волови во зависност од тоа со каков добиток располагале земјоделците.[404] Житото се чувало во јами или амбари. За мелење се користеле воденици (воденице Светаго Николе).[405] Житото на воденица се носело на коњи или магариња.

Паралелно со земјоделството се одвивало и одгледувањето на овошки (овоштиıа). Во Пијанец најмногу успевале сливите, крушите, јаболката, лозјето, цреши и ореви. Во грамотата на Душан за Лесновскиот манастир се споменува: виноградомь, на кроушкоу, чьбьр.[406] За постоењето на цреши и ореви во Пијанец ни укажуваат некои имиња, како на пример: цреши, Црешов Дол, Оресите (оревите – име на дол), Ореова Чука и сл.,[407] во кои места денес не постојат ниту цреши ни ореви, што значи дека во минатото постоеле.

Покрај земјоделството во Пијанец било развиено и сточарството. Особено поволни услови за развој на сточар-

---

401. Д.Ангелов, Аграрните отношения. 212; В.Мошин, Акти из светогорских архива. Хиландарски практик. 209, (зевгарь говѣди).
402. Чл.100 од Душановиот Законик зборува за палење на гумно.
403. Остатоци од древни санки и денес се сретнуваат во планинските села: Саса, Косевица, Костин Дол, Црвена Јабука, Вратиславца и др.
404. Пример на вршење со коњи види: Х.Вакарелски, Етнография на България. София 1977.113, 117. Во планинските села на Пијанец и денес се врши со коњи и волови.
405. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 293.
406. Исто, 292 и 293.
407. Според теренските истражувања, такви имиња постојат во с.Вратиславца, Костин Дол, Косевица, Киселица и др.

ството имало на Осоговските Планини, Влаина, Голак, а некои сточари од југоисточниот дел на Пијанец ги терале стадата на пасење и на Малешевските Планини. Во Пијанец најмногу се одгледувале овци (наметка ѡвчега), свињи (наметка свинскога), говеда и коњи. Во употреба бил полуномадски начин на сточарење. Лете овците излегувале на планина, а зиме се спуштале во рамнинските делови околу Брегалница и Елешница со притоките. За тоа сведочат и податоците во грамотата на Душан каде се споменуваат: ливаде, катоунь, планина, пашища, зимовища.[408] За чување на овците во Пијанец се применувал т.н. систем на бачија,[409] за што сведочат имињата на некои месности како што се: бачии, Врла Бачија и сл.[410] Во врска со сточарството во Пијанец се и топонимите: "поиште", "солиште", "зимовниште", "кршла", "јагниште", "сењаци", "сенарник", "козарник", "коњарник", и сл.[411]

Зимно време овците се хранеле со сено, а доколку имало жир се пуштале на жир (жировина). Душановиот Законик со член 190 го регулира правото на жир.

Говедата се делеле на работни (ѕевгар) и на неработни говеда (пашитни). Тие се чувале во посебно заградени простории, а веднаш до говедарникот имало обор за коњи. За коњи станува збор и во Душановиот Законик, посебно чл. 38 ја регулира исхраната на царските коњи и ждрепци.[412] Во врска со одгледувањето на говеда и коњи во Пијанец се зачувани и топоними како што се: Воловешка Чука, Воловешки Рид, Говедарник, Конарник, Коњски пат и сл.[413]

---

408. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 294.
409. За бачиите спореди: J.Павловић, Малешево и Малешевци. 52-63.
410. Според теренските истражувања места со такви имиња постојат во повеќе села на Пијанец.
411. Места со такви имиња постојат и денес во сите села што се наоѓаат во полите на Осоговските Планини, Влаина и Голак.
412. Б.Марковић, Душанов Законик. 62 чл.38.
413. Според теренските истражувања во Пијанец.

Дополнителна стопанска гранка во Пијанец во разгледуваниот период било пчеларството, за што станува збор и во грамотата на Душан за Лесновскиот манастир, каде што се споменува "десетка пчелнаго". Пчеларството особено било развиено на црковните имоти. Тоа од причина што покрај мед од пчелите се добивал и восок кој бил употребуван за правење свеќи во црквите.

Благодарение на конфигурацијата во Пијанец бил развиен и ловот, пред сè во планините: Осогово, Влаина, Голак, кои изобилувале со секаков дивеч.[414] По Брегалница и Елешница се ловело риба.

Паралелно со овие стопански гранки се развило и занаетчиството. Од занаетчиите во Пијанец најпознати биле: катранџискиот, ќумурџискиот, дрводелскиот, терзискиот, самарџискиот и ковачкиот. За ковачи станува збор и во грамотата на Душан за Лесновскиот манастир каде што се наведува "Никола ковачь з братом".[415] За добивањето на катранот во Пијанец е запишано едно предание,[416] а за тоа сведочат и некои топоними.[417]

Од посебно значење за Пијанец во периодот на Душан било рударството. Тоа било најмногу развиено во осоговскиот дел на Пијанец каде се копала сребрена и оловна руда. Најмногу сребрена руда се копала во ќустендилските рудници, каде што и до денес се зачувани згурии од недотопена сребрена руда познати под името "Сребрено коло".[418] Оловната руда се експлоатирала во с.Саса. Најголема заслуга за развојот на рударството во овој крај имале Сасите. Тоа е германско племе што се занимавало со

414. За уловен дивеч "диви свињи и елени" зборува Т.Метохит, види: К.Илиевска, Теодор Метохит... 269.
415. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 292.
416. Види: Ј.Павловиħ, Малешево и Малешевци. 60.
417. Во Пијанец се сретнуваат имиња на места како што се: Катраници, Мал Катраник, Голем Катраник во с.Костин Дол, каде што во минатото имало богати борови шуми.
418. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 247.

рударство, кои на територијата на Србија се јавиле по 1241 година, а во Пијанец дошле по 1282 година.[419]

За својата дејност во Пијанец, Саситe оставиле сведоштва во топонимијата. Од нив доаѓа името на селото Саса[420] и Сасанска Река, потоа маалото Сасани во с.Страдалово,[421] Сасанци во Делчево и соседното Пехчево. Како резултат на нивната работа останале имињата: Шлегово (Schlägel - чекан), хутман (Hütenmann),[422] шахта, како и




Слика 18. Локалитет "Равнаци" - с.Вратиславци, римска населба: 1 - траги од површинска експлоатација на руда, 2 - Македонско-бугарска граница (снимено 5.VIII.1990 г.) досега нерегистрирано.

419. За Сасите поопширно види: К.Јиречек, Историја Срба. II.90, 91, 124, 173 и 406; М.Динић, За историју рударства у средњевековној Србији и Босни. I део. САН Београд 1955. 1-27.
420. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 246.
421. Исто, 246.
422. М.Динић, За историју рударства. 2.

некои лични имиња (Фердо) и сл. Саситe не биле голема компактна група, тие дошле само како стручнаци за рударството и се населиле во зафрлените краеви,[423] за што сведочи и местоположбата на денешното с.Саса.

Покрај во топонимијата за Сасите наоѓаме податоци во договорите меѓу Дубровник и српските владетели од времето на крал Милутин до деспот Ѓураѓ Бранковиќ.[424] За Сасите се однесува и чл. 123 од Душановиот Законик,[425] со кој се регулирале некои поединости во односите на Сасите и властелата. Сасите имале сопствен суд кој бил составен од граѓани (пургари). Со него претседавал судија. Сасите имале своја колонија во Кратово заедно со Дубровчаните.[426] За богатството на Кратово во XIV век, турскиот поет Пир Мехмед-Зајифи изјавил: "во Кратово треба да се иде на поклонување, како што се оди во Ќаба на аџилак, затоа што тоа дели пари на странците".[427]

Царот Душан посебно внимание посветил на златарите и на нивната должност, каде коваат пари и колку, како и казните на прекршителите.[428]

Во рудниците покрај Сасите работеле и рудари од месното македонско население. Со текот на времето името Саси се пренело како општо име за рударите и веќе не означувало етничка припадност туку занимање.[429]

За обезбедување на поткопите каде што се вадела рудата се користеле дрвени греди за потпирање на јамите за да не се одронуваат. Најмногу бил користен бор, за што сведочат откриените борови греди во една јама во с.Саса,

423. Исто, 10.
424. Исто, 3.
425. Б.Марковић, Душанов Законик. 74, чл.123; Н.Радојчић, Душанов Законик. 56.
426. S.Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva. Priština 1968.181.
427. Исто, 183.
428. Н.Радојчић, Душанов Законик. 64 чл.168-170.
429. М.Динић, За историју рударства. 23.

при отворањето на современиот рудник.[430] Дрвото се користело и за топење на рудата, токму затоа и во Душановиот Законик се регулира правото на Сасите да сечат дрва.[431] Тоа пак довело до уништување на богатите шуми во Пијанец, особено борот за кој останале само сведоштва.[432]

Со рударството во Пијанец се развивала и трговијата. Во овие краеви особено активни биле Дубровчаните, кои од Дубровник носеле сол, а од овде земале разни метални предмети, како кожа, жито, волна и сл.[433] Покрај со Дубровчаните населението од овие краишта тргувало и со соседните области: Малешево, Кочани, Ќустендил и др.




Слика 21. Врчва од локалитетот "Преоѕи", с.Вратиславци, откопана јуни 1983 година.

430. Според теренските истражувања такви греди се откриени во јамите на "Козја Река" во рудникот Саса.

431. Н.Радојчиќ, Душанов Законик. 56 чл.123.

432. Според теренските истражувања во с.Косевица постојат имиња: Боровити Рид и Борова Чешма (сега таму нема бор), потоа Вртен бор, Борова Чука и сл.

433. За трговијата поопширно види: И.Сакъзов, Трговията в Македония през VII-XIV векове. - Македония. Т.I/VII. София 1922; С.Лишев, Българският средновековен град.

**Глава четврта**

# ПИЈАНЕЦ ЗА ВРЕМЕ ВЛАДЕЕЊЕТО НА БРАЌАТА ДЕЈАНОВИ (1355-1395)

## I. ПИЈАНЕЦ ДО СОЗДАВАЊЕТО НА ДРЖАВАТА НА ДЕЈАНОВИ

Во втората половина на XIV век огромното српско-грчко царство на Стефан Душан се распаднало на низа крупни и ситни феудални држави и феуди.[434] Според Е. Наумов Српското царство во почетокот се распаѓало само на оние наместништва што биле создадени од Душан.[435]

Првите симптоми на распаѓање на Душановата држава се јавиле уште за време владеењето на Душан, кога од централната власт се отцепил Хреља.[436] Од тој момент процесот на децентрализација во државата на Душан течел непрекинато.[437] За присуството на сепаратистичките тенденции во Душановото царство сведочи и одредбата во грамотата на цар Душан од 1347 година, за Злетовската епископија. Таа предвидува: "Ако пак се случи нешто со деспотот Оливер, и ако тој се огреши со какво и да е дело пред моето царство и престолот српски, или по него неговите деца се огрешат...".[438] Доколку не постоела опасност

---

434. За распаѓањето на душановата држава специјално пишува: Р.Михалчић, Крај српског царства. Београд 1935.
435. Е.П.Наумов, Трагите и остатоците од родословот на Дејановиќи. – Сп. Историја X/1. Скопје 1974.203.
436. За Хреља спореди во делот за Пијанец во времето на Душан. За сепаратизмаот во времето на Душан спореди: Е.П.Наумов, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1342–1355 година. Сп. – Историја IV/2. Скопје 1968.
437. Поопширно за тоа види: Е.П.Наумов, Феудалниот сепаратизам. 64.
438. Архимандрит Леонид, Хрисовуља. 295; И светоѥ царство ми назнаменоуеть аще и понѥ некои слоучит се деспотоу Ѡливероу, и сьгрѣшить коимь либо дѣломь царствоу ми и столоу срьпскому или понѥм чеда ѥго такожде сьгрѣшеть царствоу ми...; Е.П.Наумов, Петте последни години на Стефан Душан. – Сп. Историја VI/2. Скопје 1970.96.

од отцепување на J. Оливер тогаш не би било потребно тоа да се регулира во царската грамота. Но царот Душан поучен од искуството со Хреља внел таква одредба во својата грамота со цел да ги заштити имотите на Злетовската епископија во случај на отцепување на J. Оливер.

Феудалниот сепаратизам во Српското царство се засилил особено по офанзивата на J. Кантакузин во 1350 година, кога кај него пристигнале претставници од Скопје и од другите градови, кои од името на жителите го канеле императорот да дојде кај нив за да му го предадат градот.[439] За ова самиот J. Кантакузин истакнува дека за време на неговиот престој во Верија (Бер) "од многу славни градови тајно дошле да преговараат и да го молат да дојде кај нив, бидејќи ќе го примат откако ќе ги истераат Трибалите (Србите)... А не само од другите градови туку и од Скопје...".[440] Причината за тоа биле внатрешните противречности во феудалните врвови на Српската држава. Кон крајот на 1350 година тие достигнале таква острина, што некои велможи поминале на страната на J. Кантакузин.[441] Друга причина за ваквата ситуација било незадоволството на српските световни феудалци од дарежливоста и благонаклоноста на Душан кон атонските манастири и бившите византиски велможи.[442]

По смртта на Душан уште повеќе дошле до израз децентралистичките и сепаратистичките сили.[443] Неговиот син и наследник Урош V (1355-1371 год.) бил само сенка на својот татко. Уште во првите години на неговото владеење се јавиле симптоми на распаѓање на Српското царство. Одделни феудалци почнале да се осамостојуваат и да форми-

439. Е.П.Наумов, Феудалниот сепаратизам. 74.
440. Византијски извори. VI.517; Е.П.Наумов, Петте последни години. 93.
441. Спореди: Е.П.Наумов, Феудалниот сепаратизам. 74.
442. Е.П.Наумов, Петте последни години. 91.
443. Поопстојно за тоа види: Е.П.Наумов, Петте последни години. 103; Истиот, Феудалниот сепаратизам. 75.

раат посебни независни или полузависни држави. Најпрво од централната власт почнале да се одделуваат периферните области. Така, на југ во Тесалија се оделил Симеон, а на север Растислалиќи.[444] Во почетокот на 60-тите години на XIV век се издвоила и Серската област на чело со царицата Елена.[445] Од средината на 60-тите години на XIV век почнале да се формираат поголеми држави и во централните делови на Српската држава. Така, во 1365 година биле дефинитивно оформени државите на Волкашин и Углеша во Македонија.[446] Во просторот на Славиште и Крилатица владеел севастократорот Влатко.[447] Во Драма управувал кесарот Воихна, веројатно до 1357 година, а во Бер војводата Хлапен. Во Западна Македонија, во Охрид владеел севастократорот Бранко Младеновиќ, а по 1371 година Андреј Гропа.[448]

Во периодот на распаѓањето на Душановото царство, многу угледен и влијателен бил севастократорот Дејан. Тој бил оженет со сестра му на Душан - Теодора.[449] Тој управувал со пространи територии меѓу Скопска Црна Гора и реката Струма. Баштината му била во Желигово и Прешево.[450] Дејан ја споил баштината со териториите источно од неа, околу горниот дел на реката Струма со Велбужд и формирал самостојна држава која била основа на државата на неговите синови.[451] За тоа дека Дејан ги управувал териториите околу горниот и средниот тек на реката Струма сведочи и натписот во црквата во с.Белово,

444. Р.Михаљчић, Крај српског царства. 28. Карта на српското царство 1359 г.
445. Г.Острогорски, Серска област после Душанове смрти. Београд 1965.4; Р.Михаљчић, Крај српског царства. 57.
446. Г.Острогорски, Серска област. 20-24; Р.Михаљчић, Крај српског царства. 60-62.
447. История македонскога народа. Скопье 1986.45.
448. Исто, 45.
449. Р.Михаљчић, Крај српског царства. 67.
450. Исто, 68; История македонского народа. 45.
451. Р.Михаљчић, Крај српског царства. 69.

каде што стои: "а деспотѣ Деꙗна исписа си храмь стаго Иωан Богословца".[452] Тоа значи дека северниот дел на Пијанец бил под власта на Дејан.

По смртта на Дејан, за сметка на неговите територии се проширил Влатко, а не е исклучена можноста делови од некогашната Дејанова територија да зазел деспот Јован Углеша.[453] Најверојатно поголем дел од Пијанец влегол во составот на државата на Влатко, која ја признавала врховнаа власт на Волкашин.[454]

Јужно од имотите на Влатко и Дејан се наоѓала баштината и областа на великашот Никола Стањевиќ. Тој добил баштина во североисточна Македонија, во областите Штип, Брегалница и Струмица. Тука го изградил и манастирот Св.Стефан во Конче.[455] Никола Стењевиќ исчезнал од политичката сцена 1366 година, неговата држава ја зеле Волкашин и Марко, а дел од баштината великиот војвода ја подарил на Хиландар.[456]

Во периодот на распределба на териториите меѓу феудалците, дел од Пијанец бил под власта на Дејан.[457] Јужниот дел од Пијанец по сè изгледа бил вклучен во териториите на Влатко или на Никола Стањевиќ, а потоа го зазеле Волкашин и Марко.[458] Во составот на нивната држава Пијанец останал до Маричката битка. По Маричката битка, најдоцна до 1373 година, Пијанец бил вклучен во

452. Й.Иванов, Старински цркви. 64; Р.Михаљчић, Крај српског царства. 69.
453. Р.Михаљчић, Крај српског царства. 75.
454. Исто, 75.
455. Исто, 76.
456. Исто, 78.
457. Спореди карта на областа на Дејан, Р.Михаљчић, Крај српског царства. 71.
458. За Крали Марко во Пијанец се зачувани спомени во топонимијата, како што се: Марково куле (кај Делчево), Марково седло, Маркова алка (с.Град) и Маркова стапка. Исто така во една песна од овој крај за Крали Марко и Корун разбојник, на Марко султанот Бајазит му ветува три града: Каменица, Виница и Паланка, ако го фати Корун разбојник. Спореди: Ј.Павловић, Брегалничка област. Београд 1924.67-70.

државата на наследниците на Дејан, неговите синови Јован и Константин со мајка им Теодора.[459]

Државата на Дејановите наследници била формирана по Маричката битка (26 септември 1371 год.) т.е. по смртта на нивните сизерени Волкашин и Влатко.[460] Но кога се случило тоа и како Дејановите синови успеале да ја зацврстат својата власт во Штип, Струмичко, а со тоа и во Пијанец?

Во врска со ова спорно прашање во научната литература постојат различни гледишта. Р. Михаљчиќ смета дека Дејанови "така да се рече преку ноќ станале моќни обласни господари", така што тие "за кратко време" успеале не само да се зацврстат на татковите територии, туку и двапати ги зголемиле.[461] Во прилог на оваа своја теза Р. Михаљчиќ го наведува фактот дека по смртта на највлијателниот велможа Влатко "севастократорот на сета српска земја", неговиот малолетен син Углеш "не можел да им се спротистави на Дејанови".[462]

Г. Острогорски во споредба со Р. Михаљчиќ попретпазливо ја оценува настанатата ситуација по Маричката битка. Кога зборува за проширувањето на државата на Дејанови на југ од баштината на татко им Дејан, Острогорски забележува дека "прашање е само во тоа во кое време" се одвивало ова проширување кон југ, бидејќи заклучоците "за големото проширување на нивните области се засновани на грамотите издадени кон крајот на 70-тите и 80-тите години на XIV век, т.е. многу години по Маричката битка".[463] Г. Острогорски се задржал и врз судбината на Струмичката област при што заклучил дека таа му припаѓала на Угљеша, а "по Маричката битка ја зеле Дејанови".[464] Поподробно за

459. Е.П.Наумов, Дарбените грамоти на Дејановиќи. 229.
460. Исто, 224.
461. Р.Михаљчић, Крај српског царства. 185.
462. Историја српског народа. II.21 (автор на главата Р.Михаљчић).
463. Г.Острогорски, Византија и Словени. 459.
464. Исто, 461.

ова прашање Острогорски се искажува подолу, зборувајќи за припадноста на земјите на север од Струмица во кои земји влегувал и Пијанец.

Оправдан е заклучокот на Острогорски дека "нема никакви податоци" за тоа, дека уште пред Маричката битка овие земји се наоѓале "во рацете на синовите на Дејан".[465] Острогорски констатирал дека "засега не ни е јасно колку деспот Јован и Константин Драгаш успеале и воопшто дали успеале да ја прошират татковската област до Маричката битка",[466] но сепак, заклучува дека до нагло проширување на нивните поседи дошло по оваа битка.

Гледиштето за брзото ширење на државата на Дејанови не може да се прифати во целост. Причина за тоа е ситуацијата по смртта на Душан. Како што е познато севастократорот (подоцна деспот) Дејан неочекувано и без трага исчезнал. Дури во остатоците од родословот на Дејанови се зборува само за тоа дека "царот Стефан" (т.е. Душан) му го поверил управувањето со поседите близу реката Вардар на "Жарко" (т.е. Дејан, таткото на Јован и Константин).[467]

По смртта на Дејан неговите имоти биле потчинети од севастократорот Влатко, кој се здобил со голема моќ во времето на крал Волкашин (1365-1371). Затоа е во право М. Орбини кога вели дека: "Драгаш (Јован) и Константин, синови на Жарко и многумина други велможи до Маричката битка биле поданици на кралот Волкашин и на неговиот брат Угљеша".[468] Значи Јован и Константин припаѓале на бројот на неговите ситни вазали, потчинувајќи се во дадениов случај на еден од посилните приврзаници на Волкашин (т.е. Влатко).[469]

465. Исто, 462; истиот, Серска област. 24.
466. Исто, 462.
467. Е.П.Наумов, Трагите и остатоците од родословот на Дејановиќи. 202.
468. М.Орбини, Краљевство Словена. Београд 1968.54.
469. Спореди: Р.Михаљчић, Крај српског царства, 158 и картата за имотите на Мрњавчевиќи.




Карта 3. Областа на деспот Дејан (според Р.Михаљчиќ).

По ненадејната смрт на Волкашин и Угљеша за Дејанови и за другите вазали, требало време и големи сили за отворено да истапат, пред сѐ против законскиот наследник, кралот Марко и да издржат во жестоката борба на новите господари.

Значајни податоци за судбината на Дејанови наоѓаме кај Л. Халкондил кој вели дека "по смртта на Жарко (т.е. Дејан) неговиот син Јован, не отстапувајќи пред никого по знаењата од военото искуство и по својот ум, војувајќи со Албанците и со непријателите Трибали (Срби), покорил доста голема земја", која потоа поминала во рацете на неговиот брат Константин.[470]

Овие освојувања на Дејанови биле против приврзаниците на Углеш Влатковиќ, главниот противник на кралот Марко, потоа против кнез Лазар и Вук Бранковиќ кои им се приближувале од север.[471] Исто така, како соперници и претенденти на наследството на Волкашин можеле да настапат и наследниците на деспот Оливер, од кои се споменува "властелин Дабижив".[472]

Во екот на борбите со соседите на браќата Дејанови бил засегнат и Пијанец во кој управувал кралот Марко.[473]

Борбата на овие феудални владетели за наследството на кралот Волкашин и деспот Угљеша била долга и жестока и се одвивала со променлив успех. Сепак кон 1373 година браќата Дејанови успеале во толку сложените околности да ја зацврстат својата власт во новосоздаденото кнежевство, кое, "веројатно тогаш не се простирало до реката Брегалница, вклучувајќи ја пред сѐ баштината на деспот Дејан".[474]

470. Е.П.Наумов, Трагите и остатоците од родословот на Дејановиќи. 211.
471. Р.Михаљчић, Крај српског царства. 214.
472. Ст.Новаковић, Законски споменици. 514.
473. J.Стојковић, Краљевић Марко. Нови Сад 1922.67.
474. Е.П.Наумов, Дарбените грамоти. 228.

Во периодот од 1373 до 1377 година територијата на Дејанови се проширила на југ доближувајќи се до Солун.[475] Тогаш и Пијанец бил вклучен во новата држава. Во периодот до 1373 година во архивите на атонските манастири не е зачуван ниту еден документ од браќата Дејанови за подарување на имоти.[476]

Дејанови успеале да го потчинат под своја власт ареалот на бившите наместништва на Оливер и на Хреља не веднаш по Маричката битка, туку нешто подоцна "приближно кон втората половина на 1374 година или дури подоцна (т.е. кон 1375 година)".[477] Таквото проширување на југ не било без пречки, зашто во овој случај синовите на Дејан морале да сметаат на отпор не само од "законскиот" господар – кралот Марко, туку и на неговите вазали и на Византија која се приближувала од југ.[478]

Во поглед на потеклото и името на Дејановите наследници во науката владеат различни гледишта. Повеќето досегашни истражувачи потпирајќи се на српската традиција, според името на таткото, наследниците на Дејан ги нарекуваат Дејановиќи и ги сметаат за "српски великаши".[479] Друга група научници предводени од Ј. Иванов, врз база на податоците од еден летопис каде и Константин се нарекува Драгаш,[480] се изјасниле дека Драгаш

475. Исто. 229
476. Исто, 229.
477. Исто, 230.
478. Исто, 230.
479. Спореди: С.Новаковић, Срби и Турци XIV и XV века. Београд 1893; Ј.Хаџи-Васиљевић, Драгаш и Константин Дејановићи и њихова држава. Београд 1902; М.Пурковић, Јужна Србија од V века до Карађорђевог устанка. Скопље 1937; Историја српског народа. I.584.
480. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 131, 138; Б,Ферјанчић, Деспоти. 173 бел.97; Г.Острогорски, Господин Константин Драгаш. 287; Р.Михаљчић, Крај српског царства. 173; И.Ђурић, Евдокија Комнина и њен муж Константин Драгаш. – ЗРВИ XXII Београд 1983.259; С.Ћирковић, Штип у XIV веку. – Зборник на трудови посветени на академик М.Апостолски, МАНУ – Скопје 1986.30 и сл.

било заедничко име за Дејановите синови. Во прилог на таквото гледиште Острогорски навел повеќе податоци.[481]

Ѓ.Сп. Радојичиќ паралелно го употребува името Драгаш и Дејановиќи.[482] Во македонската историографија се употребува името Дејановци.[483]

Од грамотите сочувани од канцеларијата на Теодора, Јован и Константин, со кои тие подариле имоти на цркви и манастири се дознава за нивното фамилијарно име. Во сите тие документи постариот брат се потпишува како "Деспот Їоань Драгашь", а помладиот само како "Благовѣрнигь господинь Костадинь", што ќе рече дека нигде не го употребуваат името "Дејановиќи", па дури не го споменуваат ни таткото. Во заедничките повелби на прво место стои мајка им Теодора-Евдокија: "благочьстива и хрістолюбива госпогꙗ царица Ѥвдокиа и сь прѣвьзлюблеными синови царства ми деспотом Їоаномь Драгашемь и Костадином".[484] Овој податок сведочи за заедничката власт на тројцата владетели, но во него не станува збор за фамилијарно име. Затоа се наложува потребата од утврдување на нивното потекло.

Во врска со потеклото на родот на Дејанови во научната литература постојат различни гледишта. Х. Милев смета дека "Дејан Жарков бил Бугарин, а исто така и жена му Теодора имала бугарско потекло".[485] Во српската историографија преовладува мислењето дека Јован Драгаш и Константин се Срби и секаде се третираат како "српски великаши".[486] Порелано гледиште прифатил И. Ѓуриќ,

481. Г.Острогорски, Господин Константин Драгаш. 271-276; Р.Михаљчић, Крај српског царства. 276, бел.38; J.Darrouzés, Ekthésis néa Manuel des pittakia du XIV$^{e}$ siècle. Revue des Études Byzantines. T.XXVII. Paris 1969.
482. Енциклопедија Југославије. 3. 1958,67-68.
483. Злетовската област (географско-историски осврт). Скопје 1974, 225; А.Стојановски, Маричката битка и нејзините последици. Во кн. Македонија во турското средновековие. Скопје 1989.19; Истиот, Во кој правец низ Македонија минувал Муратовиот поход на Косово (1389)? - Гласник на ИНИ, XVI/2. Скопје 1972.148-150.
484. С.Новаковић, Законски споменици. 510-511.
485. Хр.Милев, Карта на Търновското царство. 25 бел.2.
486. Спореди тука бел.479 и 480 без Ј.Иванов.

според кој: "Навистина тој (Константин) се нарекувал ""господар српски"", неговата мајка била ""царица српска"". Ова "српско" кај него, било колку одраз на силата и просторот со кој располагал, толку и потсетување на легалноста на фамилијарната Немањичка традиција".[487] Како "господар српски и Подунавје, брат деспота Јована Драгаша", Константин се потпишал на грамотата од 20 јуни 1389 година со која го потврдува дарот на војводата Димитар на манастирот Хиландар, издадена во Приштина.[488] Во другите грамоти оваа одредба ја нема.

Некои научници го сметаат Дејан за брат на Оливер и Богдан.[489] За тоа дека Оливер и Богдан биле браќа сведочи и Ј. Кантакузин.[490] Во прилог на потеклото на Дејан правилно се изјаснил и Ј. Иванов, кој вели дека "Дејан бил син на македонскиот војвода Жарко".[491] Понатаму Иванов тврди дека Дејан не бил брат на Ј. Оливер и на Богдан, но бил роднина со нив преку ородувањето со Душан. Дејан бил зет на Душан по сестра му Теодора, а Оливеровица се нарекувала Василиса (Царица).[492]

Од досега реченото неоспорно може да се заклучи дека Јован и Константин потекнувале од мешовит брак, татко Македонец и мајка Србинка. По мајчина линија тие се сметале за законски наследници на Немањичката династија. Во средниот век потеклото на децата се гледало по татко, што ќе рече дека тие биле Македонци. Во прилог на тоа зборува и податокот што "Јован војувајќи со непријателите Срби си потчинил на себе доста голема земја".[493] Значи Србите нему му биле непријатели.

487. И.Ђурић, Евдокија Комнина и њен муж Константин Драгаш. 265.
488. С.Новаковић, Законски споменици. 456-57. Вь христа Бога благовѣрныи и христолюбивыи Констандинь господарь срьбьскыи и Подоунаю, братъ деспота Їоана.
489. Т.Флорински, Южние Славяне; С.Новаковић, Срби и Турци, 158, 160.
490. Византијски извори. VI.386.
491. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 111, бел.243.
492. Исто, 112, Таа била вдовица на Стефан Дечански.
493. Е.П.Наумов, Трагите и остатоците. 211.

Фактот што браќата Јован и Константин биле Македонци, а бидејќи татко им се викал Дејан, аналогно на македонската традиција правилно е да се заклучи дека нивното фамилијарно име треба да биде Дејанови, како синови на Дејан.[494] Значи тие треба да се викаат: Јован Драгаш и Константин Дејанови, а поединечно Константин Дејанов и Јован Драгаш-Дејанов.




Слика 12. Локалитет "Кулите", Штрби врв, остатоци од градби, снимено 6.VIII.1990 г.

494. На прашањето чии се, одговара Дејанови, т.е. синови на Дејан.

## II. ПИЈАНЕЦ ВО ПЕРИОДОТ НА НЕЗАВИСНОТО ВЛАДЕЕЊЕ НА ТЕОДОРА, ЈОВАН И КОНСТАНТИН ДЕЈАНОВИ (1373–1382 ГОДИНА)

Еден од поважните настани во историјата на Пијанец и на Македонија по смртта на Душан била Маричката битка од 1371 година.[495]

Изворните податоци зборуваат дека главен иницијатор за неа бил деспот Углеша, кој на помош го повикал брата си Волкашин. За учество на војски од Пијанец во Маричката битка нема директни податоци. Монахот Исаија споменува дека покрај Углеша и Волкашин во битката учествувале и "многу други велможи, негде до 60.000 избрани војници".[496] С. Новаковиќ базирајќи се на ова заклучува дека во битката на Марица зеле учество и браќата Дејанови, изјаснувајќи се притоа дека тие без разлика како стоеле кон Волкашин и Углеша, морале да се подготват за заедничка одбрана од Турците. При набројувањето на местата што дале војска, Новаковиќ вели: "На Марица војувале војските од Волкашиновите области, Скопје, Призрен, Охрид, Битола, Прилеп, Лерин; од Углешините земји: Сер со Струма, Драма, Мосинопол; Дејановите земји: Жеглигово, Велбужд, Дупница, Самоков, Кратово, Штип, Тиквеш и Струмица...".[497] Според овој список на С. Новаковиќ на местата што дале војска може да се заклучи дека во битката на Марица учествувале и војски од Пијанец.

Според С. Новаковиќ војската на Волкашин за битката на Марица поминала "од Скопје преку Ќустендил, Дуп-

495. За Маричката битка види: Ст.Новаковић, Срби и Турци, 195; Р.Михаљчић, Крај српског царства. 164; Г.Острогорски, Серска област. 127–146; А.Стојановски, Маричката битка и нејзините последици.
496. Монаха Исаіе, Описаніе пропасти краля Вукашина. – Лѣтопис, МС за год. 1853, част II, Пешти, год. XXVII. књ.88.197; С.Новаковић, Срби и Турци, 170.
497. Ст.Новаковић, Срби и Турци, 171–172.

ница и Самоков".[498] За правецот на движењето на војската кон Марица се произнел и К. Иречек. Според него, "српскиот воен поход од 1371 година поминал преку Ќустендилската област".[499] Нормално е штом војската на пат за Марица поминала покрај Пијанец одреден број на војска од овој дел да зеле учество во битката. Дотолку повеќе што Пијанец сеуште ја признавал врховната власт на Волкашин.[500]

По битката на Марица од историската сцена ги снемало двајцата најмоќни македонски владетели, кралот Волкашин и брат му деспот Угљеша. Тоа им овозможило на Дејанови да ја прошират својата држава на нивна сметка. Уште во првите години по битката тие ја прошириле својата држава околу Вардар на Маркова штета, "заземајќи му ја Пеонија (Пијанец)".[501]

Според И. Ѓуриќ од формирањето на државата на Дејанови па до крајот на нејзиното постоење "тешко дека постоела позначајна христијанска држава, од онаа со која управувал Константин".[502] Во составот на оваа држава влегувале: Штип, Струмица, Велбужд, Краиште, Врање, Прешево, Жеглигово, Злетово, Кочани, Пијанец, Малешево, Петрич, Мелник, Радовиш, Дојран, Боемија, Тиквеш и Велес, практично "цела Македонија источно од Вардар, вклучувајќи ги Мелник и Рила и допирала до близу Сер и скоро до Солун".[503]

498. Исто, 175.
499. К.Иречек. Военият пѫть от Бѣлградъ за Цариградъ презъ срѣднитѣ вѣкове. БИБ. IV-4. София 1932.81, бел.91.
500. М.Орбини, Краљевство Словена. 54; Р.Михаљчић, Крај српског царства. 75.
501. Спореди: Ср.Ј.Стојковић, Краљевић Марко. Задужбина Ленке Бељинице. Књ. Прва. Друштва светога Саве. Књ.28. Нови Сад 1922, 67.
502. И.Ђурић, Евдокија Комнина. 259.
503. Исто, 259. За територијата на Дејанови спореди: Й.Иванов, Сѣверна Македония. 110-124; Х.Милев, Карта на Търновското царство. 25; Ј.Хаџи-Васиљевић, Драгаш и Константин. 17; Р.Михаљчић, Крај српског царства, 174 и сл.

Територијата на "деспот Драгаш" е забележана неполни две години по Маричката битка во книгите на Дубровничкиот архив. Во средината на јуни 1373 година Јуниј Буниќ се жалел дека Јуриј Маринов Соркочевиќ со помошта на луѓето на деспот Драгаш му ја одзеле стоката. Според изјавата на еден сведок стоката што била пренесувана од Солун за Ново Брдо им била одземена "in terrenum despoti Dragassii in unam locum qui vocatur castrum Chonuche (тврдината Коњух)".[504] Тоа пак, зборува дека територијата на оваа македонска држава по исчезнувањето на Волкашин и Угљеша станала најпозната на Балканот. Пијанец влегол во државата на Дејанови 1373/74 година и останал до крајот на нејзиното постоење.

По приклучувањето на Пијанец кон државата на Дејанови, тие пристапиле кон организирање на власта. Најпрво тие требало да се зацврстат, да се запознаат со расположението на месните жители, посебно на духовните и световните феудалци.[505] Најпосле Дејанови требале да извршат прераспределба на феудалната земјишна сопственост, т.е. да ги снабдат своите приврзеници со нови земјишни подарувања. За таа цел тие ги конфискувале имотите на своите противници.[506]

Карактеристично е што во текот на освојувањето нови области Јован и Константин Дејанови применувале мошне решителни мерки, одземале населби и земји не само на своите противници, туку дури и на вазалите, на своите блиски луѓе. Самиот "господин Константин" изјавил во една грамота од 1374-1375 година, дека тој му ја подарил на Руский манастир црквата во Дреново, "што соу дрьжали властеле мои Јаковьць и Драгославь", а исто така "село

504. Р.Михаљчић, Крај српског царства. 176; Е.П.Нумов, Дарбените грамоти. 228.
505. Е.П.Наумов, Дарбените грамоти. 230.
506. Исто, 231.

Злешово што оузехь оу властелина моего Дабижива".[507] Инаку кон Хиландар и Рускиот манастир Дејанови се однесувале со респект.[508]

Управата во Пијанец била организирана исто како и во другите делови на државата на Дејанови. Со државата управувале вдовицата на Дејан, Теодора-Евдокија со синовите Јован и Константин.[509] Дека тие владееле заедно говори и Повелбата од 1377 година. На прво место стои мајката "госпогꙗ царица Ѥвдокиꙗ", а потоа синовите "деспот Їоаном и Констадиномь".[510] Синовите се однесувале со почит кон својата мајка. Иако во интитулацијата на Повелбата стојат тројцата владетели, во потписот стои само "Їоан деспоть Драгашь",[511] што значи во повеќето случаи актите ги потпишувал постариот брат Јован, можеби поради повисоката титула.

Сите досегашни истражувачи се согласуваат дека Јован Драгаш ја добил титулата деспот од цар Урош. Познато е дека ова достоинство се доделувало само на блиски роднини на царот а мајката на Јован, Теодора била родена сестра на цар Душан, таткото на цар Урош, што значи Јован и Урош биле први братучеди. Затоа и Јовановото издигнување не било случајно и неочекувано, дотолку повеќе што татко му бил севастократор, а потоа деспот.[512] Во изворите Јован се споменува како: "В христа благовѣрни деспоть Драгашь".[513]

Помладиот брат Константин во повелбите се потпишува како "господин Константин", што значи дека тој немал деспотска титула.

507. Ст.Новаковић, Законски споменици. 513-514; За датирањето на грамотата види: Е.П.Наумов, Дарбените грамоти. 229.
508. Е.П.Наумов, Дарбените грамоти. 231.
509. Спореди: Ј.Хаџи-Васиљевић, Драгаш и Константин. 34.
510. Ст.Новаковић, Законски споменици. 425; 453; 511; 512; 515.
511. Исто, 512.
512. Б.Ферјанчић, Деспоти. 173-174.
513. Ст.Новаковић, Законски споменици. 425; 453; 511; 512; 515.

За заедничката управа на браќата сведочи и податокот за расправата што пред судот на "господин Константин" се водела 1376 година меѓу претставници на Хиландар и манастирот Св.Пантелејмон за нивните имоти во околината на реката Струмица. По завршувањето на расправата и разграничувањето на владеењата на овие два Светогорски манастири била потпишана пресуда која ја потпишале: водочкиот епископ Данил и бањскиот епископ Григориј "у дане свеблагочастивог господина деспота Драгаша и брата му Константина".[514] Од овој податок може да се согледа и нагласената улога на постариот брат. Г.Острогорски смета дека тоа е "можеби поради разликата во годините, но сигурно не поради раната младост на Константин, кој 1392 година имал ќерка за мажење".[515] Сенката на постариот брат се чувствувала и по неговата смрт (1379 година). При подарувањето на имоти на манастирот Хиландар во мај 1380 година, Константин истакнува дека е "брат на деспот Јован".[516]

По смртта на Јован во управувањето на државата, а со тоа и на Пијанец, сè понагласена улога имала Теодора-Евдокија. Таа се нарекувала "превисока царица српска Кира Евдокија", во повелбата со која на Хиландар ја дарува Дејановата задужбина-имотите на црквата во Архиљевица.[517] Таа со право се нарекувала царица, бидејќи нејзиниот маж носел титула деспот, а и поради тоа што ги надживеала цар Урош и неговата мајка Елена-Елисавета.[518] Последен помен (индиректен) за Теодора сретнуваме во грамотата на Константин Дејанов од 15 август 1381 година со која го подарува Лесновскиот манастир на Хиландар, каде што вели дека "се советувал со Советот и зговоромь господждею и

514. А.Соловјев, Одбрани споменици. 171; Р.Михаљчић, Крај српског царства. 177.
515. Г.Острогорски, Господин Константин. 291, бел.26.
516. Ст.Новаковић, Законски споменици. 457. Брать деспота Їоанна.
517. Исто, 454.
518. Р.Михаљчић, Крај српског царства. 68.

материюми царице Кvра Евдокиѥю...".[519] Со оваа Повелба Константин ги подарил имотите во Пијанец што ги држел Лесновскиот манастир "и оу Пиѩанцоу цр'квь Свети Никола сь селомь, и сь виноградомь, и сь водѣницами, и сь лугомь. И оште оу Пиѩан'ци на Брегалници цр'квь Богородица сь селомь и сь намѣстиѥм цр'кве теи".[520] Што станало со другите имоти во Пијанец што ги имал Лесновскиот манастир во времето на Душан не ни е познато, но по сè изгледа тие биле одземени и прераспределени на некои од Дејановите властелини.

Периодот на заедничкото владеење на Дејанови (1373–1379 година) за Пијанец претставува период на независно владеење. Тоа може да се заклучи и од повелбите што се издадени од нивната канцеларија. Со нив биле подарувани богати имоти, цркви и луѓе, црковните луѓе ги ослободуваат од разни давачки: "да имь не градоѕиданиѩ ни градоблюдениѩ ни сокѩ, ни иномистра, ни травнине, ни ораниѩ, ни жетве, ни врьшитбе, ни сена кошениѩ ни винограда работаниѩ, ни поноса, ни провода, ни псара, ни соколара, ни да тко облада ними оть владущихь, тькмо црква...".[521] Ова зборува дека врховни сопственици на земјата во Пијанец биле тие и со неа располагале слободно. Веднаш зад нив доаѓале нивните кнезови и војводи (ни кефалиѩ, ни кнезь, ни севасть, ни кто одь владоущихѣ господства ми)[522] кои управувале со Пијанец и со неговите соседни области. Некои од нив подарувале имоти на црквите. Пример за тоа имаме во штипскиот челник Станислав, кој на Хиландар му ја подарил црквата Св. Власија, потоа дарот на војводата Димитар на Хиландар и други.[523]

519. Исто, 448.
520. Исто, 454. За местоположбата на имотите види: А.Атанасовски, Кон прашањето околу местоположбата на имотите на Злетовската епархија. 40, 44.
521. Ст.Новаковић, Законски споменици. 512.
522. Исто, 455.
523. Исто, 452, 456.

Дејанови ја контролирале целокупната трговија во државата, а со тоа и во Пијанец. Тие ја контролирале и транзитната трговија од Солун за внатрешноста на Балканот. За тоа сведочи и податокот за одземената стока на Дубровчанецот Јуние Буниќ 1373 година "во земјата на деспотот Драгаш на едно место кое се нарекува тврдина Коњух".[524] Во рамките на нивната држава се наоѓале плодни рамнини богати со жито, што тие го извезувале. Во инструкциите од владата на Дубровник до Јуние Буниќ (7 април 1377 год.) стои дека поседите на Дејанови се простираат "сосема близу до Солун, каде што може да биде доставено зрно за потребите на Дубровничката Република".[525] Овој податок зборува дека дел од житото Дејанови извезувале во Дубровник.

Во периодот на Дејанови во Пијанец продолжила да се експлоатира рудата во Осоговските Планини, пред сè во Кратово, Саса и Ќустендил. Рудниците во времето на Дејанови биле државна сопственост.[526] За економската моќ на Дејанови сведочат најдените монети во Кичевската остава, во која доминираат монетите на Јован Драгаш над монетите на неговите современици. Оваа остава содржи монети ковани пред и по Маричката битка.[527]

Браќата Дејанови имале силна и организирана војска. Издршката на војската била од богатите рудници. Војската главно се состоела од коњица, која била од два вида: властелинска и наемничка.[528] Властелинската војска се собирала од потчинетите феудалци, но таа се собирала побавно, поради оддалеченоста на одделните области. Затоа, главната ударна војска била составена од наемници кои

524. Е.П.Наумов, Дарбените грамоти. 228.
525. J.Тадић, Писма и упутства Дубровачке Републике. I. Београд 1935, стр.348; Е.П.Наумов, Дарбените грамоти. 229.
526. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 237.
527. С.Димитријевић, Проблеми српске средновековне нумизматике. – Историски гласник. 3–4. 1957.126; Р.Михаљчић, Крај српског царства. 183.
528. За војската види: Й.Иванов, Сѣверна Македония. 133–134.

биле спремни да стапат во акција во секое време.[529] Оваа наемничка војска иако била доста силна, сепак не била многу дисциплинирана, за што се задржале спомени и во народните преданија. Во Пијанечко и во околните области сеуште се раскажува за војводите Константинови, кои биле желни за војна, за коњаницата со "маздраци" и во "оклопи", за тоа дека била силна, но и "распуштена", дека не се плашела од никого, немала респект ни кон црквата "нафора на копје примала" и сл.[530]

Имотите во Пијанец што Константин ги подарил на Хиландар биле ослободени од војска: "освободи господство ми одь всѣх работь и воиске".[531] Оваа одредба за овие имоти била внесена од Душан,[532] а Константин само ја потврдил. Световните имоти во Пијанец не биле ослободени од војска.

Периодот на заедничкото владеење на Дејанови со Пијанец, претставува период на зацврстување и издигнување на нивната држава во една од најважните во Македонија пред турското освојување. Овој период на компактност и независност на Пијанец бил нарушен со смртта на постариот брат Јован (1379 година) и мајка му Теодора (1381 година), која од 1377 година се замонашила под името Евдокија. По нивната смрт настапува период на владеење на Константин Дејанов, или период на вазалност, т.е. потчинетост под врховна власт на Турција.

529. Исто, 134.
530. Ј.Хаџи-Васиљевић, Драгаш и Константин. 31.
531. Ст.Новаковић, Законски споменици. 455.
532. Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Душана. 294.

## III. ПИЈАНЕЦ ВО ПЕРИОДОТ НА ВАЗАЛНОТО ВЛАДЕЕЊЕ НА КОНСТАНТИН ДЕЈАНОВ (1382-1395)

По прашањето околу вазалството на Константин во науката постојат различни гледишта. Повеќето досегашни истражувачи се на мислење дека вазалните односи биле склучени во периодот на заедничкото владеење на Дејанови. Така, Ј. Хаџи-Васиљевиќ се изјаснил дека по Маричката битка државата на Дејанови била изложена на напади и грабежи од страна на Турците. Тие грабежи престанале "дури тогаш кога Дејанови склучиле договор со Мурат", но кога бил склучен тој договор не кажува. Понатаму, Хаџи-Васиљевиќ истакнува дека нивната држава била првата преку која Турците морале да поминат за да продрат во северозападните предели на Полуостровот.[533]

Ст. Новаковиќ разгледувајќи го проблемот на вазалството на Дејанови дошол до заклучок дека: "тие биле во некакво турско вазалство, но со прилично голема самостојност".[534] Времето кога станале вазали не го одредува прецизно. Сепак, тој се изјаснил дека Дејанови заедно со крал Марко и Богдан се спогодиле со Турците да плаќаат данок и да даваат војска, а во сè друго останале самостојни како што биле пред тоа.[535] Тоа биле обични услови за вазалство кон оние со кои можело да се постигне спогодба. Такви услови за вазалство биле формирани за Дејанови, а по битката на Косово (1389) истите биле пренесени на кнез Лазар.[536] Значи, иако Новаковиќ по однос на тоа прашање нема одреден став, сепак, од неговото последно искажување може да се заклучи дека вазалството било склучено за време на заедничкото владеење на Дејанови.

533. Ј.Хаџи-Васиљевић, Драгаш и Константин Дејановићи. 35.
534. Ст.Новаковић, Срби и Турци. 189.
535. Исто, 190.
536. Исто, 192.

Хр. Милев, занимавајќи се со историјата на Велбуждското кнежевство дошол до заклучок дека тоа станало зависно од Турците 1372 година. Во врска со тоа тој вели: "до смртта на Душан (20 декември 1355 година) тоа Кнежевство ја признавало власта на српскиот цар, а оттогаш тоа се прогласило за независно до 1372 година кога станало потчинето на Турците".[537] За тоа дека вазалството било склучено по Маричката битка се произнел и Ј. Иванов. Анализирајќи ги податоците од турскиот историчар од XVII век – Сеадедин, од неговото дело "Круна на историјата" тој дошол до заклучок дека вазалните односи биле склучени 1371 година.[538]

Според гледиштето на М. Пурковиќ "по Маричката битка Волкашиновиот син Марко и браќата Константин и Драгаш се смириле со Турците, станувајќи вазали на турскиот султан".[539] Исто така и Д. Анастасијевиќ смета дека Дејанови по Маричката битка ја признале власта на Турците.[540] Г. Острогорски е на мислење дека по поразот на Марица, Волкашиновиот син Марко станал вазал на турскиот султан, а во иста положба дошле и браќата Јован и Константин.[541]

Р. Михаљчиќ, пак, поради недостиг на изворни податоци за тоа прашање се произнел неодредено велејќи дека: "веројатно не долго време по Маричката битка Дејанови станале вазали на султанот".[542] Понатаму Михаљчиќ вели дека и покрај вазалните односи тие долго време по Маричката битка или "подобро речено сè до битката на Ровине, владееле со широка внатрешна самоуправа".[543]

537. Х.Милевъ, Карта на Търновското царство. 177.
538. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 144.
539. М.Пурковић, Јужна Србија од V века до Карађорђевог устанка. 218.
540. Д.Анастасијевић, Једна византијска царица Српкиња. Браство XXX. Београд 1938, 27.
541. Г.Острогорски, Серска област. 145–46.
542. Р.Михаљчић, Крај српског царства. 180.
543. Исто, 180.

А.Стојановски, исто така се изјаснил дека вазалните односи биле воспоставени веднаш по Маричката битка.[544]

Х. Матанов и Р. Михнева склучувањето на вазалството на К. Дејанов го датираат по 1377–1378 година кога Мурат I лично се ангажирал со војска од Анадолија во Европа.[545]

А. Апостолов, дошол до согледување дека вазалството било склучено по 1379 година, т.е. по смртта на постариот брат Јован Драгаш. Во врска со тоа тој вели: "во 1379 година умрел постариот брат Драгаш, а со кнежевството продолжил да управува Константин како турски вазал".[546]

Индиректни податоци за времето на вазалството наоѓаме и во народната песна "Крал Марко и цар Мурат", каде се вели дека Константин станал вазал пред Крали Марко.[547] Издавачот на овие песни С. Стојковиќ истакнува дека Марко го наследил кралскиот престол во несредени прилики. Немајќи доволно моќ да се спротистави на Турците, Марко бил принуден како Дејанови и Богдан да влезе во "клетвеничка" зависност од турскиот султан 1385 год.[548] Во поглед на вазалството на Крали Марко, А. Стојановски се изјаснил дека тоа било склучено по паѓањето на Прилеп и Битола под турска власт – 1385 год.[549] Бидејќи се знае дека Дејанов станал вазал пред Крали Марко, како крајна граница кога тој станал вазал може да се одреди 1385 година.

544. А.Стојановски, Маричката битка и последиците од неа. 17.
545. Х.Матанов – Р.Михнева, От Галиполи до Лепанто. Балканите, Европа и Османлиското нашествие 1354–1571 година. София 1988, 66.
546. Злетовската област (географско историски осврт). 225.
547. Ср.Стојковић, Краљевић Марко. 84–86.
548. Исто, 67.
549. А.Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до крајот на XVII век. Скопје 1981, 14.

*

* *

Во врска со вазалството на Константин Дејанов, турскиот историчар Сеадедин соопштува дека: "пролетта 773 година по Хиџра (1371 година христијанска) Лала Шахин паша тргнал со многубројна војска да ја заземе Ќустендилската држава и да постави турски ред".[550] Вистина е, вели Сеадедин дека за потчинувањето на ќустендилскиот владетел познат под "името Константин, и за многу други негови државици и градови, како и за тргнување на војските во речената земја се издаде висок султански ферман. Потпирајќи се на својата голема сила и верувајќи во својата независност, Константин не сакал да се потчинува. Но, кога разбрал дека големиот завојувач решил да тргне за неговата земја со многу војска за да ја удри и завладее со сила, решил да се покори и потчини".[551] Понатаму Сеадедин вели дека: "Константин излегол на пречек со соодветни почасти и со одбрани подароци. Потоа, откако ги предал клучевите од тврдините и градовите, ги поднел и условите на своето вазалство. Кон Константин било погледнато доста умерено и учтиво, и му било дозволено да се облече во почесни алишта. Тој бил повторно назначен за владетел на својата земја, под услов да плаќа џизие и харач. За тоа се издал и висок ферман. Потоа султанот ненадејно се вратил во Бруса".[552]

На прв поглед овие вести изгледаат сосема веродостојни, бидејќи Лала Шахин-Паша е историска личност, современик на Константин Дејанов. Но во самото кажување на Сеадедин постои една нелогичност, т.е. се измешани две

550. Љ.Лапе, Одбрани текстови. I.196-187. Й.Иванов, Северна Македония. 114-115.
551. Исто.
552. Исто; S.Trako, Pretkosovski događaji u Heštbihištu Idrisa Bitlisia. POF XXI/1970-71/ Sarajevo 1974.181; N.Filipovič, Princ Musa i Šeih Bedredin, s.199. h.220.

епизоди за два одделни походи. Првата епизода е за Лала Шехин-Паша до средината на кажувањето и, втората, за Мурат I. Што значи дека Сеадедин ги измешал работите, што е нормално, бидејќи своето дело го пишувал три века подоцна. Можеби Лала Шахин-Паша, навистина војувал против Константин во 1371 година, но чудно е зошто во известувањето на Сеадедин не се споменува Јован Драгаш, кој носел титула деспот. Од друга страна, ако се прифати гледиштето на Х. Матанов кој смета дека 1371 година Константин не го владеел Ќустендил, тоа би значело дека во таа година Лала Шахин-Паша не можел да војува против Константин во Ќустендилската земја.[553] Втората епизода се однесува на султанот Мурат I и Константин. Од неа јасно се гледа дека Константин се поклонил на султанот, и од него бил повторно назначен за владетел на својата земја.

Сето ова нѐ наведува на заклучокот, дека вазалството меѓу Константин и Мурат I било склучено по смртта на Јован и Теодора. Во спротивно би било пологично во пресрет на Мурат I да излезат двајцата браќа со мајка им и заедно да му изразат почести. Дотолку повеќе што Јован имал титула деспот, а мајка им се нарекувала госпоѓа царица. Ако вазалството било склучено во периодот на заедничкото владеење, за Мурат I секако би било поважно да му изрази почит лице со повисоко достоинство, а турските историчари тоа не би го пропуштиле да го одбележат. Заклучокот за тоа е логичен, бидејќи за време на заедничкото владеење во документите редовно на прво место стои братот "деспот Јован Драгаш".[554] Тоа пак говори, дека за отстапка не може да стане збор. Како време за склучување на вазалноста треба да се бара најрано 1379 година кога умрел постариот брат и 1382 година кога

553. Х.Матанов, Югозападните български земи през XIV век. София 1986, 126.

554. Ст.Новаковић, Законски споменици. 452; 511; 512; 515.

Софија паднала под турска власт. Тогаш на Константин му биле доделени Радомир, Дупница и Рила, како знак на благодарност што станал турски вазал.[555]

Во прилог на тоа дека Константин станал вазал, по смртта на брат му Јован, зборува и Лаоник Халкондил, кога наведува дека Јован Драгаш по смртта на Жарко (Дејан) бил "најдобриот по ум и по воено искуство, во тоа време, никому не отстапувајќи, си потчинил на себе доста голема земја, и по неговата смрт Константин, неговиот брат, ја задржал (во своја власт) земјата и дошол на дворот на царот (т.е. на турскиот султан, очигледно за признавање на вазалната зависност)".[556]

Фактот што во грамотата на Константин од 15 август 1381 година,[557] со која го подарил Лесновскиот манастир на Хиландар, се споменува неговата мајка, наведува на заклучок дека до таа година Константин уште не бил вазал. Но, по сè изгледа тој почувствувал дека мора да се потчини на Мурат I. Затоа и побрзал, со цел да ги заштити имотите на Лесновскиот манастир, го подарил на Хиландар. Тоа, пак, уште повеќе го стеснува временскиот простор кога Константин можел да стане вазал, од 15 август 1381 до 1382 година. Тоа значи дека и Пијанец во тој период бил потчинет на врховната власт на султанот Мурат I.

Но, иако станал вазал, Константин Дејанов сè до 1389 година располагал со голема самостојност, што се потврдува и од одредбите во грамотите што ги издал, за ослободување на подарените имоти од сите давачки.

Од досега реченото може да се заклучи дека Константин станал вазал на султанот Мурат I во почетокот на 1382 година за што бил награден со доделување нови територии на управување (Радомир, Дупница и Рила),[558] на тој

555. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 126.
556. Е.П.Наумов, Трагите и остатоците. 211.
557. Ст.Новаковић, Законски споменици. 453-455.
558. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 126.

начин, Мурат I сакал да му даде до знаење на Константин дека ќе го почитува и наградува доколку му биде верен вазал. До смртта на Мурат I, Константин му останал верен приврзаник, и во тој период вазалните обврски не биле толку тешки. Промени во вазалните односи настанале по 1389 година кога Бајазит I не се придржувал до политиката на својот татко и со сила го зазел Кратово,[559] кој важел за голем економски центар на Константиновата држава.

Вазалните односи во Пијанец, додека бил жив Мурат I (1389 год.) не биле толку тешки, бидејќи Константин Дејанов ја зачувал својата самостојност во внатрешната политика. Тој и понатаму останал врховен господар на земјата и рудниците во Пијанец. Под своја власт имал кнезови, кефалии, севасти и други великодостојници,[560] од нив некои биле распоредени и во Пијанец. Константин го задржал правото да подарува имоти, како и да потврдува дарови на свои властелини, како што е примерот со дарот на војводата Димитар на манастирот Хиландар, што го потврдил со повелбата од 20 јуни 1389 година.[561]

Иако Константин продолжил да кова свои монети, сепак во неговата држава биле во употреба голем број венецијански монети. Тоа се гледа и од Повелбата со која тој ја потврдил црквата Св.Вознесение во Штип, подарена од војводата Димитар.[562] Венецијански монети секако, биле во движење и во Пијанец, бидејќи во блиското Кратово за време на владеењето на Константин постоела дубровничка колонија која ги користела венецијанските монети. Тие биле најчесто пренесувани од рударите во Пијанец, кои работеле во кратовските рудници.

За внатрешната самостојност Константин му давал на Мурат I годишен данок (џизие и харач), а во случај на

559. А.Стојановски, Градовите на Македонија. 17.
560. Ст.Новаковић, Законски споменици. 456.
561. Исто, 456.
562. Исто, 766, .ѐ̃. и .к̃. перперь Венетицѣхъ.

потреба бил должен да учествува во војна со својата коњица, како и да ја пропушта преку својата држава слободно да поминува турската војска. Во вазалната војска на Константин учествувале и војници регрутирани од Пијанец. Тоа се заклучува од фактот што војската се собирала од сите слоеви на населението.[563]

Во 1389 кога Мурат I одел за Косово, поминал и низ дел од Пијанец. За овој поход турските историчари известуваат дека турската војска била убаво примена и пречекана во Ќустендил каде пристигнала од Пловдив и Самоков. За таа гоштевка биле собрани продукти од населението, а за Пијанец како гранична област со Ќустендил, било логично и од него да бидат доставени разни продукти.

Податоци за овој поход и правецот во кој се движела турската војска оставил турскиот историчар Нешрија.[564] Тој известува дека Мурат I тргнал од Пловдив и по три дена пристигнал во Ихтиманско Поле, каде се задржал три дена. "Овде патот (за Косово, б.м.) се дели на два правци, едниот води десно преку Софија за Ниш, а другиот лево и води во Илица (Ќустендил)".[565] По извршените консултации по кој пат да тргне кон Косово, Мурат I се одлучил за вториот и "тргнувајќи третиот ден отседнал во полето Аладин".[566] Таму Мурат престојувал два дена. На третиот ден "утрото со војска дошол и Константин, кој бил многу верен на Султанот. Него го одредил за водач (kulavuz) на војската".[567] Оттаму Султанот Мурат I за неколку дена стигнал во Илица (Ќустендил). Константин знаел дека Султанот ќе наврати во

563. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 133.
564. Види: Г.Елезовић, Бој на Косову 1389 год., у историју Мула Мехмеда Нешрије. Браство XXXI. Београд 1940. За правецот на движењето види: А.Стојановски, Во кој правец низ Македонија минувал Муратовиот поход на Косово 1389? стр.21-22 и таму посочената литература.
565. Исто, 14-15; А.Стојановски, Во кој правец... 22.
566. Полето Алаедин досега не е убицирано, види: А.Стојановски, Во кој правец... 22 бел.3.
567. Г.Елезовић, Бој на Косову 1389. 15.

неговата земја и затоа подготвил неброени конаци и безброј животни намирници. За да ја искаже својата оданост кон Султанот, Константин припремил многу дарови, а "изобилието со кое медот и маслото се раздавале во ордата (војската) течеше како река".[568] На гоштевката станало збор и за понатамошното дејство на двете војски. Ј. Иванов смета дека Константиновата војска, бидејќи го познавала теренот, била одредена да извршува разузнавачка служба.[569]

Според едно предание кога Мурат I одел за Ќустендил го изградил Кадин Мост на границата помеѓу Пијанец и Ќустендил.[570] За изградбата на мостот било ангажирано и населението од Пијанец. А за време на престојот на Мурат I во Ќустендил се собрале сите велможи што биле потчинети на Константин за да му изразат почести на Мурат. Меѓу тие велможи сигурно имало и од Пијанец, бидејќи тој бил соседна област на Ќустендил. Според Хаџи Калфа, Султанот му го опростил данокот на Константин.[571] Победен во битката кај Плочник (1386 год.) од Србите, Мурат I сакал да има мирна позадина пред престојната битка. Само со тоа може да го објасниме тоа што на Константин му бил опростен данокот и тој бил сметан како пријател и сојузник на Султанот. Само преку попустливата политика Мурат I можел да го задржи Константин на своја страна. Тоа пак, само по себе зборува за лабилната вазална врска на Константин кон Мурат I.[572]

568. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 136.
569. Исто, 136.
570. Исто, 135 и 155.
571. Исто, 136.
572. Исто, 136. За правецот на Мурат од Ќустендил за Косово спореди: Ј.Хаџи-Васиљевић, Драгаш и Константин. 40 бел.33; Г.Елезовић, Бој на Косову 1389. 16; А.Стојановски, Во кој правец... Гласник ИНИ XVI/2. Скопје 1977, 148-150.

Дали Константин учествувал во битката на Косово, или не, нема директни податоци. Ј. Иванов, смета дека Константин бил назначен за водач на војската на патот од Велбужд кон Косово,[573] но дали учествувал во битката не кажува ништо. Во прилог на тезата за учество на Константин во битката на Косово се изјаснил и Хамер, кога вели дека "Мурат сметал на верноста на Константин, господарот на Ќустендил".[574] И. Ѓуриќ смета дека 1389 година Константин лично го придружувал Мурат во војната против Лазар.[575]

Пет дена по Косовската битка, на 20 јуни 1389 година во Приштина, Константин издал Повелба со која го потврдил дарот на војводата Димитар на манастирот Хиландар.[576] Доколку датацијата и местото на издавањето на оваа Повелба се точни, тогаш може да се претпостави дека Константин бил присутен на Косово кога се водела битката. За учеството на Константин во оваа битка Нешрија не кажува ништо.[577]

Битката на Косово и поразот на Србите лошо се почувствувал и во државата на Константин. Мурат I не му се мешал во внатрешното уредување на неговата држава. Неговиот наследник Бајазит I (1389–1402) му го одзел Кратово (1390 година),[578] што ќе рече дека при походот кон Косово, Мурат сепак поминал преку Кратово.[579] Бајазит тогаш сигурно го видел богатството ѝ значењето на Кратово и затоа решил да му го одземе на Константин. Тоа говори дека А. Стојановски не е во право кога вели дека за време

573. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 135.
574. J.Hammer, Historija Turskog (Osmanskog) carstva. I.72.
575. И.Ђурић, Евдокија Комнина и њен муж Константин Драгаш. 286, бел.36.
576. Ст.Новаковић, Законски споменици. 456.
577. Г.Елезовић, Бој на Косову 1389.
578. J.Hammer, Historija Turskog (Osmanskog) carstva. I.72.
579. Х.Матанов – Р.Михнева, От Галиполи до Лепанто. 81.

на походот кон Косово, Мурат I не поминал преку Кратово.[580]

Паѓањето на Кратово во турски раце директно се одразило и на ситуацијата во Пијанец. Во кратовските рудинци работеле и рудари од соседната област Пијанец, кои дотогаш работеле за Константин Дејанов, а тој бил поблаг кон нив, за разлика од Турците. Така почнала директно да се чувствува турската експлоатација во Пијанец.

Од изнесеното се гледа дека Турците ги заостриле условите на своето сизеренство кон Константин. Во 1393 година Бајазит I го зазел Трново.[581] По овој настан тој ги повикал своите вазали во Сер, и таму дошле Мануил Палеолог (1391–1424), деспотот Стефан (1389–1427) и Константин. Надменоста и грубиот однос на Бајазит I кон своите вазали, ги натерало овие христијански господари да формираат сојуз за взаемно помагање во одбраната на своите земји и дале клетва да прекинат секакви врски со Бајазит. Овој сојуз бил поткрепен со мажењето на Елена, ќерката на Константин Дејанов, за византискиот император Мануил Палеолог.[582]

Политичките услови го натерале Константин во наредните години заедно со Крали Марко и Стефан Лазаревиќ да учествуваат во воените походи на Турција. Во еден таков поход против влашкиот војвода Мирче, на полето Ровине кај Крајова, на 10 октомври 1395 година загинале и Крали Марко и Константин.[583] Во војската на Константин сигурно се бореле и војници од Пијанец, што ќе рече дека Пијанец бил директно засегнат од овој турски поход во Влашко.

580. А.Стојановски, Во кој правец... 34.
581. Й.Иванов, Северна Македония. 137.
582. Исто, 137, бел.2; Ј.Хаџи-Васиљевић, Драгаш и Константин. 43; А.Стојановски, Градовите на Македонија. 18.
583. Љ.Лапе. Одбрани текстови. I.190/91; За датумот на битката "10 октомври .ѕ.џ.г. (6903) г." види: Ј.Хаџи-Васиљевић, Драгаш и Константин. 42 бел.39; Й.Иванов, Северна Македония. 138, бел.2, 3 и 5.

Смртта на Константин ставила крај на неговата држава. Навистина 1410-1413 година се сретнува Јусуф-Исуф (војвода) како управник на Константиновата земја, но за него не се знае многу, кој е и од каде бил.[584] Со смртта на Константин во Пијанец била воспоставена директна турска власт, со што тој целосно ја изгубил независноста. Неговата понатамошна историја е преплетена со историјата на Ќустендилскиот санџак.

Во чест на Константин, ќерка му Елена и зет му Мануил заветиле на манастирот Св.Јован Претеча во Патра 500 перпери, со кои требало да се купи имот, од кој годишниот приход од 50 перпери да служи за расходите за покој на душата на Константин. Ќерката на Константин, Елена го надживеала својот сопруг Мануил Палеолог. На старост примила монашки чин и починала на 13 март 1450 година. Таа била баба на последниот император на Византија, Константин XI, кој загинал со "нож во рака при преземањето на Цариград од Турците 1453 година".[585] Тој не го презирал своето словенско потекло по баба и се нарекол Драгаш.

За Константин Дејанов се зачувале повеќе спомени. Така неговата престолнина Велбужд по него била наречена Ќустендил.[586] Урнатините над Ќустендил - Хисарот уште се познати и како "Константиново Кале".[587] Исто така и кај населението се зачувале спомени за Константин, така што населението од Пијанечко и Ќустендилско и денес, за времето и настаните од пред турско време вели дека се од "Константиново време". Во Кочанско веруваат дека на Царев Врв (Султан Тепе) во Осогово била некогашната престолнина на "цар Константин".[588] Урнатините на југоисток во

584. Ј.Хаџи-Васиљевић, Драгаш и Константин. 43; Ст.Новаковић, Срби и Турци. 136; Й.Иванов, Сѣверна Македония. 140-143.
585. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 139.
586. Исто, 143.
587. Исто, 146.
588. Исто, 146.

с.Блатец - Виничко на полите на Плачковица, познати под името "Градиште" се посочуваат како седиште на "цар Константин".[589] Старите бакарни монети што се сретнуваат по селата на Пијанец, населението ги нарекува "костадинчета".

589. Ѓ.Петров, Материяли по изучването на Македония. София 1896.636.

## IV. ПАЃАЊЕ НА ПИЈАНЕЦ ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ

Втората половина на XIV век се карактеризира со политичка расцепканост на Балканот и во Македонија. Оваа политичка расцепканост и неединство на балканските владетели ја искористиле Турците-Османлии. Тие постепено од малоазискиот дел се префрлувале на европскиот. Во почетокот Византија и Србија не им обрнувале внимание, а ги користеле Турците само како одлични наемници во својата војска за меѓусебните пресметки. Од друга страна Турците користејќи ја можноста што им била пружена, се запознале со богатите балкански територии, кои станале привлечни за нив. Согледувајќи ја положбата на Балканскиот Полуостров, Турците решиле да ја искористат несреденоста и неединството на балканските држави за свои цели.

Брзото ширење на Турците на Балканскиот Полуостров било помогнато од меѓусебните борби на феудалците во балканските држави. Во врска со тоа сликовито се изразил Михаил Константинович, кога вели: "и знајте дека поганите Турци не се така силни сами по себе, туку поради неслогата меѓу христијаните. Така несогласувањата меѓу христијаните за поганите Турци било среќа и радост, а нашата завист и меѓусебни непријателства им носи победа".[590] Наместо да се обединат во заедничка борба против Турците, балканските државички се занимавале со меѓусебни расправии. Така на повикот на деспот Угљеш за војна против Турците, 1371 година се одѕвал само брат му Волкашин. Успехот во Маричката битка Османлиите не го искористиле за поголеми освојувања на македонската територија, освен што биле извршени подлабоки акинџиски

590. А.Д.Новичев, История Турции. I. Ленинград 1963.29; Константин Михаиловић из Островице, Јаничарове успомене или турска хроника. Београд 1986.

упади.[591] Но, затоа пак, успеале да го скршат 'рбетот на македонската војска, со што си ја олесниле својата натамошна работа.

Турската офанзива кон Македонија се засилила во 80-тите години на XIV век и се одвивала во две етапи. Првата етапа се одвивала до 1383 година. Во таа етапа безмалку половина од македонската територија се нашла под дирктна или индиректна власт на Султанот. Во границите на Османлиското царство влегла целата поранешна држава на Угљеш, додека државата на Константин Дејанов ја загубила независноста и паднала во вазален однос спрема Султанот Мурат I.[592] Тоа се случило во 1382 година кога Турците ја зазеле Софија, а на Константин му биле доделени Радомир и Дупница како знак на благодарност што станал нивни вазал.[593] Тоа пак значи дека и Пијанец се нашол под врховна власт на Турците. Во 1383 година Турците го освоиле Сер.[594] Со паѓањето на градот Сер завршува првата фаза на турското освојување на Македонија. Втората фаза се одвивала од 1385-1392 година и во нејзиниот тек биле освоени: во 1385 година градовите Штип, Велес, Прилеп и Битола.[595] Во почетокот на 1392 година паднал и градот Скопје.[596] Северна Македонија во чиј состав влегува и Пијанец, паднала под директна турска власт за време на Султанот Бајазит I (1389-1402 година), поточно по загинувањето на Константин Дејанов 1395 г.[597]

591. А.Стојановски, Градовите на Македонија. 8.
592. Исто, 12.
593. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 183.
594. Г.Острогорски, Серска област. 146; А.Стојановски, Градовите на Македонија. 12.
595. Историја македонског народа. I.181.
596. За паѓањето на Скопје под Турска власт поопширно види: Д.Бојаниќ - Лукаќ, Како Турците го презеле Скопје. - Зборник на Музеј на град Скопје, I-III Скопје 1965/66.5-18; А.Стојановски, Административно-територијална поделба на Македонија под Османлиска власт до крајот на XVII век. Македонија во турското средновековие. Скопје 1989.39.
597. Историја македонског народа I.181; А.Стојановски, Маричката битка. 19; История Македонского народа. Скопье 1986.67.

Со потчинувањето на Македонија, кое било завршено со освојувањето на Солун во 1430 година, Турците воведе и своја управа и организација во неа.[598] Уште при заземањето на одделните македонски градови, Османлиите разурнале голем број тврдини кои им пружале отпор. Оние пак што ги оставиле неразурнати ги претвориле во свои упоришта, сместувајќи во нив свои гарнизони и огромен воено-административен апарат. Од зачуваните современи документи, се утврдува дека во почетокот на XV век свои посади Османлиите имале во Скопската, Кичевската, Прилепската и Струмичката тврдина, а во XVI век и во Штипската, Костурската, Охридската, Солунската и други.[599]

По Маричката битка, а најдоцна 1385 година бил основан Румелиски беглербеглак или ејалет.[600] Тој бил составен од помали управно-политички и воени единици, таканаречени ливи или санџаци, на чело со мирливи или санџак-бегови.[601] Во рамките на Румелискиот беглербеглак била вклучена целата територија на Македонија. Во рацете на беглербегот била сконцентрирана целата граѓанска власт, а истовремено тој бил и главен командант на војската во Румелија.

598. За турската управа на Балканскиот Полуостров спореди: Х.Шабановић, Управна подјела југословенских земаља под турском владавином до Карловачког мира 1699 године. - Годишњак историског друштва БиХ, год.IV. Сарајево 1952.172-204; Истиот, Дали је постојао Београдски пашалук? - Историски гласник. 1-2. Београд 1934, 193-207; Д.Шопова, Кога Скопје било центар на санџак во периодот од паѓањето под турска власт до крајот на XVI век. - ГИНИ I/10 Скопје 1957.88-89; А.Стојановски, Дали постоел Битолскот санџак во првите векови од турската власт во Македонија. ГИНИ. IX/2. Скопје 1969.233-235; Истиот, Административно-територијална поделба на Македонија, и сл.

599. А.Стојановски, Градовите на Македонија. 75; Б.Панов, Кон некои прашања за класната и ослободителната борба во Македонија во првите векови на османлиското владеење. Средновековна Македонија. III.98.

600. А.Стојановски, Административно-територијална поделба на Македонија. 37.

601. Исто, 37.

Беглербеглакот се делел на помали воено-административни единици познати како санџаци. Во почетокот на територијата на Македонија постоеле три санџаци: Паша санџак, Ќустендилски и Охридски санџак.[602] Ќустендилскиот санџак бил наречен така според последниот христијански владетел Константин.[603] На чело на санџакот стоел санџакбег или мирлива. Помали административни единици во рамките на санџаците биле нахиите.[604]

Ќустендилскиот санџак според територијата што ја зафаќал бил втор по големина, веднаш зад Паша санџакот. Сеуште не е можно да се утврди точниот датум на постанокот на овој санџак, но се смета дека тоа можело да биде веднаш по загинувањето на Константин Дејанов во 1395 година.[605] Во прилог на тоа дека неговото формирање уследило веднаш или набргу по воспоставувањето на директна османлиска власт зборува фактот што новиот санџак бил оформен на територијата со која пред тоа владеел Константин, со истиот центар, во Велбужд, и кој по него го добил дури и своето име – Ќустендил.[606]

Ќустендилскиот санџак бил разделен на четири кази (кадилаци). Тие во себе вклучувале над 20 нахии. Во составот на Штипската каза влегувале: Штипска, Кочанска и Нагоричка нахија. Струмичката каза во себе ги вклучувала нахиите: Струмица, Малешево, Бојмија, Конче, Тиквеш, Мариово, Петрич и Мелник. Во казата Илиџа (Ќустендил) биле вклучени седум нахии, од кои Пијанец и Славиште биле во Македонија, а останатите во Бугарија.[607]

602. Исто, 39.
603. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 148.
604. М.Соколовски, Прилеп и Прилепско под турска врховна власт од XV до крајот на XVIII век. Во кн. Прилеп и Прилепско низ историјата. Прилеп 1971.11; История македонского народа. 68.
605. К.Јиречек, Историја Срба. I.332; Х.Шабановић, Управна подјела југословенских земаља. 175–176.
606. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 143.
607. К.Јиречек, Историја Срба. I.316.

Кон Ќустендилскиот санџак била придодадена и Кратовската нахија, која во дефтерите од XVI век се означува како одделна нахија, веројатно поради кратовските рудници, кои влегувале во хасот на Султанот и поради тоа се користела со посебен статус.[608]

Нахијата Пијанец во себе содржела 53 села,[609] од казата Илица.[610] Уште во првите децении на Османлиското владеење во Пијанец биле извршени и значајни општествено-економски промени. Османлиите го воспоставиле својот тимарско-спахиски систем, со што во Пијанец дошле до израз феудалните институции врз кои се потпирала воената и економската моќ на Османлиската империја.[611] Но, Османлиите не ги ликвидирале наполно затечените феудални институции во Македонија. Голем број од нив ги зачувале и приспособиле за свои потреби. Во таа смисла освојувачите на Македонија имале толерантен однос и кон оние претставници на македонската феудална аристократија кои на еден или друг начин се ставиле во служба на османлиската држава.[612]

Односот на Турците кон новоосвоените територии зависел од начинот на кој тие биле потчинети. Доколку доброволно и без борба се предале тие биле поштедени од турските разорнувања и пљачкосувања. Ако некое место пружело отпор, согласно шеријатското право, Султанот дозволувал тродневно пљачкосување на истото.[613]

608. История македонского народа. 68.
609. Турски документи за историјата на македонскиот народ (Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак). T.V. кн.I. Скопје 1983. стр.259-263.
610. За името Илица види: Й.Иванов, Северна Македония. 143-144; К.Јиречек, Историја Срба. I.316.
611. Види специјално за тоа: М.Соколовски, Прилог кон проучувањето на турско османлискиот феудален систем со посебен осврт на Македонија во XV и XVI век. ГИНИ II/1. Скопје 1958.
612. Б.Панов, Кон некои прашања за класната борба. 100.
613. Х.Иналџик, Османско царство. Београд 1974.35.

Бидејќи Пијанец преку неговиот владетел Константин Дејанов доброволно се предал на Турците бил поштеден од разорнување и пустоши. Со текот на времето Турците почнале да вршат колонизација од малоазиските предели, со цел да си обезбедат сигурна поткрепа во случај на преземање походи на Балканот. Покрај ова Турците почнале да вршат и асимилација на македонското население, која дошла до израз во XV и XVI век. Главните потурчувања во Пијанец биле извршени во времето на Сулејман Величествени во 1522 година и Мехмед IV во втората половина на XVII век (1648-1687 година). Мехмед IV престојувал во Пијанец на лов и тогаш биле потурчени селата покрај патот од реката Струма до Брегалница, меѓу нив и пијанечките села: Габрово (Турско Габрово), Ѕвегор, Град, Иственик, Црник, Тработивиште и други.[614] Според пописните дефтери од XVI век се гледа дека пијанечките села што припаѓале кон Осоговските планини не биле засегнати од потурчувањето и тие го зачувале својот македонски елемент. Такви биле, на пример, селата: Косевица, Костин Дол, Вратиславца и др.[615]

Од пописните дефтери се гледа дека во тие села живеело исклучиво христијанско население, не се споменува ниту еден муслиман. Христијаните му плаќале на Султанот џизие (данок на лице) и харач (данок на земја) како и многу други давачки.[616]

614. Й.Иванов, Сѣверна Македония. 215; Д.Арсовски - Д.Христовски, Делчево. 17.
615. Турски документи. V, кн.I. 279-331.
616. Исто, 279-331.

## V. ИМОТИТЕ НА ЗЛЕТОВСКАТА ЕПАРХИЈА ВО ПИЈАНЕЦ

Општо е прифатено гледиштето дека по прогласувањето на Душан за цар, во Скопје во 1346 год., на истиот Собор била извршена и реорганизација на црквата. Дотогашната Пеќка архиепископија била издигната во ранг на патријаршија, епископиите во ранг на митрополии, од кои предност им било дадено на Скопската, како престолонаследна, а биле формирани и нови епархии. Една од ново формираните била и Злетовско-брегалничката, со седиште во Лесново, во задужбината на Јован Оливер од 1340-41 год., манастирот Свети Архангел Михаил.[617] Манастирот располагал со свои имоти, за што може да се види и од ктиторската повелба на Јован Оливер.[618] Овие имоти се состоеле од: седум земјоделски села и селишта (заселци), едно пастирско село "катун влаха" и една црква во градот Штип со 20 семејства.[619] При определувањето на Лесновскиот манастир за седиште на новосоздадената епархија, цар Душан сите тие имоти ги потврдил и додал уште "четири нови села": во Злетово (1), во Мородвиз (1) и во "областа Пијанец" (2) со многу поединечни ниви, полиња, воденици, лозја и др. властелински објекти во тие области "сѐ до над Царево Село кое и тогаш се викало така".[620]

Царската грамота за формирањето на Злетовско-брегалничката епархија и нејзините имоти е зачувана во целост во манастирот Хиландар, на кој што подоцнежниот господар на тие области, Константин, дефинитивно го подарил Лес-

617. За изградбата и историјатот на манастирот види: С.Симић, Лесновски манастир св. оца Гаврила, задужбина српског деспота Ј.Оливера. Скопље 1913; Злетовската област (географско-историски осврт). Скопје 1974, 221, 629-635 и таму наведената литература.

618. Г.Томовић, Повеља манастира Леснова. Историски часопис, књ. XXIV. Београд 1977, стр. 92-93.

619. Р.Грујић, Скопска митрополија. Скопље 1935, стр.104.

620. Исто, 104.

новскиот манастир со сите негови имоти (15.VIII.1381 г.,[621], бидејќи била укината Епархијата и нејзините области биле придружени кон Велбуждската епархија, која била во државата на "господин Константин".[622]

Имотите на Злетовската епархија главно се наоѓале по сливот на реката Брегалница, во Злетово, Мородвиз и Пијанец.[623]

За определувањето на имотите во Злетово и Мородвиз се позанимавале повеќе научници и претежно успеале да ги убицираат сите места, освен "Катун Влах на Строи", за кое досега постојат различни гледишта.

Како главен извор за определување на местоположбата на епархиските имоти се користени ктиторската грамота на Јован Оливер и грамотата на цар Душан од 1347 год., како и даровната грамота на господин Константин од 1381 год. Споредувајќи ги овие грамоти научниците приближно ги определиле сите имоти, освен имотите во Пијанец. Овие имоти за првпат се споменуваат во грамотата на цар Душан од 1347 год.,[624] а некои од имотите се споменуваат и во даровницата на Константин од 1381 год.[625]

Со проблемот на убицирањето на имотите на Злетовската епархија во Пијанец никој посебно не се позанимавал. Нив ги споменува Г. Томовиќ во својата статија за основачката повелба на манастирот во Лесново, каде само споменува дека Душан "приложил имоти во Пијанец во горниот тек на Брегалница".[626] Р. Грујиќ успеал да идентификува само некои имоти во Пијанец.[627] Од македонските

621. Ст.Новаковић, Законски споменици српских држава средњега века. Књ. V. Београд 1912, стр.453-454
622. Р.Грујић, Скопска митрополија. стр.104; Г.Томовић, Повеља... стр.96.
623. Исто, 105.
624. Архимандрит Леонид, Хрисовуља цара Душана. Гласник Срп. ученог друштва, Књ. X. Београд 1870, стр.293.
625. Ст.Новаковић, Законски споменици..., 453.
626. Г.Томовић, Повеља..., 88.
627. Р.Грујић, Епархиска властелинства у средњевековној Србији. Београд 1932, стр.38-44.

научници само проф. Томо Томоски ги набројува имотите на Злетовската епархија во Пијанец,[628] но не ја дава нивната местоположба. Во монографијата за Делчево, се споменуваат само дел од имотите без да се убицираат.[629]

Врз база на расположивите изворни податоци и теренските истражувања, во нашиот прилог се направени обиди да се определи местоположбата на имотите на Злетовската епархија во Пијанец. За многу имиња, што се споменуваат, (села, места, цркви и манастири) има остатоци во микро-топонимијата на овој крај, што е од особено значење за попрецизна убикација. Покрај другото, на теренот се среќаваат остатоци од црквите што се споменуваат во грамотата на цар Душан. За две од нив, Св.Илија и Св.Богородица може со сигурност да се тврди каде се наоѓале, додека за првоспоменатата црква Св.Никола постојат два локалитета со исто име, и двата се наоѓаат на Брегалница, па за точната убикација на оваа црква ќе се послужиме со грамотата и местата што се споменуваат во неа, а кои биле во непосредна близина на Св.Никола.

Грамотата на цар Душан чиишто податоци се предмет на нашите проучувања ја имаме во препис од архимандритот Леонид.[630]

По набројувањето на имотите во Злетовската област и црквата во Штип, цар Душан продолжува со набројување на имотите во Пијанец. Тој дел на повелбата гласи: "И уште приложи моето свето царство на Злетовската епископија на Светиот Архангел во Пијанец црква Св.Никола со село и со лозје (виноград) и со воденица и со луг (лоугомь). И земја столп (стьлпь) почнувајќи од Св.Никола до лугот и над лугот околу Брест. Лака (лоукы) до патот што преминува од Царево Село и над Цареви води по трапу. Нива и столп во

628. Т.Томоски, Морозвиждска епископија, Културно наследство, VII (1976-78), Скопје 1978, стр.102.
629. Д.Арсовски - Д.Христовски, Делчево. Кочани 1985, стр.17.
630. Архимандрит Леонид, Хрисовуља..., Гласник СУД, X, 287-296.

Колакинин Дол, над брестот и на Ољешев Дол столп од двете страни на патот. И тука над патот друга нива, а во Црквенец во могилец 4 парчиња (комати) земја. И Небрадова лака (лоука) под Царево Село и селиште Котража и на Драмче нива на Боришје. И сproти Св.Илија над патот што оди за Драмче нива. И во Клисура две парчиња (комати) земја. И приложи деспот (Ј. Оливер, б. А.А.) земја столп над Свети Илиев Дол и друг столп погоре кој што Ѓурен го држел со вложина. И уште приложи моето свето царство во Пијанец на Брегалница црква Богородица со село и со намештај (наместие). На Гошев Дол 3 ниви и на Љубешевец 2 ниви и на Габровчица 3 ниви и Св.Георги 2 ниви. И во Мрамор нива, и на Смрдешци нива, и на Брегалница нива и на Тодоров Дол нива, и на Звегорчица 2 ниви, и под Гнила 2 ниви, и на Лазо нива. И во Клашев Дол нива купеница, и во воденицата на Св.Никола лака. Во Глоги 2 ниви, од работивишкото место".[631]

Сите горе наведени места се наоѓаат во Пијанец, област во горниот тек на Брегалница.[632]

Како што истакнавме погоре, главен проблем е убикацијата на црквата Св.Никола. Г. Томовиќ ја убицира на Брегалница во денешното с.Драмче, каде што постојат остатоци од црква и 12 гробови, а ридот, кајшто се наоѓаат остатоците, и денес се вика Свети Никола; непосредно до него постои микротопоним "државата" што асоцира највероjатно на манастирски имот. За расветлување на овој проблем овозможуваат и некои турски извори од XVI век, каде што се споменува "Мезра Никола".[633] Оваа мезра била

631. Исто, стр.293.

632. За името Пијанец, види: Љ.Станковска, Македонскиот топонимски систем до XVI век. Скопје 1983, 286-287; Д.Арсовски - Д.Христовски, Делчево, стр.30; Й.Иванов, Български старини из Македония, София, 1905 (фототипно издание) 552 и др.

633. Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XIV век за Ќустендилскиот санџак. Том V, кн.I, Скопје 1983, 298.

близу до с.Училар (Очипала) во нахијата Пијанец. Жителите од с.Училар, Царево Село и Черковци (Црквенец) ја обработувале мезрата и ушурот му го давале на спахијата на Царево Село.[634] Според овие податоци, оваа мезра би требало да биде гранична меѓу овие три села и се наоѓала кај денешните гробишта на Делчево. Тука има остатоци од една црква, но населението не знае како се викала. Единствено М. Павловиќ,[635] запишал еден спомен од дедо Петре Трајанов, од Царево Село (Делчево) кој бил роден во с.Црквенец. Според него, столбовите за царевоселската црква биле донесени од разурнатата црква во близина на Царево Село, под денешните гробишта,[636] но не го споменува името на црквата. Најверојатно тоа се однесува на мезрата Никола, која го добила името според црквата. Инаку, во Душановата грамота се споменува и името "Брест", со кое се означени три места во Пијанец, од кои две се совпаѓаат со двете горе посочени локации на црквата Св.Никола. М. Пурковиќ ја споменува црквата Св.Никола "во Пијанец кај Царево Село",[637] но не дава подетални податоци за неа.

За да се определи точната локација на црквата Св.Никола во извесна мерка овозможуваат и податоците од грамотата на Душан, каде што таа се споменува заедно со село. Имајќи го тоа предвид и топонимот "држава" во с.Драмче на Брегалница, како и имотите 3 луга[638] што се споменуваат по црквата Св.Никола, на мислење сме дека сепак оваа црква треба да е онаа чии што остатоци и денес се видливи на истоимениот рид, којшто доминантно стои над самата река Брегалница и под којшто има богати имоти, а

634. Исто, 298.
635. М.Павловиħ, Малешево и Малешевци. Београд 1929, 307-308, бел.1.
636. Исто, 307-308.
637. М.Пурковиħ, Пипис црква у старој српској држави. Скопље 1938, 38.
638. Луг претставува парче шума, споредилугар - шумар.

се гледаат и остатоци од црковна воденица.[638a] Во средниот век црквата Св.Никола заедно со селото биле посебно, а денес тоа место е влезено во атарот на с.Драмче, кое што исто така постоело и во среднот век, само било посеверно и позбиено. Денес Драмче е најрасфрленото село во општината. Лозјето и воденицата со лугот биле во непосредна близина на црквата. И денес, на десната страна на Брегалница, постои место што се вика "старо лозје", а под самиот рид Св.Никола има остатоци од воденица, која била обновувана и работела до почетокот на овој век.

Веднаш по црквата Св.Никола се наведува "земја столп почнувајќи од Св.Никола до лугот и над лугот околу брест",[639] оваа земја се наоѓала источно од црквата, а лево од Брегалница. Брест, пак, е место десно од Брегалница над старото лозје, близу до маалото Митревци (с.Драмче), до каде завршувал овој дел од имотот.

Потоа почнува друг имот којшто бил подалеку од црквата Св.Никола и затоа се споменува посебно: "лака (лоукы) до патот што преминува од Царево Село и над Цареви Води по трапу".[640] Тоа е онаа лака под денешните гробишта, бидејќи тука преминувал патот од Царево Село преку Брегалница за Ќустендил, а Цареви Води, се лековитите води што се наоѓаат во потокот што тука се спушта, кајшто и денес постојат два манастира.[641] Од овде имоите се префрлувале на десната страна на Брегалница и тие претставувале друга целина: "нива и столп во Колакинин Дол, над брест и на Олъешев Дол столп од двете страни на

638a. Ова место за кое ми укажаа Љупчо Станоевски и Димитар Станоевски го посетив двапати, еднаш на 21.I.1989 год. и вторпат на 4.I.1990 год. од с.Драмче за што на двајцата им изразувам благодарност за помошта што ми ја укажаа. На тоа место ја лоцира и Г.Томовиħ, цит. цело. 87.

639. Архимандрит Леонид, Хрисовуља..., Гласник СУД, X, 293.

640. Исто, 293. Трап означува дупка или јама, сп. Л.Славева, Српски грамоти од Душаново време. Прилеп 1988. стр.233.

641. Едниот манастир е стар, а другиот беше урнат и сега е обновен и на 5.V.1990 год. беше осветен.

патот и тука над патот друга нива, а во Црквенец во Моголец четири комати (парчиња) земја".[642]

Колакинин Дол постои и денес, тој слегува од Голешево преку с.Полето и до патот од Делчево за Црквенец се вика Голешев Дол (Ољешев), а од патот надолу се вика Колакинин Дол. Овој пат постоел и во 1347 год., кога е издадена грамотата. Тој водел од Царево Село преку Брегалница за Голешево, каде што се вкрстувал со патот што водел од Мородвиз по Брегалница – преку Црквенец за Велбужд, и од Велбужд преку Голешево за селата Габрово–Ѕвегор–Тработивиште по Брегалница за Малешево–Струмица и Солун. На Голешево сѐуште има остатоци од овие патишта од трите страни, а на врвот од ридот постоел и манастир којшто месното население го нарекува "Голешев манастир". Остатоците од манстирот што се гледаат на површината сѐуште не се регистрирани од археолозите. Димензиите се 60 X 60 м., а се видливи и контури на неколку гробови обраснати со маховина и распаднати под ударите на дивите трагачи за злато. Местото има доминантна местоположба во целото Пијанечко Поле и оттаму се гледа целиот Пијанец. Според резултатите од теренските истражувања, токму овде, заедно со Црквенец кој се наоѓа веднаш под него, бил црковниот центар на Пијанец. За самиот манастир Панче Ѓорѓиев од с.Чифлик го пренесува народното предание дека на тоа место имало манастир во кој живееле 12 фамилии (Голешевци). Тие 12 фамилии работеле на имотот на манастирот и од приходите се издржувале, а кога дошле Турците, сето богатство од манастирот било собрано и фрлено во бунар длабок 24 метри. Турците, гневни што не

642. Архимандрит Леонид. Хрисовуља..., 293. Столп е земјишна мерка еднаква на Плуг, спореди P.Skok, Etimologijski rečnik hrvatskoga ili srpskoga jezika. Zagreb 1973. стр.351. Столпот најверојатно бил еднаков со ѕевгарот, бидејќи за влечење бил потребен ѕевгар волови и претставувал површина што можела да се обработи со еден ѕевгар.

нашле ништо вредно, го разурнале манастирот"[643] Местото кајшто бил манастирот и денес се смета за свето и тука никој не се населил, ниту, пак, зема камења за градење на куќи, "бидејќи тоа е свето и не смее да се фаќа".

Што се однесува до Црквенец-Могилец и денес постои место Могилец во истоимените село,, кое во званичните документи е заведено како Ветрен. Топонимите "Долни и Горни Црквенец" се однесуваат секако на средновековните села Горни и Долни Црквенец.[644] Могилец се наоѓа во Долни Црквенец на 150 м. десно од патот Делчево-Македонска Каменица над Студена Чешма. Името Могилец е наложено од античките гробници "Могили" што се зачувани овде, една од нив е висока 4-6 м. со пречник во основата околу 30 м.[645] Другите две могили се наоѓаат малку на север и не се регистрирани од археолозите.

Овој имот се надоврзувал веднаш на "Небрадова лака под Царево Село, и селиште Котража и на Драмче нива на Боришје".[646]

Небрадова лака е денешната лака меѓу Делчево и с.Очипали во реонот на месноста Студена чешма, во долината на Брегалница.

Селиште Котража кое останало неубицирано, според редоследот на споменатите имоти би требало да се бара меѓу Небрадова лака и Боришје кое и денес постои како маало во с.Илиово, на десната страна на Брегалница, на патот што води од с.Илиово за Драмче. На тоа место е откриена црква која археологот А. Керамитчиев ја датира во XIV век.[647] Меѓу Боришјето и Небрадова лака по Брегалница

643. Преданието е запишано на 30.IV.1989 г. во с.Чифлик. На Панче Ѓорѓиев му изразувам благодарност за кажаното предание.
644. Турски документи..., VI, стр.301, 330.
645. А.Керамитчиев, Археолошка карта на општина Делчево. (необјавено) стр.6.
646. Архимандрит Леонид, Хрисовуља..., 293.
647. А.Керамитчиев, Археолошка карта..., стр.13, Д.Арсовски - Д.Христовски, Делчево, стр.27.

постои само еден топоним "селиште" близу до Гладноградиште,[648] на двете страни од Брегалница, каде што едноставно би можеле да го лоцираме селиштето Котража. Местото е засолнето од две страни со високи ридови, а од север е р.Брегалница. Сега таму има бавчи од модри сливи и не е населено, а се видливи и остатоци од населба.

Бариштех се однесува на Борищје маало во с.Илиово. Во средниот век припаѓало на с.Драмче. Имотите "сproти Св.Илија над патот што иде кон Драмче нива", се однесуваат на денешното сели Илиово, кое го добило името по црквата Св.Илија. Селото се наоѓало во месноста "Селиште" до Брегалница каде што има траги од разурната црква и стари гробови.[649] Патот од с.Илиово преку Борищје го следел ридот и одел за Драмче. Нивата што се споменува би требало да се бара во маалото Курилово во атарот на с.Илиово.

Споменатите, пак, имоти "во Клисура два комати земја",[650] би требало да се лоцираат во с.Клисура кое се наоѓа на границата со НР Бугарија, над с.Габрово или во с.Бигла каде постои топоним "Клисура"[651] на Стара Река (денешна Бигланска река). Можно е т.н. Клисура да се однесува на Брегалничко-Очеполската клисура од с.Очипали до с.Истибањи, во должина од 35 км. Според нашите согледувања првото место, с.Клисура треба да отпадне од локацијата, бидејќи сите имоти се на страната на Брегалница, а тоа село спаѓа во сливот на р.Струма. Ако се утврди дека токму таму биле тие "два комати" земја, тоа би биле единствени имоти во другиот дел на Пијанец. Друга причина што нè наведува на мислење дека "Клисура"

648. А.Керамитчиев, цит. дело, стр.9.
649. За с.Илиово види: О.Иванова, Месните имиња по областа по сливот на Брегалница. Скопје 1982, стр. 7 и 71; Турски документи V/1, 278.
650. Архимандрит Леонид, Хрисовуља..., стр.293.
651. Овој топоним означува географски поим. На местото кај што почнува клисурата постојат две напуштени ниви коишто денес не се обработуваат, поради тоа што некогаш биле црковни.

спаѓала во Брегалничкиот дел е контекстот во грамотата: пред да се спомене Клисура се споменува Драмче, а веднаш по Клисура се споменуваат имоти над Св.Илија, и токму меѓу овие две села треба да се бара "Клисура". Најблиску до локацијата, според нас е "Клисура" на Стара Река над маалото Белчинско, кое денес припаѓа на с. Драмче.

До денес останало неразјаснето соопштението и "приложи деспот (Ј. Оливер - А.А.) земја столп над Свети Илиев Дол и друг столп погоре (повише) кој што Ѓурен го држел со вложину".[652]

Илиев Дол е долот што слегува од Голак, поминува меѓу селата Бигла, Турија и Илиово и се влева во Брегалница точно до местото "Селиште" кајшто било с.Илиово. Денес тој дол се вика Туришница, според истоименото село од коешто извира.[653]

Што се однесува пак до изразот "со вложину", најверојатно се однесува на името "Валожање"[654] и би можеле да го лоцираме на тоа место. На овој дел од грамотата може да се протолкува и дека Ѓурен тој столп го држел под закуп "влог", односно однапред закупен за одредена сума пари, кој сега бил приложен кон Злетовската епархија.

Црквата Богородица со селото и со намештајот,[655] треба да се бара во с.Чифлик, којшто до 1946 год, се викал Богородичен Чифлик, а постарите луѓе и денес го викаат така.[656] Црквата Богородица постоела до 1904 год., кога според едно предание "таа заедно со уште еден манастир што се наоѓал до неа под денешниот локалитет Градиште,

652. Архимандрит Леонид, Хрисовуља..., 293.
653. Турија доаѓа од Тур - див бик, којшто живеел во овие предели во антиката.
654. Валожање заедно со Шопје го сочинуваат најмалото село во општина Делчево - с.Косово Дабје, кое се наоѓа во високите предели на планината Голак, со многу добра положба и посебно погодно за сточарство и земјоделство.
655. М.Пурковиќ, Попис црква..., стр.14.
656. За Чифлик види: О.Иванова, Месните имиња..., стр.129.

ноќе со сè луѓе пропаднале од чума во земја".[657] Најверојатно станува збор за земјотресот од 1904 год. што го зафатил овој крај, а ги оштетил и блиските кули до црквата.[658] При изградбата на сегашната црква во Делчево, која го носи истото име, биле пренесени "9 коли градежен материјал",[659] од разурнатата црква.

Голешев Дол, сметаме дека е ист со Оѕешев Дол, за што стана збор погоре.

Љубешевец, постои и денес со истото име и се наоѓа на патот од Голешев Дол за с.Габрово, над денешната населба Вељко Влаховиќ – Делчево.[660]

Имотите "на Габровчица. ї. ниви",[661] треба да се бараат меѓу с.Габрово и Делчево. Габровчица е општо познато име, и денес потокот што слегува низ с.Габрово[662] и се влева во Брегалница кај Делчево се нарекува Габровчица. Инаку, претставува, заедно со Ѕвегорска Река (Звегорштица) најбогата притока на Брегалница.

---

657. Преданието е запишано на 30.IV.1989 г. од Димитровски Никола од с.Чифлик, кој што знае дека на тоа место при копањето на камења за градба на селските куќи бил изваден еден сребрен крст и едно кандило од олтарот на црквата, како и повеќе мермерни блокови, кои потоа се разнесени. Сега на местото не се гледа ништо, освен контурите од темелите на црквата. На Н.Димитровски за информацијата му се заблагодарувам. Крстот и кандилото се предадени на тогашниот поп во црквата Св.Богородица – Делчево. Денес нивните траги се изгубени. Истото го потврди и Панче Ѓорѓиев од истото село, кој што лично ги откопал и му ги дал на попот.
658. Се однесува на три кули што го штителе патот, денес делумно е зачувана само една, а другите две се разурнати за градежен материјал. Спореди и А.Керамитчиев, Археолошка карта..., стр.7.
659. М.Павловић, Малешево и Малешевци. 307–308, бел.1.
660. Голешев Дол и Љубешевец ги посетив на 18.VIII.1989 г. заедно со Марјан Ристов од с.Полето, низ кое тече Голешев Дол. На Марјан му благодарам за соработката.
661. Т.Томоски наведува 11 ниви, сп. Т.Томоски, цит. дело. 102.
662. За Габрово види: О.Иванова, Месните имиња..., стр.6, 20 и 42; Турски документи, V/1. стр.282.

Св.Георги, треба да се бара во с.Град, во кое денес постои црква Св.Георги, која е изградена на темелите на постара црква, што го носела истото име.[663]

Мрамор е микротопоним меѓу с.Вирче и с.Град, Делчевско.

Смрдешщи, би требало да се бара кај денешниот топоним "смрдлива вода". Инаку во средниот век постоело село Смрдешница,[664] што се наоѓало на тоа место.

Имотот, "на Брегалница нива", е познат и се однесува на р.Брегалница што тече западно од селото Вирче и Град. А Тодоров Дол е месност меѓу с.Град и с.Ѕвегор.[665]

Звегорштица, е денешната Ѕвегорска Река, која така е наречена според името на с.Ѕвегор.[665a]

Двете ниви под Гнила, се наоѓале во с.Ѕвегор каде што постои микротопоним "Гнилата" и сметаме дека се однесува на тоа место, бидејќи наредниот имот "нива на Лазо (Лазѣхь) се однесувала на Лазова нива до Гнилата во с.Ѕвегор.

Нивата во Клашев Дол (купеница), се наоѓала во суводолицата Клашевица што слегува близу Гладно градиште во с.Драмче, бидејќи и воденициите на Св.Никола со лака се наоѓале во близина на Клашевица.

Двете ниви што се наведуваат во Глоги припаѓале во атарот на с.Работивиште,[666] во месноста Глогов Дол, којшто слегува од планината Голак, паралелно со река Олшана.

Со ова се заокружуваат имотите на Злетовската епархија во Пијанец, што им ги подарил цар Душан.

По имотите во грамотата следуваат правата и привилегиите што им биле дадени на Епархијата. Од овој дел на

663. За тоа го консултирав Димитар Струков, клисар во црквата Св.Никола – с.Вирче и му благодарам за соработката.
664. Турски документи. V/1, 311.
665. Денес постои дол со истото име (б.А.А.).
665a. Во средниот век постоеле две села: Горно и Долно Звекри (Турски документи, V/1, стр.324, 280).
666. За Работивиште види: О.Иванова, Месните имиња..., стр.7, 16, 152.

спотовина, Никеј-ската империја и др. Тие нови држави започнале бес- поштедна борба за превласт на Балканскиот Полуостров. Од тие борби бил засегнат и Пијанец. Во почетокот иницијатива имала Бугарија, особено по победата над латинските војски 1205 година. Таа се носела со идејата да го заземе местото на некогашна Византија. Оваа бугарска иницијатива била прекината под ѕидините на Солун, каде што загинал нејзиниот владетел Калојан (1207 година). Од смртта на Калојан најмногу полза извлекле соседните земји. Така на новиот бугарски цар одбиле да му се потчинат некои од феудалните владетели во Македонија, пред сѐ Стрез и Алексиј Слав. Со смртта на Калојан и Пијанец го променил господарот. Во почетокот тој бил поделен помеѓу Стрез и Алексиј Слав, а по смртта на Стрез во 1215 година целиот Пијанец бил вклучен во составот на кнежевството на Алексиј Слав. Благодарејќи на својата политика на прилагодување на политичките услови, Алексиј Слав успеал да се одржи на власт подолго време. Тој своевремено ја признавал врховната власт на Латините, потоа на Епирците и на Бугарите, сѐ во зависност од каде доаѓала опасноста, за на крајот при меѓусебниот судир на Бугарија и Епир 1230 година кај Клокотница, да му се изгуби трагата. Неговото кнежевство, заедно со целиот Пијанец било вклучено во составот на бугарската држава, но не за долго.

По поразот на Епирците кај Клокотница во борбата за превласт се вмешала и Никејската империја. Таа особено зајакнала за време на императорите Јован III Ватац (1222-1254 год.) и Теодор II Ласкарис (1254-1258). Ширењето на Никејската власт во Македонија повторно го поставило на дневен ред прашањето за превласт на Балканот. Бугарското царство, иако извојувало победа над Епирците, сепак не било во можност до крај да истрае во борбата. Тоа кон средината на XIII век било ослабено од силните удари на

Монголите и не располагало со толкави сили што би му овозможиле водење експанзионистичка политика.

Во екот на овие пресметки Пијанец влегол во составот на Никејската држава, која беќе била на дофат на својата главна цел – обновување на Византија. На патот до остварување на оваа цел им стоеле епирските владетели кои сеуште покажувале извонреден отпор во спречувањето на ширењето на Никејската империја. На Запад бил организиран антиникејски сојуз на чело со владетелот на Епир, Михаил II Ангел. Овој сојуз не бил способен да ги спречи големите напори на Никејската држава.

Во таква меѓународна положба борбата меѓу Епир и Никеја ја искористил српскиот крал Стефан Урош I (1243–1276 год.) и продрел во Македонија. Од овие српски продирања Пијанец не бил засегнат.

Последниот обид на сојузничките сили да ја спречат Никеја во обновувањето на Византија наполно пропаднал со губењето на битката на Пелагониската рамнина, каде што во летото 1259 година никејските сили извојувале блескава победа кај Борила Лонгос. Пелагониската битка го означила крајот на еден бурен период од историјата на Македонија. Извојуваната победа ја обезбедила власта на Никеја на оваа територија, која во 1261 година ја обновила Византиската империја. По реставрацијата на Византија била зацврстена и нејзината власт, со тоа што Македонија како административен и воен центар станала еден од најважните делови на Византија. Последиците од долгогодишните војни што се воделе во првата половина на XIII век почнале да се отстрануваат, а со смирувањето на воените дејствија почнало да заздравува и стопанството, заживеала и трговијата, а како резултат на воените ангажирања на западноевропските држави, македонските области станале предмет на интерес за западните земји. Тоа влијаело за економска стабилизација на овој простор и за напредок во целокупниот живот.

## ЗАКЛУЧОК

Благодарение на добрата географска положба, Пијанец бил населен уште од најстари времиња. За тоа сведочат материјалните остатоци што сеуште се наоѓаат во Пијанец, за жал сеуште недоволно проучени и заборавени. Свои траги во Пијанец оставиле Келтите, за што сведочи најдениот меч во с.Луковица, Словените, Печенезите, Крстоносците. Траги оставиле и македонските и сесловенски просветители Кирил и Методиј што во Пијанец и во околните области по Брегалница ја извршувале својата прва апостолска мисија.

Во периодот на процветот на Самуиловата држава (969–1018 година) територијата на Пијанец уште во почетокот била вклучена во нејзиниот состав. За време на постоењето на оваа држава, Пијанец ја делел истата судбина со неа, и бил еден од последните нејзини делови што ја признал византиската власт. Под византиска власт Пијанец останал сè до 1203 година. Во периодот на византиското владеење, за Пијанец е важно да го одбележиме тоа што преку него поминале дел од војските на Третиот крстоносен поход. Еден дел од крстоносната војска поминал од Ќустендил преку Пијанец, го опљачкале Градец (денешно с.Град) и продолжиле за Струмица.

Бугарскиот владетел Калојан, во 1203 година го зазел Пијанец и го приклучил кон Второто бугарско царство. Во црковен поглед Пијанец бил потчинет на Мороздвишката епископија.

Кон крајот на XII и на почетокот на XIII век се разгорела борбата меѓу Византија и Второто бугарско царство. Во екот на таа борба на запад бил организиран Четвртиот крстоносен поход, кој од темел ја променил ситуацијата на Балканот. Од историската сцена ја снемало Византија, а на нејзина почва биле создадени нови држави, Латинската империја, Солунското кралство, Епирската де-

грамотата може да се заклучи дека Злетовскиот епископ имал во рамките на својата епархија речиси неограничена духовна, административна и судска власт. Тоа се заклучува и од одредбите во грамотата: "и да не облада нитко црьковню, ни людми црьковнимы, ни селы, ни всею областию, ни кепалиꙗ, ни севасть, ни кнезь, ни соудиꙗ, ни прахторь сиꙗ ꙗже рещи нитко од владоущихь по земли... Тькьмо да облада всѣм тѣмь црькьвь светаго Архангела (правно) и епископь (стварно)".[667]

Како што се гледа од изложениот текст, Епископијата имала судски имунитет; се споменува ослободување од "судије" и "глобаре":[668] и всака глоба да ѥст црьковна".[669] Единствена отстапка била направена во поглед на казната "вражда" која секогаш била највисока (1000 златници). До тогаш половината (500 златници) се давале на црквата, а половината на "наводчијата" (поткажувач на виновникот). Душан одредил целата вражда да припадне на епархиското властелинство. За тоа во повелбата се вели: "и вражда, ако се случи во метохијата да ја зема црквата, а никој друг".[670]

Покрај судски, Епархијата располагала и со голем финансиски имунитет. Меѓу даноците од кои биле ослободени земјите и луѓето на Епархијата се споменуваат: "соќе (сокꙗ - данок за земја), перперак (перперакꙗ - главарина), пис (писа - такса за попис на лица способни за работа и оданочување), димнина (димнине - данок за куќа), приплата (дарови за жупските чиновници), поклон царски, десеток од жито и вино, како и "всакаго десетка живаго" (овци, свињи, пчели), тревнина (трѣвнине), наметак-свински и овчи, приселица (приселице), псар и герекар (псарь и геракорь) и позоб (позоба).

667. Архимандрит Леонид, Хрисовуља..., 294, Сп.Грујић, Скопска митроп..., 108.
668. Исто, 294.
669. Исто, 295.
670. Исто, 294/95.

Епархиските имоти и луѓето што живееле на нив биле ослободени и од извесни работи, за што во еден дел од повелбата стои: "просто речено од сите работи големи и мали",[671] а потоа ги наведува поединечно: провод поклисара, и од секој понос господски, и орање и копање.

Злетовската епархија уживала и воен имунитет. На едно место во грамотата се вели: "царот го ослободува властелинството и од војске".[672] Оваа одредба подразбирала забрана на собирање војска од имотите на Епархијата и се однесувала само на епархиските имоти, не е познат друг случај на ослободување од војска на световен феудалец.

Во случај некој спор да не можел да се реши пред судот на Епархијата, требало да оди пред царот. Ова може да се протолкува како забрана на државните судски органи да се мешаат во судските работи на Епископијата, но во случај таа да не можела да реши некој спор, тој спор требало да го реши царот, што значи дека Душан го задржал правото на "мешање" во внатрешните работи на црквата, но само во определени случаи.

Особено интересен дел од грамотата е оној што се однесува на ктиторот. Доколку тој се "огреши" кон државата, царот го задржувал правото на конфискација на неговиот имот. Ктиторот можел да го напушти царот, но имотите што ги дал на Епископијата немал право да си ги повлече. На тој начин Душан ја обезбедил Злетовската епархија со трајни приходи.

Сите имоти што ги добила Епархијата од Душан и Ј. Оливер, ги задржала до 1381 год. кога со сите тие имоти "господин Константин" ја подарил на Хилендар.[673]

---

671. Исто, 294.
672. Исто, 294; Р.Грујиќ, цит. дело. 114.
673. Ст.Новаковиќ, Законски споменици..., стр.453.

Периодот на византиското владеење во Македонија, а со тоа и во Пијанец не траел долго. Дваесет години по реставрацијата на Византија, таа била исправена пред нова сила на Балканот - Српската држава на чело со Стефан Урош II - Милутин (1282-1321 година). Потпирајќи се на плодовите од економскиот подем на земјата, Милутин ја презел иницијативата во борбата против Византија. Со своите добро вооружени војски уште во пролетта 1282 година навлегол длабоко во Македонија. При ова српско навлегување од Византија била одземена цела Северна Македонија. Тогаш меѓу другите македонски градови и области бил заземен и Пијанец. Српско-византиската граница минувала по планината Голак, с.Работивиште и излегувала на Влаина и оттаму до реката Струма. Пијанец бил вклучен во српската држава и бил организиран како воено краиште, од причина што бил гранична област помеѓу Византија и Србија.

Оваа положба на Пијанец му донела многу проблеми и тешкотии. Наоѓајќи се помеѓу двете завојувани земји, Пијанец бил изложен на секојдневни воени акции, а неговата територија била ограбувана. Ваквата положба во Пијанец се одржала повеќе години. За нејзиното подобрување не придонело ниту помирувањето на завојуваните страни и династичкиот брак на Милутин со малолетната Симонида. Причина за нарушување на мирните односи била оживеаната идеја на Запад за воспоставување на Латинската имерија. Нејзини најактивни иницијатори биле Филип Тарентски и Карло од Валоа. Тие се обиделе да ја искористат тешката положба во Византија поради напредувањето на Турците во Мала Азија и пљачкашките походи на Каталонската компанија во Тракија и Јужна Македонија во текот на 1306-1308 година. Тоа сакал да го искористи и крал Милутин, кој во тоа време водел династички борби со брата си Драгутин. Барајќи поткрепа, тој се приближил кон западноевропските сили. Најнапред склучил спогодба со Филип Тарентски (1306 г.), а кога се создале услови, кога Карло од

Валоа пристапил кон остварување на своите планови, го склучил и познатиот договор за сојуз со Карло од Валоа (1308 година). Овој договор Милутин го потврдил на Котража во Пијанец. Благодарение на теренските истражувања го убициравме Котража кај месноста "Селиште" во близина на Гладно Градиште и Брегалница во с.Драмче. Договорот не бил спроведен во дело и повторно биле воспоставени добрососедски односи помеѓу Византија и Србија.

До повторно нарушување на византиско-српските односи дошло во втората половина на 20-тите години на XIV век. Користејќи ја зафатеноста на Византија со внатрешните борби во текот на 1327 и 1328 година српските војски навлегле во Македонија и зазеле неколку градови и тврдини (Велес, Просек, Штип и Цреше).

Овој српски продор во Македонија предизвикал револт кај Византија и Бугарија. Овие две земји склучиле сојуз за заеднички акции против Србија. Нивната офанзива била запрена 1330 година кај Велбужд, каде што Бугарите претрпеле катастрофален пораз. Битката кај Велбужд го засе-гнала и Пијанец, бидејќи била водена во негова непосредна близина. По оваа битка српската власт во Пијанец била зацврстена.

Статусот на погранична област, што го имал Пијанец се променил со доаѓањето на власт на кралот Стефан Душан во Србија (1331-1355 година). Тој уште од почетокот си поставил за цел да ја истисне Византија од Балканот. По неговото продирање 1334 година кон Струмица и Јужна Македонија, Пијанец веќе не бил погранична област, а со тоа биле прекратени и секојдневните воени дејствија кои биле префрлени на Струмица, која станала погранична кон Византија.

Иако Србија во времето на Душан го достигнала својот најголем подем, сепак за Пијанец тоа немало влијание. Кон крајот на 30-тите години на XIV век, Пијанец заедно со

Струмица и околните места се отцепил од централната српска власт на чело со протосевастот Хрељa, кој формирал своја држава на тромеѓето меѓу Србија, Бугарија и Византија. Државата на Хреља била омеѓена со градовите Стоб, Штип и Струмица. Благодарение на своето искуство и мудрост Хреља успеал да се одржи на власт сѐ до декември 1343 година кога станал жртва на политичките игри, карактеристични за тој период. Спомен за себе покрај во народното творештво оставил и во изградбата на кулата и црквата во Рилскиот манастир. Црквата ја изградил во 1343 година за што сведочи и надвратниот натпис на современата црква што е подигната на истото место. Овој натпис дава и нова светлина во поглед на прашањето кога загинал Хреља. Тоа е во прилог на овние што сметаат дека Хреља умрел во декември 1343 година, за што зборува и неговиот надгробен натпис. Надгробната плоча од гробот на Хреља сега се чува во Музејот на Рилскиот манастир.

По исчезнувањето на Хреља неговата територија, заедно со Пијанец, била повторно вклучена во рамките на Српската држава. Крал Душан ги зазел со сила териториите што ги држел Хреља. Набргу потоа како феудален владетел во Пијанец се јавува Јован Оливер, кој со Пијанец владеел сѐ до 1355 г.

Со крунисувањето на Душан за цар на 16 април 1346 година била извршена и реорганизација на црквата. Во црковен поглед Пијанец влегол во составот на новоформираната Злетовска епископија, која, пак, била потчинета на Скопската митрополија. Злетовската епископија располагала со имоти во Пијанец, долж реката Брегалница од с.Илиово до с.Трабогивиште, каде што влегувале и црквите Св.Илија, Св.Никола, Св.Георги и Св.Богородица, кои исто така се наоѓале близу до реката Брегалница. Багодарение на теренските истражувања, прецизно се убицирани сите ниви, шуми, воденици, села, и други имоти што биле подарени на Злетовската епископија.

Со смртта на Цар Душан, во Србија дошла до израз сепаратистичката тенденција на одделни феудалци. Србија се претворила во арена на меѓусебни пресметки и непочитување на централната власт. Меѓу повеќето самостојни државички се појавила и државата на Дејанови, во чиј состав влегол и Пијанец. Според расположивите извори, оваа држава во првите години до Маричката битка била зависна од крал Волкашин. Според резултатите од истражувањето утврдивме дека основоположникот на оваа држава – Дејан, бил син на македонскиот војвода Жарко. Уште додека владеел Дејан дел од Пијанец околу реката Струма бил вклучен во неговата држава. По неговата смрт него го наследила сопругата Теодора со синовите Јован и Константин. За разлика од досегашните гледишта за потеклото на фамилијарното име на браќата Јован и Константин, овде го изнесуваме и новото гледиште, дека тие се од мешовит брак, татко Македонец, мајка Србинка, па според тоа нивното фамилијарно име треба да гласи Дејанови.

